**Магистерски стручен труд**

**УНИВЕРЗИТЕТ “ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ “ ШТИП**

Правен факултет, Штип

Студиска програма : 4+1 Применета политика и дипломатија

## *Наслов на темата*

***Вредностите и принципите на евроинтеграцијата и***

***проширувањето на Европската унија***

Име и презиме: Ментор

Анита Крстеска Проф.д-р. Ана Никодиновска
Број на индекс 207254

**СОДРЖИНА**


**ВОВЕД**......................................................................................................3

**ГЛАВА 1.Европска унија - ретроспектива и развој**.......................................5

1.1.Создавање на заедницата...................................................................6

1.2.Етаблирање на концепт за стратегија и развој...................................10

1.3.Институционална структура на заедницата.......................................14

1.3.1.Органи и тела.....................................................................................14

1.3.1.1 Врховен орган...................................................................................14

1.3.1.2.Други институции................................................................................16

1.4.Институционална структура Европската унија..................................19

1.4.1.Европски парламент............................................................................19

1.4.2.Европски совет.....................................................................................22

1.4.3.Совет на Министри...............................................................................23

1.4.4.Европска комисија................................................................................26

1.4.5.Суд на правдата на ЕУ..........................................................................28

1.4.6.Специјализирани судови.......................................................................30

1.4.7.Европска централна банка...................................................................31

1.4.8.Ревизорски суд......................................................................................32

1.5.Правото на заедницата...........................................................................33

**ГЛАВА 2 Евроинтеграција**..........................................................................41

2.1.Поим и историска рамка на евроинтеграцијата...................................41

2.2.Евроинтеграција и интеграционен развој на заедницата..................43

2.3.Ретроспектива........................................................................................45

2.4.Унијата и нејзиниот интеграционен капацитет....................................47

2.5.Принципи за водење напреговори од страна на Европската унија..51

2.6.Принципи..................................................................................................54

2.7.Предизвици..............................................................................................56

**ГЛАВА 3. Проширување**..................................................................................57

3.1.Поим и значење........................................................................................57

3.2.Особености на процесот на проширување...........................................58

3.3.Услови и критериуми за членство.........................................................62

3.3.1.Политички критериуми.........................................................................64

3.3.2.Економски критериуми.........................................................................65

3.3.3.Acquise Communataire - легислативата на Европската унија.........67

**ГЛАВА 4. Евроинтеграција и проширувањето**..............................................68

4.1. Општествено-политичка детерминанта на евроинтеграцијата........69

4.2.Потреба од проширување или предизвик...........................................73

4.3.Последици од проширувањето за земјите членки..............................74

4.3.1.Позитивни трендови..............................................................................77

4.3.2.Негативни трендови...............................................................................88

4.3.3.Предизвици............................................................................................95

**ЗАКЛУЧОК**.........................................................................................................104

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**............................................................................107

**КРАТЕНКИ**.........................................................................................................110

**ЗАКЛУЧОК ОД АНКЕТНО ИСТРАЖУВАЊЕ**...................................................111

# ВОВЕД

Европската унија претставува единствена интеграција на суверени европски земји, кои решиле да делат заедничка иднина и да здружуваат дел од својот национален суверенитет. Земјите, членки на ЕУ, дел од своите овластувања за донесување на одлуки, им го делегираат на европските институции што ги имаат создадено, за да можат да ги донесуваат одлуките за специфични работи од заеднички интерес по на ниво на Европа.

Трудот ќе ја оствари замислата за еден академски, посветен и темелен пристап кон основната тема  и кон реализирање на целта за претставување на евроинтеграцијата како процес и проширувањето како дополнителна компонента  со која се содздаваат сите вредности почитувајќи ги принципите на двата процеса.

Европската унија претставува суштински дел од политичкиот живот на Европа. Нејзините задачи, обврски и надлежности опфаќаат се поголем спектар на политички, економски и социјални теми.

Имено, европската интеграција заслужува најголемо внимание како успешен проект и процес за мирно регулирање на конфликти и остварување на одржлив мир. Терминот, одржлив мир ја истакнува позицијата на ЕУ во однос на целите, наместо на симптомите на конфликтите и насилството.

Одржливиот мир се дефинира како истовремено инволвирање на краткорочното решавање на проблемите и долгорочните структурални решенија за превенција од конфликтите, преку интеграција на безбедносните потреби на човекот и промоцијата на доброто глобално владеење.

Целта на овој труд во содржинска и компактна форма е да се презентира идејата за формирањето на Европската унија и начинот на функционирањето и одржливоста во сите сфери на општественото живеење и дејствување, да се создаде заедничко европско семејство на наднационална основа и покрај многуте различности.

Анализата на трудот ги потенцира основните вредности на евроинтеграцијата и проширувањето како исклучително значајни процеси кои се случуваат повеќе од шест децении и ја дефинираат формата и функцијата на Унијата.

Во оваа смисла, една од поентите е да се елаборира и истражува Унијата преку историската димензија со сите попатни обележја и карактеристики. Идејата е да се дефинира Унијата со нејзината суштинска компонента во процесот на севкупното демократско одлучување на институциите и е израз на остварување на правото.

Правниот поредок создаден од ЕУ, веќе стана востановена компонента на нашиот политички живот и на општеството. Секоја година, врз основа на спогодбите на Унијата, се донесуваат илјадници одлуки со клучно влијание врз земјите-членки на ЕУ и врз животот на нивните граѓани. Одамна луѓето не се само граѓани на својата земја, град или регион, тие се и граѓани на Унијата. Дури и да е само оваа причина, од клучна важност е тие да се запознаени со правниот поредок што се одразува врз нивното секојдневие.[1]

---

[1]П.Крег и Г. де Бурка (2010*),Право на ЕУ: текстови, случаи и материјали*", Скопје, Магор

*Клаус-Дитер Боршарт (2010), „* АБВ на правото на Европската Унија"Луксембург (EUROAPAVONAbisZ)Европа од А до Ш, Институт за европска политика

## ГЛАВА 1.

## ЕВРОПСКАТА УНИЈА - ретроспектива и развој

Секоја година врз основа на спогодбите на Унијата, се донесуваат илјадници одлуки со клучно влијание врз земјите-членки на ЕУ и врз животот на нивните граѓани. Одамна луѓето не се само граѓани на својата земја, град или регион, тие се и граѓани на Унијата. Дури и да е само оваа причина, од клучна важност е тие да се запознати со правниот поредок што се одразува врз нивното секојдневие.

Се до некоја година по крајот на Втората светска војна, концептот за држава и политички живот се развиваа речиси исклучиво врз основа на националните устави и закони. Врз таа основа, се создаваа правила на однесување што беа задолжителни не само за граѓаните и партиите во нашите демократски држави, туку и за државата и за нејзините органи.

Како да требаше да дојде до целосен колапс на Европа, и до нејзин политички и економски пад за да се создадат услови за нов почеток и да и се даде свеж импулс на идејата за нов европски поредок. Севкупно, движењата кон здружување на Европа по Втората светска војна создадоа збунувачка мешавина на многубројни и комплексни организации за кои е тешко да се води евиденција.

Една од групите на европски организации е ЕУ. Карактеристична е што е сосема нова во ЕУ и со тоа, таа се разликува од вообичаениот вид меѓународни здруженија на држави. Земјите-членки и имаат отстапено некои од своите суверени права на ЕУ и и ја имаат дадено на Унијата моќта да дејствува независно. При вршењето на овие овластувања, ЕУ може да издава суверени акти што имаат иста сила како законите во поединечните држави.

## 1.1.Создавање на заедницата

Камен-темелникот на ЕУ го постави тогашниот француски министер за надворешни работи, Роберт Шуман, во својата декларација од 9 мај 1950 година, во којашто го изложи планот што го разработи заедно со Жан Моне, да се обединат индустриите за јаглен и челик на Европа и да се создаде Европската заедница за јаглен и челик. Ова, изјави тој, би претставувало историска иницијатива за организирана и витална Европа којашто е незаменлива за цивилизацијата и без која не би можел да се одржи светскиот мир. Шумановиот план, конечно, стана стварност, со потпишувањето на основачката Спогодба на Европската заедница за јаглен и челик (ЕЗЈЧ) од страна на шесте држави - основачи.

Шумановата декларација од 9. мај 1950 година (подоцна познат како Ден на Европа) се случи по две средби на Кабинетот. Предлогот стана францускавладина политика. На тој начин, француската влада беше првата која се согласи да го сподели и зајакнува суверенитетот во една наднационална заедница. Оваа одлука се базира на текст, напишан и уреден од страна на пријателот и колега на Шуман, правникот од Министерството за надворешни работи, Паул Ројтер со помош на Жан Моне и шефот на Кабинетот на Шуман, Бернард Клапиер. Тој изложи план, Европската заедница да ги здружи јагленот и челикот на нејзините членки во заеднички пазар.

Шуман предложи *француско-германското производство на јаглен и челик, како целина,да се стави под еден заеднички врховен орган, во рамките на една организација отворена за учество на другите земји на Европа.* Таквиот чин беше наменет да го помогне економскиот раст и да го зацврсти мирот меѓу Франција и Германија, кои беа историски непријатели. Јагленот и челикот беа многу важни ресурси потребни за една земја да води војна, па здружувањето на овие ресурси, меѓу такви непријатели, беше повеќе од симболично. На одлуката на Француската влада за неговиот предлог, Шуман гледаше како на прв пример за демократска и наднационална заедница, и нов развој во историјата на светот.

Шумановата декларација која ја создаде ЕЗЈЧ имаше неколку различни цели:

- Да го одбележи раѓањето на обединета Европа
- Да ја направи војната меѓу земјите-членки невозможна
- Да го охрабри светскиот мир
- Да ја трансформира Европа преку процес „чекор-по-чекор” (создаден преку секторски наднационални заедници), кој ќе доведе до демократско обединување на Европа, вклучувајќи ги и Источна и Западна Европа, одделени со железната завеса
- Да ја создаде првата светска наднационална институција
- Да ја создаде првата светска меѓународна анти-картел агенција
- Да создаде единствен пазар во заедницата
- Почнувајќи од секторот за јаглен и челик, да ја ревитализира целата европска економија преку слични процеси во заедницата

Најпрво, таа беше наменета за да се спречи понатамошната војна помеѓу Франција и Германија, и други држави, преку отстранување на причината за војната. ЕЗЈЧ првенствено беше замислена за Франција и Германија.Зближувањето на европските нации овозможува отстранување на прастарата опозиција помеѓу Франција и Германија. Секоја преземена активност, најнапред, мора да се однесува на овие две земји. Како најважни за производството на муниција, Шуман верувал дека со обединувањето на индустриите за јаглен и челик во Франција и Германија во иновативен наднационален систем кој исто така, ја вклучувал и Европската анти-картел агенција,  војната ќе ја направи не само незамислива туку и материјално невозможна.

Во Западна Германија, Шумановата декларација ги зачува најблиските контакти со новата генерација на демократските политичари. Карл Арнолд, премиерот на Северна Рајна-Вестфалија, покраината во која беше вклучено производството на јаглен и челик на Рур, првично беше портпарол на германското Министерство за надворешни работи. Тој одржа голем број на говори и емисии за наднационална заедница за јаглен и челик во исто време кога Роберт Шуман, почна да ја предложува оваа заедница во 1948 и 1949

година. Социјал-демократската партија на Германија, и покрај поддршка од синдикатите и другите социјалисти во Европа, одлучи дека ќе се спротивстави на планот на Шуман. Личната недоверба на Курт Шумахер во Франција, капитализмот, и со исклучок на Конрад Аденауер, тој тврдеше дека фокусот на интеграцијата на „Мала Европа на шестте" ќе ја замени примарната цел на СДП за повторно обединување на Германија и на тој начин ќе ги поттикне ултра-националистичките и комунистичките движења на Западот. Тој, исто така, сметаше дека ЕЗЈЧ ќе стави крај на сите надежи за национализација на индустријата за челик и ќе ја претвори во Европа од „картели, службеници и конзервативци." Помладите членови на партијата како Карло Шмид, беа, сепак, на страната на Заедницата и укажаа на долга социјалистичка поддршка за наднационалната идеја.

Во Франција, Шуман доби силна политичка и интелектуална поддршка од сите делови на нацијата и многу не-комунистички партии. Забележителни меѓу овие беа министерските колеги Андре Филип и Едуард Бонефас, претседател на Комитетот за надворешни односи, и поранешниот премиер, Пол Рејнад. Проектите за власта за јаглен и челик и други наднационални заедници беа формулирани во специјализирани поткомитети на Советот на Европа, во периодот пред тоа да стане француска владина политика. Шарл де Гол, кој тогаш беше надвор од власт, беше ран поддржувач на „поврзувањата"меѓу економиите, под француски услови, и зборуваше за „Европска конфедерација", која ќе ги искористи ресурсите на Рур во 1945 година. Сепак, тој се спротивстави на ЕЗЈЧ како faux (лажно) здружување („le pool, ce faux semblant "), бидејќи го сметаше за незадоволувачки „нецелосен пристап" кон Европско единство и сметаше дека француската влада „е преслаба" да доминира со ЕЗЈЧ како што тој сметаше дека треба. Де Гол, исто така, мислеше дека ЕЗЈЧ нема доволна наднационална власт, бидејќи Собранието не беше ратификувано со Европски референдум и тој не го прифаќаше тврдењето на Рејмонд Арон дека ЕЗЈЧ е наменета за оддалечување од доминацијата на САД. Следствено, Де Гол и неговите следбеници во Сојузот на францускиот народ гласаа против ратификацијата во Долниот дом на францускиот Парламент.

И покрај ваквите напади и на оние од екстремната левица, ЕЗЈЧ пронајде значителна јавна поддршка и беше основана. Таа доби силно мнозинство на гласови во сите единаесет комори на парламентите на Шесте држави, како и одобрување помеѓу здруженијата и Европското јавно мислење. Во 1950 година, многумина мислеа дека е неизбежна уште една војна. Сепак, интересите за челик и јаглен беа сосема едногласни во нивната спротивност. Советот на Европа, создаден на предлог на првата влада на Шуман во мај 1948 година, помогна јасно да се изрази Европското јавно мислење и на Заедницата и даде позитивна поддршка.

Договорот од Париз, составен од 100 членови, со кој беше основана ЕЗЈЧ, беше потпишан на 18 април 1951 година од страна на „внатрешните шест”: Франција, Западна Германија, Италија, Белгија, Луксембург и Холандија. ЕЗЈЧ беше прва меѓународна организација заснована врз наднационални принципи и, преку воведување на заеднички пазар за јаглен и челик, имаше за цел да ги развие економиите, да ја зголеми вработеноста, како и да го подигне животниот стандард во рамките на Заедницата. Пазарот, исто така, беше наменет за постепена рационализација на распространетоста на висококвалитетното производство, додека се осигуруваше стабилноста и вработувањата. Заедничкиот пазар за јаглен беше отворен на 10 февруари 1953 година, а за челик на 1 мај 1953.

По стапување во сила, ЕЗЈЧ постепено ја замени Меѓународната власт за областа Рур. На 11 август 1952 година, САД беше првата земја (со исклучок на членовите на ЕЗЈЧ) која ја призна Заедницата и изјави дека сега ќе тргува со ЕЗЈЧ кога станува збор за јаглен и челик, основајќи своја делегација во Брисел. Претседателот Моне на ова одговори со изборот на Вашингтон Д.С. како место на првото надворешно присуство на ЕЗЈЧ. Насловот на првиот извештај на делегацијата гласеше „Кон Сојузната влада на Европа”.

Шест години по Договорот од Париз, Римските договори беа потпишани од страна на шесте членови на ЕЗЈЧ, креирајќи ја Европската економска заедница (ЕЕЗ) и Европската заедница за атомска енергија (ЕЗАЕ или „Евроатом”). Овие заедници, со одредени прилагодувања, беа засновани врз ЕЗЈЧ. Римските договори требаше да бидат во сила на неодредено време, за разлика од Договорот од Париз, кој требаше да истече по педесет години. Овие

две нови заедници, секоја посебно, работеа на создавањето на царинска унија и на заедница за нуклеарна енергија. Договорите од Рим беа избрзани, навреме, пред Де Гол да ја преземе власта и да ја прогласи Петтата Република. И покрај неговите напори да ги „задуши” заедниците, нивните полиња брзо се проширија и ЕЕЗ стана најважен инструмент за политичко обединување, засенувајќи ја при тоа ЕЗЈЧ.[2]

## 1.2.Етаблирање на концепт за стратегија и развој

Унијата низ договорите

- *Ница и Амстердам*

Договорите од Амстердам и Ница стапија на сила на 1 мај 1999 година, односно, на 1 февруари 2003 година. Стремеж на овие реформи беше да се зачува капацитетот на ЕУ за успешно функционирање во Унијата проширена од 15 на 27 или повеќе членки. Оттука, двете спогодби се фокусираа на институционалните реформи, и во споредба со претходните реформи, политичката волја да се продлабочи европската интеграција во Ница беше релативно слаба. Критиките што следуваа од неколку страни резултираа со почеток на дебата за иднината на ЕУ и за нејзиното институционално устројство. Како резултат на тоа, на 5 декември 2001 година во Лакен (Белгија), шефовите на држави или влади усвоија Декларација за иднината на Европската унија, во која ЕУ се обврзува да стане подемократска, потранспарентна и поделотворна, и да го отвори патот кон создавање устав. Првиот чекор кон постигнувањето на оваа цел беше направен со основањето на Европската конвенција, на која претседаваше поранешниот претседател на Франција, Валери Жискар д Естен, со задача да подготви европски устав. На 18 јули 2003 година претседавачот, од името на конвенцијата, официјално го поднесе нацртот на спогодбата, подготвен одконвенцијата, до претседателот на Европскиот совет. Шефовите на влади на 17 и 18 јули во Брисел го усвоија овој нацрт, со некои амандмани, по пристапувањето во членство на 10 нови земји-членки на 1 мај 2004 година и изборите за Европскиот парламент кон

[2]Г. Илиќ, (2011), *Вовед во правото на Европската Унија*”, Битола,

*Клаус-Дитер Боршарт (2010), „* АБВ на правото на Европската Унија“Луксембург

средината на јуни 2004 година. Намерата беше дотогашните ЕУ и Европската заедница со уставот да се претворат во нова единствена ЕУ, заснована врз единствена уставна спогодба. Само Европската заедница за атомска енергија требаше и понатаму да постои како одделна заедница , иако и понатаму ќе беше тесно поврзана со Европската заедница.[3]

Сепак, овој обид за устав пропадна во процесот на ратификација. Откако почетните гласања беа позитивни во 13 од 25 земји-членки, беше одбиен на референдумите во Франција (54,68% против, со излезност од 69,34%) и Холандија (61,7% против, со излезност од 63%) По период на размислување од речиси две години, во првата половина на 2007 година беше покренат нов пакет на реформи. Овој пакет на реформи претставуваше чекор напред кон идејата за европски устав со кој ќе се укинат сите постојни спогодби и ќе се заменат со единствен текст наречен „Спогодба за основање Устав на Европа“. Наместо ова, беше подготвена реформската спогодба, која, како и спогодбите од Мастрихт, Амстердам и Ница пред неа, воведе коренити промени во постојните спогодби на ЕУ ,со цел, да се зајакне капацитетот на ЕУ да дејствува во рамките на Унијата и надвор од неа, да го зајакне својот демократски легитимитет и да ја засили севкупната ефикасност на дејствувањето на ЕУ. Согласно традицијата, оваа реформска спогодба беше наречена Спогодба од Лисабон.

- *Мастрихт*

Создавањето на ЕУ преку Договорот од Мастрихт означи уште еден чекор на патот кон политичко обединување на Европа. Иако Договорот беше потпишан во Мастрихт на 7 февруари 1992 година, многубројните пречки во процесот на ратификација (одобрување од народот на Данска дури по втор референдум; правна постапка во Германија за одобрението на Парламентот за Спогодбата да се прогласи за неуставна, значеа дека таа не стапи во сила се до 1 ноември 1993 година. Во Спогодбата пишуваше дека таа е нова фаза во процесот на создавање на уште поблиска унија меѓу народите од Европа. Таа

[3] Г. Илиќ, (2011), *Вовед во правото на Европската Унија*”, Битола,

*Клаус-Дитер Боршарт (2010), „* АБВ на правото на Европската Унија“Луксембург

С.Георгиевски (2008), „*Вовед во правото на Европската унија*“, Скопје,

го содржеше инструментот со којшто почна да се воспоставува Европската унија, иако не го доведе процесот до завршница. Ова беше прв чекор на патеката што на крајот доведе до европски уставен систем.

- *Лисабон*

Спогодбата беше подготвена невообичаено брзо, главно поради фактот што самите шефови на држави или влади, во заклучоците на состанокот на Европскиот совет на 21 и 22 јуни 2007 година во Брисел, детално утврдија како и во колкава мера да се вградат во постојните спогодби промените за кои беше преговарано на Меѓувладината конференција од 2004 година.. Нивниот пристап беше невообичаен во смисла на тоа дека тие не се ограничија на општи насоки што потоа требаше да ги спроведе некоја меѓувладина конференција, туку самите ги подготвија структурата и содржината на претстојните промени, па дури, честопати ја дефинираа и прецизната формулација на некоја одредба. Главни спорни точки беа разграничувањето на надлежностите меѓу Унијата и земјите-членки, иднината на заедничката надворешна и безбедносна политика, новата улога на националните парламенти во процесот на интеграција, вградувањето на Повелбата за фундаменталните права во правото на Унијата и можниот напредок во сферата на полициската и судската соработка за кривични прашања.[4]

Како резултат на тоа, меѓувладината конференција свикана во 2007 година, имаше мал маневарски простор и беше овластена само технички да ги спроведе бараните промени. Работата на меѓувладината конференција беше завршена на 18 и 19 октомври 2007 година и таа доби политичка поддршка од Европскиот совет, кој истовремено неформално се состануваше во Лисабон. Конечно,Спогодбата формално ја потпишаа шефовите на држави или влади на 27-тееземји-членки на ЕУ на 13 декември 2007 година во Лисабон.Сепак, процесот на ратификација за оваа спогодба се покажа исклучително тежок.

Иако Спогодбата од Лисабон, за разлика од Спогодбата со која се

[4]Г. Илиќ, (2011), *Вовед во правото на Европската Унија*", Битола,

*Клаус-Дитер Боршарт (2010), „* АБВ на правото на Европската Унија"Луксембург

С.Георгиевски (2008), „*Вовед во правото на Европската унија*", Скопје,

воспоставува Уставот на Европа, беше успешно ратификувана во Франција и во Холандија, таа првично наиде на препрека со првиот референдум воИрска на 12 јуни 2008 (53.4 % против, со излезност од 53.1 %). Дури по многу правни гаранции за ограничениот опфат на новата спогодба, во октомври 2009 ирските граѓани беа повикани да гласаат на вториот референдум за Спогодбата од Лисабон. Овојпат Спогодбата доби широка поддршка одирското население (67.1 % за, со излезност од 59 %). Успехот на референдумот во Ирска отвори пат и за ратификација на Спогодбата од Лисабон во Полска и во Чешката Република. Во Полска, претседателот Качински го услови потпишувањето на инструментот за ратификација со успешен исход на ирскиот референдум. Чешкиот претседател Вацлав Клаус, исто така првично сакаше да го почека ирскиот референдум, но подоцна го услови својот потпис на инструментот за ратификација со гаранција дека „Уредбите Бенеш“ од 1945 година, кои не дозволуваат побарувања за сопственост на земјиште во областите на Република Чешка што претходно биле германски, ќе останат недопрени од Спогодбата од Лисабон, а особено од Повелбата за основнитеправа вградена во Спогодбата за ЕУ. Откако беше најдено решение за овабарање, чешкиот претседател го потпиша инструментот за ратификација на3 ноември 2009 година. Со тоа, процесот на ратификација беше завршен и во последната од 27-те земји-членки и Спогодбата од Лисабон можеше да стапи во сила на 1 декември 2009 година.[5]

Спогодбата од Лисабон ги спојува Европската унија и Европската заедница во единствената Европска унија. Зборот „заедница“ насекаде е заменет со зборот „унија“. Унијата ја заменува и ја наследува Европската заедница.

[5]Г. Илиќ, (2011), *Вовед во правото на Европската Унија*”, Битола,

*Клаус-Дитер Боршарт (2010), „* АБВ на правото на Европската Унија“Луксембург

С.Георгиевски (2008), „*Вовед во правото на Европската унија*“, Скопје,

## 1.3.Институционална структура на заедницата

Институциите на ЕЗЈЧ беа: Врховниот орган, Заедничкото собрание, Специјалниот совет на министри и Судот на правдата. Советодавен комитет беше формиран заедно со Врховниот орган, како петта институција која го претставува граѓанското општество. Ова беше прво меѓународно претставување на потрошувачите во историјата. Овие институции беа споени во 1967 година со оние на Европската заедница, која потоа управуваше со ЕЗЈЧ, освен со Комитетот, кој и натаму беше независен се до истекот на Договорот од Париз во 2002 година.[6]

Во Договорот е наведено дека локацијата на институциите ќе се реши со заедничка согласност на членовите, но сепак прашањето беше жестоко оспорено. Како привремен компромис, институциите беа привремено лоцирани во градот Луксембург, и покрај тоа што седиштето на Собранието беше во Стразбур.

### 1.3.1.Органи и тела

#### 1.3.1.1.Врховен орган

Врховниот орган (претходникот на Европската комисија) е деветчлен извршен орган кој управуваше со заедницата. Франција, Германија и Италија именуваа двајца членови на Органот и трите помали членови именува по еден. Овие осум членови, потоа, именува деветто лице да биде претседател на Врховниот орган.

---

[6]С.Георгиевски (2008), „*Вовед во правото на Европската унија*“, Скопје

Б. Ванковска, (2008) „*Институции на Европската унија*“, Филозофски факултет-Скопје,
П.Крег и Г. де Бурка (2010*),Право на ЕУ: текстови, случаи и материјали*“, Скопје, Магор
*Клаус-Дитер Боршарт (2010), „* АБВ на правото на Европската Унија“Луксембург

Како работи Европската унија“ - Прирачник за институциите на ЕУ наменет за граѓаните, Луксембург, Канцелари„ја за службени изданија на Европските заедници, 2003 година,

И покрај тоа што беа именувани со спогодба за заедничко делување на националните влади, членовите дадоа заклетва дека нема да ги претставуваат своите национални интереси, туку дека ќе ги бранат општите интереси на Заедницата во целост. Нивната независност беше потпомогната од страна на членовите со тоа што им беше забрането да имаат било какво занимање надвор од Органот или да имаат било какви бизнис интереси (платени или неплатени) и после три години откако ќе ја напуштат функцијата. Задополнително да се обезбеди непристрасност, една третина од членството требаше да се обновува на секои две години.[7]

Принципот на иновација на Врховниот орган беше неговиот наднационален карактер. Тој имаше широка област на компетентност, за да се обезбеди дека целите на договорот беа исполнети и дека заедничкиот пазар функционира без проблеми. Врховниот орган може да издава три вида на правни инструменти: одлуки, кои се целосно обврзувачки закони; препораки, кои имаат обврзувачки цели, но методите се оставени на земјите-членки; и мислења, кои немаат правна моќ.

До спојувањето во 1967 година, Врховниот орган имаше пет претседатели проследени со привремен претседател кој служел во последните денови.

---

[7]С.Георгиевски (2008), „*Вовед во правото на Европската унија*“, Скопје

Б. Ванковска, (2008) „*Институции на Европската унија*“, Филозофски факултет-Скопје,
П.Крег и Г. де Бурка (2010*),Право на ЕУ: текстови, случаи и материјали*“, Скопје, Магор
*Клаус-Дитер Боршарт (2010), „* АБВ на правото на Европската Унија“Луксембург

Како работи Европската унија“ - Прирачник за институциите на ЕУ наменет за граѓаните, Луксембург, Канцелари„ја за службени изданија на Европските заедници, 2003 година,

| **Претседател** | **Држава** | **Стапил на функција** | **Ја напуштил функцијата** | **Власт** |
|---|---|---|---|---|
| Жан Моне | Франција | 10 август 1952 | 3 јуни 1955 | Власта на Моне |
| Рене Мајер | Франција | 3 јуни 1955 | 13 јануари 1958 | Власта на Мајер |
| Пол Фине | Белгија | 13 јануари 1958 | 15 септември 1959 | Власта на Фине |
| Пиеро Малвестити | Италија | 15 септември 1959 | 22 октомври 1963 | Власта на Малвестити |
| Риналдо Дел Бо | Италија | 22 октомври 1963 | 6 јули 1967 | Власта на дел Бо |
| Алберт Копе | Белгија | Привремено | Привремено | Власта на Копе |

### 1.3.1.2.Други институции

Заедничкото Собрание (кое подоцна стана Европски парламент) беше составено од 78 претставници и извршуваше надзорни овластувања над извршниот Врховен орган. Претставниците на заедничкото Собрание требаше да бидат национални пратеници избирани секоја година од страна на нивните парламенти за Собранието, или директно избрани „'со универзалното право на глас'" (Член 21). Во пракса, тоа беше порано, бидејќи немаше услов за избори, се до Договорите од Рим, и не постоеле вистински избори се до 1979 година кога Рим побарал спогодба во Советот за изборниот систем во прв план. Сепак, со цел да се нагласи дека комората не е традиционална меѓународна организација составена од претставници на националните влади, Договорот од Париз го користеше терминот „*претставници на народите*". [8]Собранието не

[8]С.Георгиевски (2008), „*Вовед во правото на Европската унија*", Скопје
Б. Ванковска, (2008) „*Институции на Европската унија*", Филозофски факултет-Скопје,
П.Крег и Г. де Бурка (2010*),Право на ЕУ: текстови, случаи и материјали*", Скопје, Магор

беше првично наведено во планот на Шуман, поради тоа што постоеја надежи дека Заедницата ќе ги користи институциите (Собранието, Судот) на Советот на Европа. Кога ова стана невозможно, поради британските забелешки, мораше да бидат создадени посебни институции. Собранието беше наменето како демократска контратежа и надзор на Врховниот орган, да го советува, но и да има власт за отпуштање на Органот поради: некомпетентност, неправда, корупција или измама. Прв претседател (како и гласноговорник) беше Пол-Анри Спаак.

Специјалниот Совет на министри (еквивалент на сегашниот Совет на Европската унија) беше составен од претставници на националните влади. Секоја држава претседаваше со Претседателството во период од три месеци, ротирајќи меѓу нив по азбучен ред. Еден од неговите клучни аспекти беше усогласување на работата на Врховниот орган и на националните влади, кои сеуште беа одговорни за државните општи економски политики. Од Советот исто така се бараше да дава мислења за одредени области од работата на Врховниот орган. Прашањата поврзани само со јаглен и челик, беа единствено во доменот на Врховниот орган и во овие области Советот (за разлика од денешниот Совет) можеше само да делува како надзорник на Органот. Сепак, за области надвор од јагленот и челикот, беше задолжителна согласност од Советот.[9]

Судот на правдата требаше да обезбеди надзор на законот на ЕЗЈЧ како и толкување и примена на Договорот. Судот беше составен од седум судии, именувани со заедничка согласност на националните влади за шест години. Не постоеја услови дека судиите треба да бидат од одредена националност, едноставно дека тие се квалификувани и дека нема никакво сомневање за нивната независност. Судот беше потпомаган од два генерални адвоката.

---

*Клаус-Дитер Боршарт (2010), „* АБВ на правото на Европската Унија“Луксембург

[9]С.Георгиевски (2008), „*Вовед во правото на Европската унија*“, Скопје

Б. Ванковска, (2008) „*Институции на Европската унија*“, Филозофски факултет-Скопје,

П.Крег и Г. де Бурка (2010*),Право на ЕУ: текстови, случаи и материјали*“, Скопје, Магор

*Клаус-Дитер Боршарт (2010), „* АБВ на правото на Европската Унија“Луксембург

Како работи Европската унија“ - Прирачник за институциите на ЕУ наменет за граѓаните, Луксембург, Канцелари„ја за службени изданија на Европските заедници, 2003 година,

Советодавниот комитет (слично на економскиот и социјален комитет) имаше помеѓу 30 и 50 членови, подеднакво поделени помеѓу производителите, работниците, потрошувачите и дилерите во секторот за јаглен и челик. Повторно, немаше национални квоти, туку Договорот бараше од претставниците на европските асоцијации да ги организираат нивните сопствени демократски процедури. Тие требаше да постават правила за да го направат своето членство целосно „'застапувачки'" за демократски организираното граѓанско општество. Членовите беа назначени на две години и не беа обврзани со мандат или наредби од организациите кои ги именуваа. Комитетот имаше потполно собрание, биро и претседател. Повторно, потребните демократски процедури не беа воведени и номинацијата на овие членови остана во рацете на националните министри. Врховниот орган беше должен, во одредени случаи каде тоа беше соодветно, да се консултира со Комитетот и да го известува. Советодавниот комитет остана посебен (и покрај спојувањето на други институции) до 2002 година, кога Договорот истече и неговите должности беа преземени од страна на Економскиот и социјален комитет (ЕСК). И покрај неговата независност, Комитетот соработуваше со ЕСК кога тие беа консултирани за истото прашање.[10]

[10]С.Георгиевски (2008), „*Вовед во правото на Европската унија*", Скопје

Б. Ванковска, (2008) „*Институции на Европската унија*", Филозофски факултет-Скопје,
П.Крег и Г. де Бурка (2010*),Право на ЕУ: текстови, случаи и материјали*", Скопје, Магор
*Клаус-Дитер Боршарт (2010), „* АБВ на правото на Европската Унија"Луксембург

Како работи Европската унија" - Прирачник за институциите на ЕУ наменет за граѓаните, Луксембург, Канцелари„ја за службени изданија на Европските заедници, 2003 година,

### 1.4. Институционалната структура на Европската Унија

Унијата ќе има институционална рамка што ќе има цел да ги промовира нејзините вредности, да ги унапреди нејзините цели, да им служи нанејзинитеинтереси, на интересите на нејзините граѓани и на интересите наземјите-членки, и да обезбеди конзистентност, ефикасност и континуитет нанејзините политики и дејствување.

Институции на Унијата ќе бидат:

- Европскиот парламент ;
- Европскиот совет ;
- Совет на Министри;
- Советот;
- Европската комисија ;
- Европскиот суд на правдата ;
- Европската централна банка ;
- Ревизорскиот суд.

Секоја институција ќе дејствува во рамките на ограничувањатана надлежностите, зададени во договорите и во согласност сопроцедурите, условите и целите пренесени на нив. Институциите ќепрактикуваат заедничка отворена соработка.[11]

#### 1.4.1. Европски парламент

Европскиот парламент ги претставува народите од земјите-членки на ЕУ, спој на Заедничкото собрание на ЕЗЈЧ (Европска заедница за јаглен ичелик) Собранието на ЕЕЗ и Собранието на (ЕВРОАТОМ), кои се искомбинирани за да формираат „собрание“, согласно со Конвенцијата за одредени

---

[11]С.Георгиевски (2008), „*Вовед во правото на Европската унија*“, Скопје

Б. Ванковска, (2008) „*Институции на Европската унија*“, Филозофски факултет-Скопје,
П.Крег и Г. де Бурка (2010*),Право на ЕУ: текстови, случаи и материјали*“, Скопје, Магор
*Клаус-Дитер Боршарт (2010), „* АБВ на правото на Европската Унија“Луксембург

Како работи Европската унија“ - Прирачник за институциите на ЕУ наменет за граѓаните, Луксембург, Канцелари„ја за службени изданија на Европските заедници, 2003 година,

заедничкиинституции за европските заедници од 1957 година („првиот интеграцискидоговор“). Официјално, името не беше сменето во Европски парламент се додека Договорот за ЕЗ не беше заменет со Договорот за Европската унија, иако овој чекор многу малку се одрази на она што веќе беше општа практика уште од времето кога самото собрание си го промени името во Европски парламент во 1958 година.

Европскиот парламент има 754 места од стапувањето на Лисабонскиот договор во сила, на 1 декември 2009 година. Ова го надминува максимумот од 751 член поставен во ДЕУ (член 14(2)), но мора да се прифати за законодавниот период 2009-14, бидејќи членовите на Парламентот избрани во јунине можат да ги загубат своите места. Сепак, максималниот број на членовите мора да биде проширен до следните избори во 2014 год.

Главната улога на Парламентот е создавањето различни иницијативи за развој на политиките на заедницата. Парламентот е, исто така, надзорен орган, бидејќи тој е овластен да го одобри именувањето на Европската комисија и да ја распушти по предлог поддржан со двотретинско мнозинство. Парламентот гласа за програмата на Комисијата и го следи секојдневното управување со европските политики, особено преку поставување усни и писмени прашања до Комисијата и до Советот.

Парламентот може да формира анкетни комисии, кои ги разгледуваат жалбите на граѓаните на унијата упатени на адреса на парламентот. Договорот за Унијата го овластува Парламентот да именува Европски Омбудсман, кој постапува по жалбите во случаи на лоша администрација на активностите на институциите на Унијата.

Парламентот и Советот заедно го сочинуваат телото кое е одговорно за буџетот. Парламентот го донесува годишниот буџет и заедно со Судот на ревизори надгледува како Комисијата располага со буџетот. При тоа, секоја година дава мислење како таа располагала со средствата од буџетот во минатата година. Овој процес е познат под терминот „доделување на позитивна оцена“.

Процесот на формулирање на законодавството на Унијата се одвива на три нивоа: Комисијата ги предлага законодавните инструменти, а Парламентот и Советот го делат правото за нивното донесување.

Бидејќи секојчлен од некоја густо населена земја-членка претставува повеќе граѓани одошто секој член од земја со помала популација, местата во парламентот им седоделени на земјите-членки така што ниедна земја со помала популација данема повеќе пратенички места од некоја земја со поголема популација. Какоопшто правило, минималниот број на пратеничките места по земја-членка ешест, а максимумот 96, но поради задоцнетото стапување на Лисабонскиот договор во сила, беше направен исклучок за Германија во законодавниот период 2009-14, со тоа што ѝ беше дозволено да ги задржи 99-те членови (пратениците избрани во јуни 2009 година не можеа да ги загубат своите места поради стапувањето на Лисабонскиот договор во сила).Точниот состав допрва треба да биде одреден од Советот. Ова требаше дабиде завршено навреме, пред директните избори за Европскиот парламентво јуни 2009. Сепак, бидејќи Лисабонскиот договор не стапи во сила предизборите во јуни 2009, новите правила за составот на Европскиот парламентне можеа да се применат за законодавниот период 2009-14. Наместо тоа,распределбата на местата што резултираше по пристапувањето на Бугарија и Романија се одрази на овие избори за Европскиот парламент. Пред да стапиво сила Лисабонскиот договор на 1 декември 2009, бројот на пратениците порасна за 18 и стаса до 754, со новите членови што доаѓаат од 12 различниземји-членки.

Парламентот има демократски легитимитет и може вистински да ги претставува граѓаните на земјите-членки на ЕУ.Но самото постоење на директно избран парламент не може да ги задоволи основните барања за демократски состав, кој подразбира дека сите јавнивласти мора да произлезат од народот. Тоа не значи само дека процесот надонесување одлуки мора да биде транспарентен и дека институциите штоги носат одлуките мора да се репрезентативни; потребна е и парламентарна контрола, а Парламентот мора да им даде легитимитет и на институциите на Унијата што се вклучени во процесот на донесување одлуки. Надлежностите за надгледување што ги има

Европскиот парламент исто такасо текот на времето значително се зголемија. Тие главно се практикуваат преку фактот што Комисијата мора да му одговара на Парламентот, да ги бранисвоите предлози пред него и да го изложи годишниот извештај за активностите на ЕУ на дебата. Парламентот може со двотретинско мнозинство на своитечленови да изгласа недоверба и со тоа да ја принуди Комисијата како тело даподнесе оставка.

Европскиот совет одлучил седиштето на Парламентот да биде во Стразбури со тоа завршил привремениот статус на аранжманот, кој траел 30 години.

### 1.4.2. Европски совет

Европскиот совет ги одредува генералните политички насоки и приоритети на Европската унија. Со стапувањето во сила на Лисабонскиот договор на 1 декември 2009 година, Европскиот совет стана една од седумте официјални институции на Унијата. Европскиот совет се состанува два пати во шест месеци, вообичаено во Брисел.

Актуелен претседател на Советот е Херман Ван Ромпуј. Мандатот на претседателот е две и пол години, со право на еден реизбор.

Согласно членот 15 од Договорот за Европската унија (прв дел од Лисабонскиот договор) Европскиот совет го обезбедува потребниот стимул за развој на Унијата и определува генерални политички насоки и приоритети. Советот нема законодавна функција.

Составен е од шефови на држави и претседатели на влади на земјите членки на ЕУ, а во неговата работа учествуваат и претседателиот на Европскиот совет, претседателот на Европската комисија, како и Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика.

Освен ако со договорите на ЕУ не е предвидено поинаку, Европскиот совет одлуките ги донесува со консензус. Советот, во одредени случаи дел од одлуките ги донесува едногласно или со квалификувано мнозинство. Европскиот совет го избира својот претседател со квалификувано мнозинство.

Европскиот совет е формиран во 1974 година со цел да се воспостави неформален форум за дискусија меѓу шефовите на држави и претседатели на влади. Во 1992 година Советот стекна формален статус, со Договорот од Мастрихт беше дефинирана неговата функција - движечка сила на Унијата и определување на генерални политички насоки за нејзиниот развој.

Функционирањето на Европскиот совет е координирано од страна на неговиот Претседател, кој е одговорен за свикување и водење на состаноците на Европскиот совет, како и за спроведувањето на неговата работа. Претседателот на Европскиот совет ја претставува Унијата во надворешниот свет. Заедно со Високиот претставник на ЕУ за надворешни работи и безбедносна политика, тој или таа ги претставува интересите на Унијата во областа на надворешните работи и безбедноста. Претседателот е избран од страна на Европскиот совет со мандат од две и пол години и можност за еден реизбор. Претседателствувањето на Европскиот совет бара целосно работно време, Претседателот не може во исто време да има функција во својата држава.

Повеќето свои одлуки Европскиот совет ги донесува по пат на консензус. Но во неколку случаи се применува квалификувано мнозинство, како на пример при изборот на неговиот Претседател или назначувањето на Комисијата и на Високиот претставник на ЕУ за надво- решни работи и безбедносна политика. Во случаите кога Европскиот совет ги донесува своите одлуки по пат на гласање, може да гласаат само шефови- те на држави или на влади. Секретаријат На Европскиот совет му помага Генералниот секретаријат на Советот.

### 1.4.3. Совет на Министри

Советот на министри е исклучително моќна институција на Европската Унија, примарно тело за донесување одлуки. Формално Советот на Европската Унија е водечко одлучувачко тело на Европската Унија. Неговото седиште е во Брисел и самостојно или заедно со Парламентот одлучува за усвојување на

законодавството на Европската Унија и ја дефинира формата на усвојувањето. Во основа Советот има задача да воспостави потесна врска помеѓу земјите членки заради заштита и унапредување на идеалите и начелата, заедничкото наследство и економскиот и општествениот систем во целина

Својата функција Советот ја насочува кон развој и почитување на начелата на функционирањето на правната држава во Европа. Структурата на Советот може да биде обврзувачка поради тоа што нема постојан состав или постојано членство. Во Договорите за заедницата се нагласува значењето и функцијата на еден Совет, но, всушност, станува збор за Совет составен од различни министри.

Претседавањето со Советот наизменично го преземаат земјите на Европската Унија, секоја со мандат од шест месеци врз принципот на ротација. Земјата претседавач со Советот е одговорна за содржината и организацијата на целокупната работа. Во својство на претседавач, земјата поднесува детален план на работата, ги дефинира заедничките приоритети и договорената агенда на Европската Унија којашто треба да се обработи, согласно утврдената динамика, во точно определен временски рок. Исто така, земјата претседавач има полна одговорност за свикување и раководење со седниците од разни нивоа и ја има примарната одговорност за координација на надворешната политика на Европската Унија. Меѓу останатото, основна задача на Советот е негување на сите придобивки кои се остваруваат врз принципот на консензус, силен механизам во донесувањето на одлуки.

Генерално, Советот се состои од министрите за надворешни работи на 28-те земји членки и на секоја седница на Советот присуствува по еден министер од секоја земја членка, уредно овластен да настапува во име на својата влада. Дневниот ред го одредува и присуството на ресорниот министер. Така на пример, ако станува збор за прашања од доменот на надворешна политика, присуствуваат министрите за надворешни работи од земјите членки, а ако на агендата се прашања од земјоделство, тогаш учествуваат ресорните министри за земјоделство. Советот на министри се состанува по потреба, во зависност од областа која се третира, ургентноста за решавање и одлучување. Советот во некој од различните состави се состанува

на секои два дена. На пример, министрите на Советот за земјоделство, Економскиот и финансискиот Совет-Екофин се состануваат најмалку еднаш месечно. Другите Совети се состануваат еднаш до шест-пати годишно. Примарната задача на министрите е да се согласат околу законодавството предложено од Комисијата.

Во рамките на Советот, постојат девет различни структури со кои се покриваат сите различни области на политики, меѓу кои и индустријата, сообраќајот, животната средина, енергетиката, науката и истражувањето и др. Структура со најширок опфат е онаа за општи прашања и надворешни односи. Оваа форма ги обединува министрите за надворешни работи, кои се занимаваат со општи прашања поврзани со нови политички иницијативи и координација, прашања поврзани за надворешните политички односи или исклучиво политички чувствителни прашања. Седниците на Советот ги подготвува Комисијата на постојани претставници (Корепер) составена од амбасадорите на земјите членки во Европската Унија, во што ѝ помагаат службеници од министерствата на одделните земји.

Администрирањето на Советот ја врши мал секретаријат на чело со Генерален секретар со седиште во Брисел. Секретаријатот има моќна улога на посредник при договарање и постигнување на компромиси помеѓу претставниците на земјите членки.

За процедурални прашања се употребува просто мнозинство односно секоја земја членка има по еден глас за повеќето од работите на Заедницата.

Советот одлучува со квалификувано мнозинство. Овој вид на одлучување е препознатлив во случаите на усвојување на најголем дел на законодавството во врска со функционирањето на единствениот пазар и по предлозите наменети за имплементирање или објаснување на постоечките политики или законодавство. Во моментов Советот одлучува со квалификувано мнозинство, освен тогаш кога спогодбите бараат поинаква постапка, како на пример едногласност во областите како што се оданочувањето и надворешната политика. За прашања во врска со проширувањето на ЕУ во Советот мора да биде донесена едногласна одлука.

Советот на министри ги извршува следните задачи: - Советот и Европскиот парламент ја делат законодавната надлежност и одговорноста за буџетот; - склучува меѓународни спогодби за кои преговара Комисијата; - донесува одлуки за остварување на целите утврдени со договорот; - донесува прописи, врши пренесување на правото за спроведување на прописи на Комисијата и - ја усогласува економската политика на земјите членки.

### 1.4.4. Европска Комисија

Комисијата е предводена од претседател, кому му помагаат седум потпретседатели, вклучувајќи го високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика, како прв потпретседател. Со текот на времето, позицијата на претседателот во рамките на Комисијата, значително бешезајакната. Тој (или таа) повеќе не е „прв меѓу еднаквите“, туку ужива истакната положба преку тоа што Комисијата мора да работи „под политичкото водство“ на овој претседател. Оттука, претседателот има„овластувања да обезбеди водство“. Претседателот одлучува за внатрешнатаорганизација на Комисијата, со цел, да обезбеди дека таа дејствува доследнои ефикасно. Тој или таа, исто така, им доделува одговорности на комесарите иможе да го промени распоредот на тие одговорности за време на мандатот наКомисијата. Претседателот ги назначува потпретседателите и може да принуди некој член на Комисијата да поднесе оставка. Истакнатата позиција напретседателот исто така, се одразува и преку неговото или нејзиното членство во Европскиот Совет.[12]

Членовите на Комисијата мора да бидат избрани „врз основа на нивните способности“ и да бидат „целосно независни при извршувањето на нивнитезадачи“

[12]С.Георгиевски (2008), „*Вовед во правото на Европската унија*“, Скопје
Б. Ванковска, (2008) „*Институции на Европската унија*“, Филозофски факултет-Скопје,
П.Крег и Г. де Бурка (2010*),Право на ЕУ: текстови, случаи и материјали*“, Скопје, Магор
*Клаус-Дитер Боршарт (2010), „* АБВ на правото на Европската Унија“Луксембург
Како работи Европската унија“ - Прирачник за институциите на ЕУ наменет за граѓаните, Луксембург, Канцелари„ја за службени изданија на Европските заедници, 2003 година,

Седиштето на Европската комисија е во Брисел.

Основните задачи на членовите на Европската Комисија се: иницирање на законодавството на Унијата, надзор на придржувањето и соодветната примена на законите на ЕУ,  управување и спроведување на законодавството на ЕУ, како и претставување на Унијата во меѓународните организации.

Како извршно тело на Европската Унија, Комисијата е надлежна за менаџирањето и спроведувањето на буџетот, политиките и програмите на ЕУ што се усвоени од Парла- ментот и Советот. Поголем дел од работата и трошењето на буџетот го вршат националните и локалните власти, но Комисијата е надлежна за надгледувањето на тој процес.

Претседателот на Комисијата одлучува за распределбата на надлежностите за политиките меѓу одделните комесари, како и за прераспределбата на овие надлежности (доколку е неопходно) во текот на еден мандат на Комисијата. Претседателот, исто така, има право да бара оставка од комесарите. Тимот составен од 28 комесари (познат и како „Колеџот”) се среќава еднаш неделно, најчесто секоја среда, во Брисел. Секој од комесарите ја претставува точката на агендата што се однесува на неговата/нејзината политика, а Колеџот донесува заедничка одлука за неа. Вработените во Комисијата се организирани во оддели, познати како генерални директорати (ГД) и служби (какви што се правната служба и службата за превод). Секој генерален директорат е надлежен за одредена политика – на пример, постојат генерален директорат за трговија и генерален директорат за конкурентност – а нив ги раководи генерален директор, кој одговара пред еден од комесарите.

Всушност, генералните директорати ги развиваат и ги подготвуваат законските предлози на Комисијата, кои стануваат официјални во моментот кога Колеџот ќе ги „усвои” на еден од своите состаноци. Постапката изгледа вака: На пример, да претпоставиме дека Комисијата смета дека е потребно донесување закон на ЕУ за спречување на загадувањето на европските реки. Генералниот директорат за животна средина ќе подготви предлог, заснован врз опширни консултации со европските индустрии и фармери, со министрите за животна средина во земјите-членки и со организациите за заштита на животната средина. Честопати овие предлози се отворени за јавни консултации, со што им се овозможува на индивидуалните лица да го дадат

своето лично мислење или да го изразат мислењето на својата организација. За предложениот закон се дискутира со сите релевантни оддели на Комисијата и доколку е потребно, се прават негови измени. Потоа правната служба го проверува законот. По финализирањето на предлогот, Генералниот секретар го става предлог-законот на агендата на следниот состанок на Комисијата. На тој состанок Комесарот за животна средина им објаснува на своите колеги зошто се предлага дадениот закон, а потоа се води дискусија за него. Доколку се постигне согласност, Колеџот го усвојува предлогот и документот се испраќа до Советот и до Европскиот парламент на разгледување. Меѓутоа, доколку комесарите не се согласуваат за доставе- ниот предлог, Претседателот може да побара од нив да гласаат. Доколку мнозинството го прифаќа предлогот, тој се усвојува. Со тоа тој ја добива поддршката од сите членови на Комисијата.[13]

### 1.4.5. Судот на правдата на Европската унија

Судот на правдата во Заедницата е формиран во 1952 година, веднаш штом беше создадена првата заедница (ЕЗЈЧ). Во 1957 година стана судско тело и на другите две заедници (ЕЕЗ и Евроатом). Денес е судско тело на Европската унија.

Сега судската работа се одвива на три нивоа преку:

- Судот на правдата како највисока инстанца во правниот поредок на Заедницата ;
- Општиот суд ;
- Специјализирани судови што може да бидат назначени во Општиот суд за да одлучуваат за случаи во конкретни области

Судот на правдата,во моментов, се состои од 28 судии и осум генерални правобранители, кои се назначени „преку заедничка спогодба помеѓу владитена земјите-членки“ со мандат од шест години. Секоја земја-членка испраќапо еден судија. Со цел да се обезбеди одреден степен на континуитет, се вршиделумна замена на половина од судиите и генералните правобранители. Тиеможе да бидат реизбрани.На Судот му помагаат осум

[13] Канцеларија за публикации на Европската Унија, „Опис на Европската Унија — на ЕУ Како работи Европската Унија“, Луксембург 2012 год.

генерални правобранители, чијшто мандат кореспондира со оној на судиите; тие уживаат судска независност. Четворица од осумте генерални правобранители секогаш се од „големите“ земји-членки (Германија, Франција, Италија и Велика Британија), а другите четворица доаѓаат од преостанатите 23 земји-членки на принцип на промена. Генералните правобранители се воведени во Судот како противтежа на „еднородната“ природа на судските процедури, т.е. отсуството на секакви процедуриза жалба. Мислењата се интегрален дел од усната процедура и восудските извештаи се објавуваат заедно со пресудата. Генералните правобранители може само да повлијаат на пресудата преку силата на аргументитеизнесени во нивните мислења; тие не се вклучени во никакви разгледувања,ниту гласања во врска со пресудата.[14]

Судот на правдата е највисокиот и истовремено единствен судски авторитет за прашањата од законите на Унијата. Општо земено, неговата задача е„да осигури дека при толкувањето на Договорот е земен предвид законот“.

Овој воопштен опис на задолженијата опфаќа три главни области:

- следење на примената на законот на Унијата, и од институциите на ЕУ кога ги спроведуваат договорите, и од земјите-членки и поединците во врска со нивните обврски според законот на Унијата;
- толкување на законот на Унијата;
- понатамошно обликување на законот на Унијата.

Општиот суд е формиран во 1988 годиназа да го олесни притисокот врз Судот на правдата. Општиот суд е составен од 28 членови чии што квалификации, именувања и правен статус се предмет на истите барања и услови како и за судиите воСудот на правдата. Иако нивната главна функција е да заседаваат како „судии“, тие исто така може да бидат назначени како „генерални правобранители“ во случаи кои се сослушуваат пред целосниот состав на Судот,или во случаи пред еден од составите доколку фактите на случајот или неговата правна комплексност го бараат тоа.Општиот суд

---

[14]С.Георгиевски (2008), „*Вовед во правото на Европската унија*“, Скопје

Б. Ванковска, (2008) „*Институции на Европската унија*“, Филозофски факултет-Скопје,
П.Крег и Г. де Бурка (2010*),Право на ЕУ: текстови, случаи и материјали*“, Скопје, Магор
*Клаус-Дитер Боршарт (2010), „* АБВ на правото на Европската Унија“Луксембург

Како работи Европската унија“ - Прирачник за институциите на ЕУ наменет за граѓаните, Луксембург, Канцелари„ја за службени изданија на Европските заедници, 2003 година,

заседава во состав од пет или три судии или, во одредени случаи, судија-поединец. Исто така, може да заседава голем состав (13 судии) или целосен состав (28 судии) доколку тоа го бара комплексноста изначајноста на случајот. Повеќе од 80% од случаите пред Судот се сослушуваат пред Совет од тројца судии.[15]

Иако Општиот суд изворно беше одговорен само за ограничен број случаи,сега ги има следниве задачи:

- Како првостепен суд, т.е. како субјект подложен на правна ревизија одСудот на правдата, Општиот суд има надлежност да спроведува дејстваза поништување и дејства за недејствување поднесени од физички иправни лица против некое тело на Унијата, да врши арбитража врзклаузула содржана во договор склучен од ЕУ или во нејзино име, и дадејствува во случаи на обесштетувања поднесени против ЕУ;
- Општиот суд дејствува како апелациски суд при случаи на жалби поодлуки донесени од судските панели;
- Исто така, е планирано на Општиот суд да може да се пренесе надлежностза прелиминарно одлучување за предмети што се однесуваат на одредени области но, оваа можност се уште не била искористена.[16]

### 1.4.6. Специјализирани судови

Во 2004 година за да се олесни товарот од Судот на правдата и да се подобри правната заштита во ЕУ, Советот на ЕУ, кон Општиот суд приклучиспецијализиран суд за случаи поврзани со државните служби.Овој специјализиран суд се состои од седум судии, кои имаат сличен статус на

---

[15]Како работи Европската унија" - Прирачник за институциите на ЕУ наменет за граѓаните, Луксембург, Канцелари„ја за службени изданија на Европските заедници, 2003 година,
Б. Ванковска, (2008) „*Институции на Европската унија*", Филозофски факултет-Скопје,
П.Крег и Г. де Бурка (2010*),Право на ЕУ: текстови, случаи и материјали*", Скопје, Магор
*Клаус-Дитер Боршарт (2010), „* АБВ на правото на Европската Унија"Луксембург

[16]С.Георгиевски (2008), „*Вовед во правото на Европската унија*", Скопје
Б. Ванковска, (2008) „*Институции на Европската унија*", Филозофски факултет-Скопје,
П.Крег и Г. де Бурка (2010*),Право на ЕУ: текстови, случаи и материјали*", Скопје, Магор
*Клаус-Дитер Боршарт (2010), „* АБВ на правото на Европската Унија"Луксембург
Како работи Европската унија" - Прирачник за институциите на ЕУ наменет за граѓаните, Луксембург, Канцелари„ја за службени изданија на Европските заедници, 2003 година,

членовите на Општиот суд и се назначени со мандат од шест години. Тие мора да ги имаат способностите што се бараат за именување во судска институција.Специјализираниот суд вообичаено заседава во форма на панел од тројца судии, но може да донесува одлукикако панел во целосен состав, панел одпет судии, или судија-поединец. Одлуките на специјализираниот суд се подложни на право на жалба пред Општиот суд, само според точките од законот.За возврат, првиот генерален правобранител, (не засегнатите страни!) можеда предложи преразгледување на одлуката од Општиот суд ако се доведенипод прашање правниот ентитет или единственоста на јуриспруденцијата.[17]

### 1.4.7. Европска централна банка

Европската централна банка (ЕЦБ), сместена во Франкфурт на Мајна, е восрцето на економската и монетарната унија. Нејзината задача е да ја одржувастабилноста на европската валута, еврото, и да го контролира количествотона валутата што е во оптек.

Со цел да ја извршува оваа задача, независноста на ЕЦБ е загарантиранасо низа законски одредби. Кога ги практикува своите овластувања или гиспроведува своите задачи и обврски, ниту ЕЦВ ниту која било национална централна банка не може да примаат инструкции од институциите наУнијата, владите на земјите-членки или од кое било друго тело. Институциите на ЕУ и владите на земјите-членки нема да се обидуваат да повлијаат врз ЕЦБ. ЕЦБ има Управен совет и Извршен одбор.

Управниот совет е највисокото тело за донесување одлуки на ЕЦБ, во кој припаѓаат членовите на Извршниот совет на ЕЦБ (шест члена) и гувернерите на централните банки на земјите од евро-зоната. Согласно Статутот на ЕСЦБ, Управниот совет на ЕЦБ треба да заседава најмалку десет пати годишно, во просториите на ЕЦБ во Франкфурт на Мајна, Германија. Датумите на

[17]С.Георгиевски (2008), „*Вовед во правото на Европската унија*“, Скопје
Б. Ванковска, (2008) „*Институции на Европската унија*“, Филозофски факултет-Скопје,
П.Крег и Г. де Бурка (2010*),Право на ЕУ: текстови, случаи и материјали*“, Скопје, Магор
*Клаус-Дитер Боршарт (2010), „* АБВ на правото на Европската Унија“Луксембург
Како работи Европската унија“ - Прирачник за институциите на ЕУ наменет за граѓаните, Луксембург, Канцелари„ја за службени изданија на Европските заедници, 2003 година,

состаноците се определуваат од самиот Управен одбор, на предлог на Извршниот одбор. Обично, Управниот совет се состанува два пати месечно, во првиот и третиот четврток од месецот. Прашањата поврзани со монетарната политика, вообичаено се дискутираат само на првиот состанок во месецот. Во другите средби, Советот дискутира главно за прашања поврзани со други задачи и одговорности на ЕЦБ и Евросистемот. За да се обезбеди поделба на монетарната политика на Европската централна банка и други задачи од својот надзорен одговорности, се одржуваат одделни состаноци на Управниот совет.Извршниот одбор, кој есоставен од претседател, потпретседател и од други четири членови, практично е одговорен за раководењето на ЕЦБ. Неговиот претседател и членовитесе именувани од редот на личностите со признаена позиција и искуство вомонетарната и банкарската проблематика, со заедничка согласност на владите од земјите-членки, по препорака од Советот, откако тој го консултирал Европскиот парламент. Нивниот мандат е осум години, кој, во полза наобезбедување независност на членовите на Извршниот одбор, не подлежина реизбор. Европскиот систем на централни банки (ЕСЦБ) е составен од ЕЦБ и одцентралните банки на земјите-членки (член 129, ТФЕУ). Тој има задача даја дефинира и да ја спроведува монетарната политика на Унијата и има ексклузивно право да го одобрува издавањето банкноти и монети во рамкитена Унијата. Тој исто така ги контролира официјалните валутни резерви наземјите-членки и обезбедува непречено функционирање на платните системи.[18]

### 1.4.8. Ревизорски суд

Ревизорскиот суд беше воспоставен на 22 јули 1975 година и почна да работи во Луксембург во октомври 1977 година. Оттогаш тој се има издигнато нанивo на институција на Унијата (член 13, ТЕУ). Составен е од 28 членови, штосоодветствува со сегашниот број на земјите-членки. Нив ги именува Советот со мандат од шест години, кој, преку квалификувано мнозинство и претходни консултации со Европскиот парламент, одобрува список на членови

[18]С.Георгиевски (2008), „*Вовед во правото на Европската унија*“, Скопје
Б. Ванковска, (2008) „*Институции на Европската унија*“, Филозофски факултет-Скопје,
П.Крег и Г. де Бурка (2010*),Право на ЕУ: текстови, случаи и материјали*“, Скопје, Магор
*Клаус-Дитер Боршарт (2010), „* АБВ на правото на Европската Унија“Луксембург

предложени согласно со предлозите од земјите-членки.Членовите од своите редови избираат претседател на Ревизорскиот суд, кој има мандат од три години; претседателот може да биде повторно избран.

Задачата на Ревизорскиот суд е да испитува дали се примени сите приходи и дали сите трошоци се искористени законски и според правилата, какои дали било консултирано финансиското раководство. За разлика од ревизорските судови или сличните тела во некои земји-членки, овој суд немајурисдикција да ги спроведува своите контролни мерки или да ги истражува сомневањата за нерегуларности што произлегле од неговата истрага. Сепак, тој е целосно независен во своите одлуки и самиот решава што и како ќеистражува. На пример, тој може да испитува дали искористувањето на средствата дадени како финансиска поддршка од страна на Унијата на приватнилица е во согласност со правото на Заедницата.

### 1.5.Правото на заедницата

Правото на Европската унија(во историјата познато како Правото на Европската заедница) е право на договори, закони и судски пресуди кои функционираат паралелно со правниот систем на секоја земја-членка на Европската унија.

Примарниот извор на законодавството на ЕУ се нејзините договори. Овие договори и даваат моќ на ЕУ да поставува широко политички цели и да формира институции кои, меѓу другото, усвојуваат закони за остварување на тие цели. Законодавните акти на ЕУ имаат две форми: регулативи и директиви. Регулативите добиваат правно значење во сите земји-членки тогаш кога ќе стапат на сила, без обврска за спроведување на било какви мерки со цел автоматски да се избегнат конфликтните домашни одредби. Директивите бараат секоја земја-членка да постигне одредени резултати допуштајќи им право сами да го изберат начинот за тоа како да ги постигнат резултатите. Деталите за тоа како тие се спроведуваат им се препуштаат на земјите-членки. Законодавството на ЕУ произлегува од одлуките донесени на ниво на ЕУ, иако во голема мера тоа се случува и на национално ниво. Според тоа, принципот

на еднаквост е централна тема во донесувањето на сите одлуки од страна на Европскиот суд на правда кој има за цел да обезбеди примената и интерпретацијата на законодавството на ЕУ да не се разликува меѓу земјите-членки.[19]

Развојот на правото на Европската заедница е во голема мера моделирано од страна на Европскиот суд на правда (ЕСП). Всушност, во пресвртниот случај на Ван Генд ен Лос во 1963 година, Европскиот суд на правда пресуди дека Европската заедница, преку волјата на земјите-членки изразена во Договорот од Рим, „претставува нов правен поредок на меѓународното право со кој земјите-членки ги ограничуваат своите суверени права, секако, во рамките на одредени полиња.“ Разликата помеѓу правото на Европската заедница (ЕЗ) и правото на Европската унија (ЕУ) се заснова врз структурниот договор на Европската унија. Европската заедница претставува еден од „трите столба“ на Европската унија и се занимава со социјалните и економските темели на единствениот пазар. Вториот и третиот столб беа создадени со Договорот за Европската унија (Мастришкиот договор) што доведе и до појава на Заедничката политика за безбедност, одбрана и внатрешна безбедност. Процесот на донесување одлуки во вториот и третиот столб не е предмет на мнозинско гласање во моментов. Со Мастришкиот договор, се создаде и третиот столб наменет за правда и внатрешни работи. Следствено на тоа, со Амстердамскиот договор, областите како нелегална имиграција, визи, азил и судска кооперација беа префрлени во Европската заедница (првиот столб). Сега, третиот столб е полицијата и судската соработка во областа на кривичните прашања. Правдата и внатрешните работи, сега се однесуваат и на областите кои се пренесени на ЕЗ и на третиот

---

[19]С.Георгиевски (2008), „*Вовед во правото на Европската унија*“, Скопје
П.Крег и Г. де Бурка (2010*),Право на ЕУ: текстови, случаи и материјали*“, Скопје, Магор
*Клаус-Дитер Боршарт (2010), „* АБВ на правото на Европската Унија“Луксембург

Ж. Клод Готрон, (2006),„*Европско право“,* прво издание,

Предлог Национална програма за усвојување на правото на Европската унија, Влада на Република Македонија, Скопје 2007годинаПреговори за членство во Европската унија, Универзитетска библиотека “св. Климент Охридски”, Скопје 2008 година;

столб. Некои начела како што се супсидијарност, пропорционалност, принципот на пренесување и принципот на правна сигурност станаа познати во развојот на правото на Европската унија. Научниците, како што е Кетрин Бернанд, тврдат дека четирите слободи го формираат материјалното право на ЕУ: слободно движење на добра, услуги, капитал и труд во рамките на внатрешниот пазар на ЕУ.[20]

Примарното законодавство, односно договорите, се всушност уставното право на Европската унија. Нив ги создаваат владите на сите земји-членки на ЕУ преку консензус. Тие ги утврдуваат основните политики на Унијата воспоставувајќи ја нејзината институционална структура, законодавни постапки и моќ. Договорите кои го сочинуваат примарното законодавство се:

- Договорот на ЕЗЈЧ од 1951 година (Договорот од Париз) ;
- Договорот на ЕЕЗ од 1957 година (Договорот од Рим, Договор за функционирање на Европската унија) ;
- Договорот за Евроатом од 1957 година (Договорот од Рим) ;
- Договорот за спојување од 1965 година ;
- Актите за пристапување на Обединетото кралство, Ирска и Данска (1972);
- Буџетскиот договор од 1970 година ;
- Буџетскиот договор од 1975 година;[21]
- Актот за пристапување на Грција (1979) ;
- Актите за пристапување на Шпанија и Португалија (1985) ;

[20]С.Георгиевски (2008), „*Вовед во правото на Европската унија*“, Скопје
П.Крег и Г. де Бурка (2010*),Право на ЕУ: текстови, случаи и материјали*“, Скопје, Магор
*Клаус-Дитер Боршарт (2010), „* АБВ на правото на Европската Унија“Луксембург
Ж. Клод Готрон, (2006),*„Европско право“,* прво издание,
Предлог Национална програма за усвојување на правото на Европската унија, Влада на Република Македонија, Скопје 2007годинаПреговори за членство во Европската унија, Универзитетска библиотека “св. Климент Охридски”, Скопје 2008 година;

[21] Доц.Д-р Љупчо Сотироски, „Вовед во правото на Европската Унија“, Штип 2011 год.

- Единствениот европски акт од 1986 година ;
- Мастришкиот договор од 1992 година (Договорот за Европската унија) ;
- Актите за пристапување на Австрија, Шведска и Финска (1994) ;
- Договорот од Амстердам од 1997 година ;
- Договорот од Ница од 2001 година ;
- Договорот за пристапување од 2003 година, проширен на 10 нови земји-членки во Атина, Грција ;
- Договорот за пристапување од 2005 година, проширен на: Бугарија и Романија Луксембург
- Лисабонскиот договор од 2007 година .
- Договор за пристапување на Хрватска, од 2013 година

Многубројните дополнувања и протоколи на овие договори, исто така, се сметаат за извор на примарното законодавство.

Договорите овозможуваат усвојување на законодавството и другите правни акти со цел да и се овозможи на ЕУ да ги оствари целите утврдени во договорите. Сепак, договорите немаат основано ниту едно тело како законодавно тело иако законодавната власт се проширува низ институциите на Европската унија каде главните актери се: Советот на Европската унија (или Советот на министри), Европскиот парламент и Европската комисија.

Релативната моќ на одредена институција во законодавниот процес зависи од употребената законодавна постапка која пак и самата зависи од политиката на областа за која се однесува предложеното законодавство . Во некои области, тие учествуваат подеднакво во креирањето на правото на ЕУ, а во други пак системот е доминиран од страна на Советот.

Договорите на Европската унија утврдуваат на кои постапки подлежат соодветни области.Целото законодавство на ЕУ, мора да се заснова на конкретен член од договорот, наведен како негова правна основа. Законодавството на Унијата се дели на: директиви и регулативи. Директивите ги поставуваат целите (понекогаш прилично прецизно), но нивното спроведување им се препушта на земјите-членки на ЕУ. Регулативите директно

се применуваат во земјите-членки и стапуваат на сила без потреба за спроведување на мерките. Другите правни акти вклучуваат ,исто така, и одлуки, препораки и мислења.[22]

Европскиот суд на правда, веќе долго време, игра клучна улога во развојот на правото на ЕУ, главно преку изразувањето на правните принципи како што се директен ефект и супрематија (превласт, надмоќ). Тој, исто така, има надлежност во решавањето на различните специфични прашања кои произлегуваат од договорите. Особено членот 220 каде ЕЗ го назначува Европскиот суд за правда (и Првостепениот суд), да обезбеди „толкување и примена на договорот“, одредба штоСудот ја искористи за да ја прошири својата моќ. Со Мастришкиот договор, Судот се овластува и да наметне парични казни на земјите-членки кои не го почитуваат тоа. Судот го потпомага обликувањето на правото на ЕУ и затоа често неговиот пристап е опишан како целосен и телеологичен. Правото на Судот, заедно со правото на судовите на секоја земја-членка, воспоставува и одредува еден куп начела на правото на Европската унија, кои ги обврзуваат институциите на ЕУ, како и земјите-членки, вклучувајќи ги директниот ефект, супремацијата на Европската унија врз земјите-членки и државната одговорност за оштета.

Според Договорот, Судот се состои од по еден судија од секоја земја-членка, па според тоа од 2013 година, Судот е составен од 28 судии. Судиите се избираат со заедничка согласност на владите на земјите-членки за (обновлив) период од шест години. Работата на Судот е потпомогната од страна на осум општи адвокати. Судот обично заседава со тројца или петмина судии, но во некои особено важни случаи, со Судот заседава и еден судија како голем судски совет од 13 судии.[23]

---

[2222]С.Георгиевски (2008), „*Вовед во правото на Европската унија*“, Скопје
П.Крег и Г. де Бурка (2010*),Право на ЕУ: текстови, случаи и материјали*“, Скопје, Магор
*Клаус-Дитер Боршарт (2010), „* АБВ на правото на Европската Унија“Луксембург

28
Ж. Клод Готрон, (2006),*„Европско право“,* прво издание,

Предлог Национална програма за усвојување на правото на Европската унија, Влада на Република Македонија, Скопје 2007годинаПреговори за членство во Европската унија, Универзитетска библиотека “св. Климент Охридски”, Скопје 2008 година;

Ф.Лич (2010),“ *Поднесување на предмет пред Европскиот суд за човекови права* “, Скопје, Табернакул

Општиот суд (порано наречен Првостепен суд) беше основан врз основа на Единствениот европски акт од 1988 година, пред Лисабонскиот договор да стапи на сила. Првобитно, тој беше приврзан за Европскиот суд на правдата во чиј склоп играше помошна улога. Со Договорот од Ница, тој се стекна со сопствено право и поголема независнот. Правото на Општиот суд вклучува директни дејствувања од страна на правни или физички лица, против институции на Заедницата за нивните дела (или неуспехот да се дејствува), дејствување од страна на земјите-членки против Заедницата и дејствувања поврзани со трговските марки на Заедницата.

Правото на ЕУ опфаќа широк спектар кој може да се спореди со оној на правните системи на самите земји-членки. Се смета дека и одредбите од оговорите и регулативите на ЕУ имаат хоризонтално „директен ефект“. Тоа значи дека граѓаните можат да се потпрат на правата кои им се доделени (и обврските кои произлегуваат од нив). Другиот главен правен инструмент на ЕУ, „директивите“ имаат директен ефект, но само вертикално. Граѓаните не можат да се тужат едни со други врз основа на директивата на ЕУ, бидејќи тоа се однесува на земјите-членки.

Директивите им овозможуваат некаков избор на земјите-членки во начинот на кој тие ја пренесуваат директивата во националното право - обично тоа се прави со донесување еден или повеќе законодавни акти како што се: акт на Парламентот или законски исntрумент во Обединетото кралство. Откако тоа ќе се случи, граѓаните можат да се потпрат на правото кое се спроведува. Тие можат да ја тужат само Владата и тоа „вертикално“ за неправилно спроведување на директивата. Еден таков пример е Директивата за обврска кон производите што ги прават компаниите одговорни за опасни и неисправни производи кои можат да им наштетат на потрошувачите.[24]

---

[24]С.Георгиевски (2008), „*Вовед во правото на Европската унија*“, Скопје
П.Крег и Г. де Бурка (2010*),Право на ЕУ: текстови, случаи и материјали*“, Скопје, Магор
*Клаус-Дитер Боршарт (2010), „* АБВ на правото на Европската Унија“Луксембург

Ж. Клод Готрон, (2006),*„Европско право“,* прво издание,

Ф.Лич (2010),“ *Поднесување на предмет пред Европскиот суд за човекови права* “, Скопје, Табернакул

Договорите на ЕУ, првенствено, не вклучуваат упатување за основните човекови права. Во 1964 година, Европскиот суд на правда пресуди во корист на Коста в Енел каде судот одлучи дека правото на Заедницата треба да биде во преден план во однос на националното право.

Тоа значи дека националната власт не може да избега од она за што се согласила на европско ниво со донесувањето на спротивставени домашни мерки, но,исто така, тоа значело дека законодавецот ЕЕЗ непречено може да донесува закони врз основа на ограничувањата наметнети од страна на одредбите за основните права содржани во Уставот на секоја земја-членка.

Повелбата за основни човекови права на Европската унија сега штити одредени политики, социјални и економски права за граѓаните и жителите на Европската унија. Таа беше изработена и јавно објавена во 2000 година, но нејзиниот правен статус тогаш беше несигурен и затоа немаше целосен правен ефект пред Лисабонскиот договор да стапи на сила на 1 декември 2009 година. Во 2007 година, беше создадена Агенцијата за основни човекови права со ревидирањето на мандатот на постојниот мониторинг центар. Според повелбата, Европската унија (ЕУ) може доследно да дејствува и да донесува закони во нејзините рамки, а судовите на ЕУ ќе го соборат законодавството на ЕУ што го прекршува тоа право. Повелбата важи само за земјите-членки во моментот кога тие го спроведуваат правото на ЕУ и не ги прошируваат надлежностите на ЕУ надвор од даденото во договорите.

Според член 8 од Договорот за функционирање на Европската унија, Социјалната повелба на Европската унија се однесува на делот од Договорот кој се справува со третманот на мажот и жената како и со регулирање на работното време според Директивата за работно време. Еден пример за анти-дискриминаторско законодавство е Директивата 2006/54/ЕЗ „за спроведување на начелото за еднакви можности и еднаков пристап на мажите и жените во областа на вработувањето и професијата

Јадрото на економската и социјална политика на Европската унија ја опфаќа и идејата за четирите слободи : слободно движење на добра, капитал, услуги и работна сила. Понекогаш, кон овие четири слободи се приклучува и слободното право на основање, па затоа уште се познати и како петте слободи

каде разликата е, ништо друго, туку називот т.е. сите се однесуваат на истите области од материјалното право.

Според член 28 од Договорот на ЕЗ: „Квантитавните ограничувања на увозот и сите мерки кои имаат еднаков ефект се забранети во рамките на земјите-членки“. Членот 29 го наведува истото и за извозот. Но, важно е да се напомене дека забраната важи само за земјите-членки на Европската заедница. Една од основните обрвски на институциите е да ја надгледува трговската политика на трети лица т.е. други земји како што се Америка или пак Кина. На пример, во второто поглавје на ЕЗ, член 34(1), се регулира контроверзната заедничка земјоделска политика која дозволува задолжителна координација на националните пазарни организации со заедничка европска организација. Втора работа што треба да се напомене е дека членот 30 утврдува исклучоци од забраната за слободно движење на добра.[25]

Член 30: „Одредбите од член 28 и 29 не ги исклучуваат забраните или ограничувањата врз увозот, извозот или добрата во транзит поради јавниот морал, јавната политика и јавната безбедност; заштитата на здравјето и животот на човекот, животните и растенијата; заштитата на националните богатства со уметничка, историска и археолошка вредност; или пак заштитата на индустриската и трговската сопственост. Сепак, овие забрани или ограничувања не претставуваат средства за неоснована дискриминација или пак прикриено ограничување на трговијата меѓу земјите-членки.“ Според тоа, владите на земјите-членки се уште можат да оправдаат некои одредени трговски бариери кога јавниот морал, политиката, безбедноста, здравјето, културата или индустриската и трговската сопственост претставува закана за целосно укинување. Еден неодамнешен пример за тоа е кога Франција постави бариери за увоз на британско говедско месо за време на кравјото лудило во Обединетото кралство.[26]

---

[25]Ф.Лич (2010),“ *Поднесување на предмет пред Европскиот суд за човекови права* “, Скопје, Табернакул
Ж. Клод Готрон, (2006),„*Европско право“,* прво издание,

[26]Ф.Лич (2010),“ *Поднесување на предмет пред Европскиот суд за човекови права* “, Скопје, Табернакул
Ж. Клод Готрон, (2006),„*Европско право“,* прво издание,

## ГЛАВА 2.

## Евроинтеграција

Процесот на Европската интеграција подразбира градење на единство меѓу европските народи. Во рамките на современата европска терминологија, овој термин означува здружување на националните ресурси на државите членки и заедничко донесување одлуки, засновани на висок степен на разбирање и заемно почитување.

Процесот на одлучување се остварува низ различни процедури, со изразен интерактивен однос помеѓу институциите на Европската унија, пред сè нејзините највисоки управни органи и тела, Парламентот, Советот на министри и Комисијата.

Денес, институционалната поставеност и функционалноста на органите и телата во Европската унија, пред сè претставува висок израз на дефиниран стратешки концепт за остварување на постојана и цврста европска интеграција.[27]

### 2.1.Поим и историска рамка на европската интеграција

Европската идеја го одразува историскиот развој и судбината на европските народи и нивниот стремеж за обединување на Европа.

Идејата за обединувањето на европскиот континент датира уште од 9-тиот век, со Карло Велики, но сè до Втората светска војна, оваа идеја постојано беше придружувана со насилство и великодржавни претензии, историски случувања кои силно го потресоа светот и влијаеја врз европскиот, а особено го обележаа светскиот поредок.

[27]В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*(EUROAPA VON A bis Z)Европа од А до Ш, Институт за европска политика, година

В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*

Влада на Република Македонија - Секретаријат за европски прашања (2009), *„Преговори за членство во Европската Унија“,* Скопје јануари 2009

Сепак, во долгиот период, на европскиот континент се создаваа заеднички вредности, елементи на заедничко право, јазик, култура, архитектура и христијанство, а географското тежиште се премести од јужниот, медитерански дел кон средишниот дел на континентот. Обликувањето модерни гледања на Европа, започна во 18-тиот и 19-тиот век, со појавата на просветителството, индустриската револуција и бројните теоретски планови за решавање на граничните спорови и развојот на трговијата. Некои настани оставија големи траги.

Особено е значајно да се нагласи влијанието на француската револуција од 1789 година, со која сувереноста стана *„Сопственост и на народот, а не само на владетелите".* Во 20-тиот век, во периодот кога Германија беше на врвот на својата воена моќ, во два наврата беа правени планови за нов поредок во Средна Европа, за создавање Соединети држави на Европа, со Германија во нивниот центар, со царинска унија, почнувајќи од Франција, па сè до руската граница.

Во периодот на Втората светска војна, во Берлин, протагонистите и креаторите на новиот поредок сметаа на создавање европско економско подрачје, со единствена валута, единствен пазар и заеднички надворешни царини. Но, суштински идејата за интегрирање беше поврзана со плановите за освојувања и доминација. Сепак, паралелни концепти за обединување на европскиот континент постоеја и кај идеалистите и оние кои беа жртви на агресијата.

Во годините меѓу двете светски војни, поради неделотворноста на Лигата на народите, економската криза од 30-тите години и појавата на фашизмот, бројни мислители беа принудени да заговараат некаков облик на европска федерација, заради предупредување на неповолниот развој и можност од нови воени судири. [28]

По Втората светска војна, европската идеја започнува со процесот на трансформација на идејата од утопија во реалност. За тоа придонесоа

---

[28]В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*(EUROAPA VON A bis Z)Европа од А до Ш, Институт за европска политика, година

В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*

Влада на Република Македонија - Секретаријат за европски прашања (2009), *„Преговори за членство во Европската Унија“,* Скопје јануари 2009

наметнатите околности по завршувањето на војната: потребата за обнова на разрушените економии, појавата на атомско оружје, идеолошка и блоковска спротивставеност; но и храброста и визионерството на една генерација европски политичари. Говорот на Винстон Черчил во Цирих во 1946 година беше повик за француско-германско помирување и создавање на соединети држави на Европа. И по самата природа, имаше силно влијание за поттикнување на Европското движење и создавањето на Советот на Европа.

## 2.2.Евроинтеграција и институционалниот развој

Корисноста од вклучувањето на голем број земји во Европската унија е повеќестрана, политичка, економска и културна, корисностите се следниве: - Со зголемување на територијата на ЕУ се зголемува зоната на мир, стабилност и просперитет што ќе ја зајакне сигурноста за сите граѓани на Европа.

Проширување на границите на единствениот пазар и тоа во денешни услови на брз економски раст, при што претставува нов поттик за понатамошен развој на економијата и можност за отворање на нови работни места и кај старите и кај новите земји - членки.

Подобрување на квалитетот на живеење за сите граѓани на обединета Европа имајќи предвид дека ЕУ особено внимание посветува на одржување и зачувување на животната средина, борбата против криминалот, дрогата и нелегалната миграција.  Проширена Европа е побогата за нови културни вредности и разновидност, нови идеи и подобро разбирање на другите луѓе.

Проширена и посилна Европа ќе ја зајакне и позицијата на ЕУ како глобален фактор на светската сцена. За да се постигнат овие корисности, условите за успешно проширување мора да се респектираат целосно, идните членки мора да ги исполнат Копенхагенските и Мадридските услови, но и Унијата мора да се подготви адекватно за прием на новите членки со функционален, ефикасен институционален апарат, способен да балансира на широк простор штитејќи ги интересите на Обединета Европа, но не занемарувајќи ги националните интереси на земјите - членки.

Европската Унија дејствува на единствен економски пазар низ територијата на сите земји-членки и користи единствена валута меѓу земјите-членки на Еврозоната. Понатаму, Европската Унија преку Европската економска област и договорите за царинска унија има голем број економски врски со нации кои официјално не се дел од Унијата.

Со создавањето на ЕЕЗ се укинаа царинските такси, квоти и повластувањата за стоки меѓу земјите-членки, кои претставуваат предуслови за дефинирање на Зоната на слободна трговија (ФТА).

Голем број земји потпишаа Спогодба за асоцијација (СА)на Европската Унија со одредби од ФТА. Главно , тие ги вклучуваат медитеранските земји (во 2005 година Алжир, во 2004 година Египет, во 2000 година Израел, во 2002 година Јордан, во 2006 година Либан, во 2000 година Мароко, во 1997 година Палестинската самоуправа и во 1998 година Тунис),но сепак вклучуваат и некои земји од други трговски блокови кои исто така потпишале спогодба за асоцијација (како Чиле во 2003 година, Мексико и Јужна Африка во 2000 година).

Европската царинска унија дефинира област каде што не се наметнува царина на стоките кои се движат низ Унијата и ги вклучува сите земји членки на Европската Унија. Во 1968 година беше постигнато укинување на внатрешните царински бариери меѓу земјите-членки на ЕЕЗ.

Андора и Сан Марино, заедно со трети земји се дел од царинските унии на ЕУ. Турција е поврзана преку Царинската унија меѓу ЕУ и Турција.

Значајна цел на ЕУ од нејзиното создавање во 1992 година со Мастришкиот договор е воспоставување и одржување на единствен пазар и настојува да ги гарантира четирите основни слободи, кои што се поврзани со обезбедување на слободното движење на добра, услуги, капитал и луѓе низ внатрешниот пазар на ЕУ.

Еврозоната се однесува на земјите-членки на Европската Унија кои што ја усвоија евро валутата како трета фаза од Европската економска и монетарна унија (ЕМУ). Понатаму, одредени држави кои не се земји-членки на ЕУ го усвоија еврото како нивна валута ,и покрај тоа што не се дел од ЕМУ. Според

тоа, од вкупно 23 држави ,вклучувајќи ги 17-те земји-членки на ЕУ и 6-те земји кои не се членки на ЕУ во моментот го користат еврото.

Еврозоната се создаде со официјалното воведување на еврото на 1 јануари 1999 година. На 1 јануари 2002 година се воведоа монетите и банкнотите.[29]

### 2.3.Ретроспектива

Овој процес започнал со шесте земји, кои ја основале Европската заедница за јаглен и челик (претходник на Европската унија) во 1952 година. Оттогаш, бројката на членките на ЕУ е порасната на дваесет и седум, вклучувајќи го и проширувањето со Бугарија и Романија во 2007 година и последното проширување со Хрватска во 2013 година. Во моментов, преговори за членство се водат со неколку држави.

- *Интеграцискиот капацитет на Унијата*

Капацитетот на Унијата за прием на нови членки се мери преку капацитетот на следниве три компоненти:

- Институциите на Европската унија; Пред петтото проширување, со кое пристапија десет нови членки, главно од поранешниот комунистички блок, беа направени институционални реформи. Овие реформи се вклопени во Договорот од Ница од 2001 година. Ова е поради тоа што на Унијата ѝ беше потребен нов институционален аранжман за да може таа да функционира подобро. Сепак, Договорот од Ница предвидува правила и процедури, функционални само доколу Унијата има најмногу 28-земји членки. Договорот не предвидува адаптации на составот и функционирањето на другите институции откако Унијата би се состоела од 28 (што е исполнето) и повеќе од 28 земји-членки. Поради тоа, за наредните проширувања на Унијата беше потребно да се донесат нови институционални реформи, врз основа на кои (меѓудругото) се

[29] https://mk.wikipedia.org/wiki/

предвидува и за секое следно проширување на Унијата да се изработи извештај со оценка за влијанието кое ќе го има проширувањето врз институциите на Унијата. Ова беше регулирано со Договорот од Лисабон во 2007 година.[30]

- *Политиките на Европската унија;*

Унијата има намера да го обезбеди ефективното спроведување на политиките и по новите проширувања. Поради тоа, се предвидува оценка на влијанието на новите проширувања врз ефективното спроведување на политиките на Унијата. Мерките за ефективното спроведување на политиките го опфаќаат и периодот по пристапувањето на соодветната држава во Унијата. За таа цел развиени се транзициски периоди, дерогациите, како и техничките прилагодувања. Сето ова е со цел, во текот на преговорите, да се овозможи целосно разбирање и полесно носење на заедничките ставови, согласно одредени поглавја.

- *Буџетот на Европската унија;*

Унијата мора да биде во состојба да го гарантира спроведувањето на нејзините политики.

Поради тоа, пред секое ново проширување, внимателно ќе бидат испитани буџетските импликации. А тоа значи дека, за секое наредно проширување, Комисијата ќе подготви анализа која ќе ги земе предвид финансиските импликации кои новото проширување ќе ги има врз буџетот на ЕУ, зголемената економска динамика која тоа ќе ја предизвика, како и предлог пакет од неопходни финансиски мерки.

---

[30]В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*(EUROAPA VON A bis Z)Европа од А до Ш, Институт за европска политика, година

В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*

Влада на Република Македонија - Секретаријат за европски прашања (2009), *„Преговори за членство во Европската Унија“,* Скопје јануари 2009

## 2.4.Унијата и нејзиниот интеграциски капацитет

Проширувањето на Европската унија е процес на експанзија (зголемување) на Европската унија преку прием на нови земји-членки. Овој процес започнал со шесте членки, кои ја основале Европската заедница за јаглен и челик (претходник на Европската унија) во 1952 година. Оттогаш, бројката на членките на ЕУ е порасната на дваесет и осум, вклучувајќи го проширувањето со Бугарија и Романија во 2007 година и последното проширување со Хрватска во 2013 година. Во моментов, преговори за членство се водат со неколку земји кандидати за полноправно членство.

Турција е официјален кандидат за членство во ЕУ. Европските амбиции на Турција датираат од Договорите од Анкара од 1963. Откако добила статус на кандидат за членство, Турција го подобрила почитувањето на човековите права, ја укинала смртната казна, му дала културни права на своето големо курдско малцинство и презела позитивни чекори да го реши кипарското прашање. Сепак, поради својата верска и културна различност, Турција се соочува со силно противење од страна на конзервативните влади, во прв ред на Франција, Австрија, Кипар и Словенија.

Македонија е официјално кандидат за членство во Европската Унија без датум за преговори во моментов. Датумот за преговори и нивното започнување се одложиле поради политички причини, односно поради противењето на една од членките - Грција.

Исланд е потенцијална земја кандидат за членство во ЕУ која поднела апликација за истото. Голем дел од реформите кои треба една земја кандидат да ги усвои, Исланд ги има имплементирано и набрзо се очекува и официјално да го добие статусот земја-кандидат.

Норвешка, СанМарино, Андора, Лихтенштајн, Ватикан, Монако и Швајцарија не се членки, но имаат посебни договори со ЕУ.

Процесот на проширување се нарекува евроинтеграција. И покрај тоа, овој термин, е исто така, употребуван и кога се мисли на зајакнувањето на соработката помеѓу земјите-членки на Европската унија во насока на тоа што

националните влади ќе овозможат постепена хармонизација на националните закони. За да се приклучи на Европската унија, државата треба да исполни економски и политички услови наречени Копенхагенски критериуми (насловени според Самитот во Копенхаген одржан во јуни 1993 година), чии исполнувања подразбираат стабилна демократска влада којашто ги почитува законите и нивните соодветни слободи и институции. Согласно Договорот на Мастрихт, секоја земја-членка и Европскиот парламент мора да се согласат за какво било проширување.

Теоретски, секоја европска држава може да конкурира за приклучување кон Европската унија, потоа Советот би се консултирал со Комисијата и со Европскиот парламент за започнување на преговорите за прием. Советот едногласно би ја прифатил или би ја одбил препораката.

Критериуми за членство во Унијата

За да се добие позитивна препорака, земјата мора да ги исполни следниве критериуми:

- Мора да биде европска држава;
- Мора да ги почитува принципите на слобода, демократија, да ги почитува човековите права и основните слободи и владеење на правото;[31]

За да го добие членството, мора да ги исполни следниве Копенхашки критериуми воспоставени од Европскиот совет во 1993 година:

- Стабилност на институциите во гарантирањето на демократијата, владеењето на правото, човековите права и почитта и заштитата на малцинствата;

---

31

В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*(EUROAPA VON A bis Z)Европа од А до Ш, Институт за европска политика, година
В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*

- Постоење на функционална пазарна економија, како и капацитет да се справува со конкурентскиот притисок и пазарните сили на Унијата;
- Способност да ги преземе обврските за членство вклучувајќи го и придржувањето кон политичките, економските и монетарните цели на Унијата.

Во декември 1995 година, мадридскиот Европски совет извршил ревизија на критериумите со тоа што вклучил услови за интеграција на земјата-членка за прилагодување на нејзините административни структури. Бидејќи е важно легислативата на Европската заедница да се рефлектира во националната легислатива, важно е ревидираната национална легислатива да биде ефективно спроведена преку адекватни административни и законски структури.

Денес, процесот за приклучување е проследен со низа формални постапки, од претпристапен договор до ратификација на финалниот договор за приклучување. Овие постапки првенствено се прегледуваат од Европската комисија (Комесарот за евроинтеграција и Генералниот директорат за проширување), но реалните преговори технички се водат меѓу земјите-членки на Европската унија и земјата-кандидат.

Пред земјата да конкурира за членство, обично потпишува договор за асоцијација, со цел да се помогне во подготовките на земјата за кандидатура и евентуално членство. Повеќе од земјите не ги исполнуваат критериумите ниту за почеток на преговорите, пред да аплицираат и затоа им се потребни многу години да се подготват за процесот. Договорот за асоцијација помага во подготовките на првата постапка. Во случајот на Западен Балкан, постои посебен процес – Процес на стабилизација и асоцијација, поради тамошните специфични околности.[32]

---

[32]В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*(EUROAPA VON A bis Z)Европа од А до Ш, Институт за европска политика, година

В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*

Влада на Република Македонија - Секретаријат за европски прашања (2009), *„Преговори за членство во Европската Унија“,* Скопје јануари 2009

Кога земјата формално ќе конкурира за членство, Советот бара од Комисијата да даде мислење за подготвеноста на земјата за започнување на преговорите. Советот тогаш може да го прифати или да го одбие мислењето на Комисијата. Доколку Советот се согласи да ги започне преговорите, тогаш започнува процесот на детално разгледување. Комисијата и земјата-кандидат ги проверуваат законите на земјата-кандидат, како и законите на ЕУ и утврдуваат какви разлики постојат меѓу нив. Советот тогаш дава препораки за отворање преговори за „заглавијата“ на законите за коишто смета дека имаат доволно заедничка основа за да има конструктивни преговори.

Преговорите, обично, се состојат од тоа земјата-членка да ја убеди Европската унија дека нејзините закони и административниот капацитет се доволни за да се реализира Европскиот закон, којштo може да се имплементира прилагоден од земјата членка. Најчесто, ова ќе вклучи временски рокови пред целосна имплементација на Европските регулативи, директиви и стандарди.

Заглавието се смета затворено кога двете страни се договорени дека тоа е задоволително имплеметирано, меѓутоа сепак, тоа, може да биде повторно отворено доколку Комисијата смета дека кандидатот не ја добил согласноста. За да се процени дека е постигнат напредок од земјата во подготовка за влез во Европската унија, Европската комисија поднесува регуларни извештаи (годишно) до Советот на Европа. Овие извештаи се со намена Советот да донесе одлука за преговорите или нивно продолжување со други кандидати.

Кога преговорите ќе завршат, се потпишува договор за пристап, кој потоа мора да биде ратификуван од сите земји-членки на Европската унија, како и од инистутициите на Унијата и земјата-кандидат. Кога ова ќе биде комплетирано, земјата се придружува на Европската унија на датумот наведен во договорот.

Целиот процес, од конкурирање за членство до добивање на членство обично трае околу една декада, иако некои земји, посебно Шведска, Финска и Австрија беа побрзи, станаа членки за само неколку години. Процесот од конкурирање за договор за асоцијација, до пристапот, може да трае уште

подолго, дури и неколку декади (на пр. Турција има кандидатски статус од 1995 год., а преговорите за членство ги почна во 2005 год.)

## 2.5.Принципи за водење на преговори од страна на Европската унија

За да се разберат преговарачките односи меѓу Европската унија и земјата која пристапува, потребно е да се разберат односите кои се градат уште при самото аплицирање за членство. Како што истакнуваат многумина, не постои случај, ЕУ да поканила земја да аплицира за членство. Понатаму, не само што одредена земја аплицира за членство, туку таа во натамошниот период мора да докаже и дека може да ги исполни пристапните услови.

Од овој аспект, преговорите повеќе претставуваат испит на капацитетите за пристап во ЕУ, и во таа насока, земјата-апликант се наоѓа во асиметрична позиција. Во суштина, процесот до отпочнувањето на преговорите е следниот по аплицирањето за членство. ЕУ одлучува дали ќе и додели кандидатски статус на земјата-апликант и дали ќе отпочне преговори со неа за пристапување. Преговорите се отвораат само ако земјата ги исполнува Копенхагенските политички и економски критериуми, иако последните не се пречка, односно „камен на сопнување“.[33]

Преговорите за пристапување ги карактеризираат две одделни фази, а тоа се процесот на скрининг и фактичките преговори.

Според ЕК, скринингот е аналитичка оценка на степенот на усогласеноста на националното законодавството со законодавството на Унијата (acquis) и во основа е фаза која се спроведува пред преговорите. Целта на скринингот е да се претстави acquis-то на земјите- кандидатки и

---

[33]В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*(EUROAPA VON A bis Z)Европа од А до Ш, Институт за европска политика, година

В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*

Влада на Република Македонија - Секретаријат за европски прашања (2009), *„Преговори за членство во Европската Унија“,* Скопје јануари 2009

заедно со нив, да се одреди во кои полиња можат да се појават проблеми кои ќе треба да се решат. Скринингот го спроведува ЕК и владата на земјата-кандидат, а тоа е основата за водење на претстојните преговори.

Во реалноста, скринингот се спроведува преку презентација на поглавјата од страна на ЕК и презентација на усогласеноста со acquis-от од страна на земјата- кандидат. Следствено на овој процес, се изработува извештај врз основа на кој се оценува успешноста на исполнувањето на обврските, а земјата -кандидат поднесува преговарачко стојалиште за секое поглавје кое понатаму е инструмент за водење на преговорите.

Водена од искуствата произлезени од последното проширување, Унијата се обидува да обезбеди усогласувањето со acquis да биде направено пред започнувањето на фактичките преговори т.е. пред втората фаза, со воведување на одредници (benchmarks) за отворање на поглавјата. Одредниците се поставуваат за комплексните и за клучните поглавја.

Исто така, Унијата поставува и одредници (benchmarks) за затворање на поглавјата. Затворањето е само провизорно и поглавјето кое еднаш е затворено, може повторно да се отвори во текот на процесот на преговори. Од таму, важи правилото дека ништо не е готово додека се не е готово. Преговорите за пристапување кон ЕУ, за Комисијата и за другите учесници, се уникатни од повеќе аспекти и се различни за земјите- кандидатки.

Иако преговорите досега се воделе истовремено со повеќе земји и пристапот бил во голема мера унифициран, специфичностите кои произлегувале од поединечните случаи, во голема мерка гиправи посебни. Секоја земја, тргнувајќи од сопствените преференции и околности, од преговорите очекува различни резултати. Но, Европската унија е искусен и цврст преговарач. Флексибилноста и отстапките од страна на Унијата се минимални, бидејќи се работи за идни односи кои не се односи меѓу „нас“ (земјата- кандидат) од една страна и „тие“ (ЕУ) од друга страна, туку односи на

идните „ние". Всушност, тоа е процес кога надворешните односи стануваат внатрешни што ги прави истите исклучително комплицирани и значајни. [34]

Дополнително отстапките подлежатнаодобрувањеодситепостојниземји-членкиштопридонесува да бидат се помалку изгледни. Затоа, во суштина, ова не се вистински преговори, бидејќи една од страните – (страната на ЕУ), не прави отстапки. Сепак, квалитетната подготовка на стојалиштата придонесува кон добивањето на одобрување за транзициски период, одредени времени дерогации и можност земјата да се прилагоди на новите состојби.

Просечнатадолжинанапреговоритеизнесуваод 4-6 годининеземајќи ги предвидисклучоците (како на пример Турција), што претставува краток временски период. Од оваа причина како и од претходно наведените, подготовката за преговорите и квалитетните стојалиште играат значајна улога за подобрување на квалитетот на преговорите и договорените решенија за идната земја -членка.[35]

Преговорите се голем координациски предизвик за Владата на земјата-кандидат и јавната администрација, бидејќи acquis-то е голема компилација на квалитативно нови правни акти и, не секогаш, се поклопува со постоечката поделба на надлежности меѓу министерствата и специјализираните владини агенции.

Дотолку повеќе што со координацијата треба да се обезбеди стратешките цели на владата да бидат соодветно преточени во преговарачки стојалишта и успешно презентирани пред ЕК. Од друга страна, со истите треба

---

[34]В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*(EUROAPA VON A bis Z)Европа од А до Ш, Институт за европска политика, година

В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*

Влада на Република Македонија - Секретаријат за европски прашања (2009), *„Преговори за членство во Европската Унија",* Скопје јануари 2009

[35]В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*(EUROAPA VON A bis Z)Европа од А до Ш, Институт за европска политика, година

В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*

Влада на Република Македонија - Секретаријат за европски прашања (2009), *„Преговори за членство во Европската Унија",* Скопје јануари 2009

да биде запознаена и пошироката јавност, и домашната и ЕУ јавноста, и треба да биде активно инволвирана во различните подрачја.

### 2.6.Принципи

Денешниот процес на проширување на Унијата се темели врз следниве основни принципи:

- Исполнување на политичките и на економските критериуми за влез во Унијата;

Политички критериуми чие исполнување се зема предвид како услов за влез во ЕУ се: владеење на правото; стабилноста на институциите и заштитата на човековите права. Тие се разгледуваат преку работата на владата, на парламентот, на судскиот систем, преку поседувањето на ефективен систем за борба против корупцијата, систем за заштитата на човековите права, како и исполнувањето на меѓународните обврски, вклучително и регионалната соработка. Економски критериуми кои се земаат предвид се: поседувањето на функционална пазарна економија и способност да се издржи конкуренцијата во рамките на Унијата. Тоа се разгледува преку основите на економската политика на земјата -кандидат, макроекономската стабилност, усвојувањето на acquis-от, развојот на финансискиот сектор, учеството на земјата во рамките на пазарот и сл.[36]

- Ригорозна условеност

-Ова значи дека секое доближување и напредок на земјите кандидати за членство кон Унијата, ќе биде јасно условено од завршувањето на претходно поставените реформи. Пристапувањето кон Европската унија се условува со

---

[36]В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*(EUROAPA VON A bis Z)Европа од А до Ш, Институт за европска политика, година

В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*

Влада на Република Македонија - Секретаријат за европски прашања (2009), *„Преговори за членство во Европската Унија“,* Скопје јануари 2009

прифаќањето на сите права и обврски кои се основа на Унијата, како и прифаќањето на институционалната рамка на Унијата, попозната како acquis communautaire (прилог 3). Од гледна точка на преговорите за членство, правната рамка на Унијата е поделена во 35 тематскипоглавја. Прифаќањетона правото на Европската унија не е работа за која се преговара, туку предмет на преговорите се начинот, времетраењето и условите за неговото преземање (на правото на ЕУ), како и неговото усогласување со националното законодавство.

- Ништо не е договорено сé додека конечно не биде договорено

-Тоа е технички принцип за водење на преговорите кој нагласува дека постои можност за повторно отворање на кое било поглавје од преговорите, без разлика што поглавјето веќе еднаш било затворено. Оваа можност постои сѐ до одлуката за финално затворање на преговорите.

- Прилагодувања на земјата кандидат

-Во принцип, преговорите многу повеќе се однесуваат на прилагодувања на земјата-кандидат кон Европската унија отколку на Европската унија кон земјата-кандидат. За ваквиот тип преговори важи принципот на структурна асиметрија во преговарачката моќ на страните, односно тоа дека преговарачките страни немаат иста или слична преговарачка моќ. Во секој случај, се јавуваат ситуации кога земјата кандидат не е во можност да преземе или да примени определени сегменти на законодавството на Унијата, во временскиот период пред стапувањето во Унијата. Поради тоа, за време на преговоритеможе да се побарааттранзициски периоди -временски рокови во кои земјата (која веќе станала членка на Унијата) ќе се прилагоди на односното законодавство. Во многу ретки случаи, може да се одобри и исклучок од примената на одреден сегмент од правото на Унијата или попознат како дерогација. Ова би било трајно отстапување од примената на правото на Европската унија под прецизно утврдени услови.

- Обезбедување поддршка од страна на граѓаните на Европската унија за секое ново проширување.

-Во основата на овој принцип лежи легитимитетот на одлуките на Европската унија, кој се изразува преку прифаќањето на одлуките од страна на нејзините граѓани.[37]

**2.7.Предизвици**

Со создавањето на Договорот од Лисабон, потпишан на 13 декември 2007 година од страна на 27 земји-членки на Унијата и влезен во сила на 1 декември 2009 година, кога сите земји на ЕУ го ратификуваа во согласност со своите национални постапки, се сменети претходните договори на ЕУ, и се подобрија оперативните методи за да обезбеди Унијата, во 21 век, да функционира што е можно поуспешно и поделотворно.

Предизвик за државите членки и оние кои имаат статус кандидат и земји-членки за влез во Унијата, е тоа што им служи на интересите на граѓаните и им овозможува да имаат удел во европските прашања преку новата граѓанска иницијатива. Исто така, ги штити правата преку Повелбата за основните човекови права, ја јакне улогата на Европскиот парламент и им дава нови овластувања на националните парламенти. Европската унија го прави поуспешно донесувањето на одлуки на европско ниво и овозможува ЕУ да говори со единствен глас во светот. Воведува нови мерки за решавање на клучните прашања што влијаат врз квалитетот на животот, меѓу кои се климатските промени, меѓународниот прекуграничен криминал и енергетиката. Истовремено, ги штити правата на секоја земја-членка, особено во чувствителните области какви што се оданочувањето и одбраната.[38]

---

[37]В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*(EUROAPA VON A bis Z)Европа од А до Ш, Институт за европска политика, година

В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*

Влада на Република Македонија - Секретаријат за европски прашања (2009), *„Преговори за членство во Европската Унија“,* Скопје јануари 2009

[38]Луксембург: Канцеларија за службени изданија на Европската Унија, 2010 *„Ваш водич низ Договорот од Лисабон“*
Влада на Република Македонија (2011), „*Национална програма за усвојување на правото на Европската унија*“, Скопје,

Договорот од Лисабон се заложува дека Европската унија ќего реализира следното:

- ќе работи за одржлив развој на Европа, што се темели врзурамнотежен економски раст и стабилност на цените, и врзвисококонкурентна социјална пазарна економија што целикон целосно вработување и социјален напредок, со високстепен на заштита на животната средина;
- ќе се бори против социјалната исклученост и дискриминација иќе јапромовира социјалната правда и заштита;
- ќе промовира економска, социјална и територијална кохезија исолидарност меѓу земјите-членки;
- ќе остане посветена на економската и монетарна унија, соеврото како нејзина валута;
- ќе ги негува и ќе ги промовира вредностите на Европската унија пошироко восветот и ќе придонесува за мир, безбедност, одржлив развој на Земјата, солидарности почитување меѓу народите, слободна и фер трговија и искоренување насиромаштијата;
- ќе придонесува за заштитата на човековите права, особено правата на децата,како и за строго почитување и развој на меѓународното право, вклучително ипочитување на начелата од Повелбата на Обединетите нации.

## ГЛАВА 3.

### Проширување

### 3.1.Поим и значење

Веќе половина век, Европската унија продолжува со сé поголемо интегрирање, и истовремено врши прием на нови членки. Овие процеси, во поголемиот дел од времето, се одвиваа паралелно. Како резултат на тоа, денешната ЕУ со 28 земји популација од околу 500 милиони луѓе, е многу побезбедна, повеќе просперитетна, посилна и повлијателна отколку Европската економска заедница пред 50 години, со своите шест членки и популација од помалку од 200 милиони луѓе. Од самиот почеток,

зголемувањето на членството претставуваше дел од развојот на европското интегрирање. Дебатата за проширувањето е исто толку стара колку и самата ЕУ.

Секој пат кога ЕУ прима нови членки, таа се менува. Размислувајќи за тоа што можеме да станеме, обврзанисме да размислуваме за тоа кои сме сега и кои сакаме да бидеме во иднина. Проширувањето од 2004/2007 со земјите од Централна и Источна Европа и Медитеранот се покажа како голем успех за ЕУ, иако беше искористена како жртвено јагне за секакви социјални и економски проблеми во Европа. Со последната рунда на проширување, всушност, се прошири областа на мир, стабилност и демократија на нашиот континент и се зајакна европската економија преку проширување на пазарите, отворање на нови можности за бизнис и присуство на брзо растечките економии на единствениот пазар. ЕУ, сега, е најголемата економска зона во светот. Зголемениот внатрешен пазар и новите економски можности ги зголемија европскиот просперитет и конкурентноста.[39]

### 3.2.Особености на процесот на проширување

Уште од своето основање, концептот на отворена организација е основата на ЕЗ. Секоја европска држава може да побара да стане членка на ЕУ (член 49 од ДЕУ). Но, географската компонента не е доволен предуслов, а во случаи на граничење може да биде и спорна. Но, барањето на Мароко во 1987 година беше одбиено од географски причини. По ревизијата на Договорот од Амстердам, барањето за членство се поврзува со начелата на Унијата наведени во член 6(1) од ДЕУ, имено со почитување на слободата, демократијата, човековите права и основните слободи, како и правната држава. Покрај ова, со член 4(1) од ДЕЗ се утврдува дека земјите-членки и Заедницата водат → економска политика која е обврзана да го почитува начелото на отворена пазарна економија со слободна конкуренција. На

[39]Европска комисија, Генерален директорат за проширување 2007, *„Разбирање на проширувањето, Политика за проширување на Европската Унија“.*
Влада на Република Македонија (2011), *„Национална програма за усвојување на правото на Европската унија*“, Скопје,

самитот во Копенхаген во 1993 година, ЕУ овие услови, со осврт на асоцираните земји од Средна и Источна Европа, ги преточи во листа на критериуми. Оттогаш наваму следните услови се предмет на контрола кај секое барање за членство: (1) Стабилноста на демократијата и нејзините институции (владеење на правото, демократија, повеќепартиски систем, почитување на човековите права, заштита на малцинствата итн.), (2) пазарна економија која функционира и способноста за справување со притисокот на конкуренцијата на внатрешниот пазар, (3) способноста за преземање на права и обврски кои произлегуваат од acquis, вклучувајќи ги и целите на политичката унија како што е Економската и монетарна унија. Како следна точка се наведува моќта на апсорпција на Унијата, односно способноста за прифаќање на нови членки, а притоа да се запази динамиката на европската интеграција. За да се отпочне со преговорите мора да бидат исполнети барем политичките критериуми за членство на Заедницата. Сепак, одлуката за отпочнување и завршување на преговорите е акт на политичка дискреција на земјите-членки.[40]

Општата постапка за членство е многу поразлична од она што е наведено во член 49 од ДЕУ. Таа, во суштина, не е изменета од проширувањето кон север (потполно преземање на acquis, пристапување на повеќе држави во исто време, продлабочување на интеграцијата покрај/заради преговорите за членство). Но за време на проширувањето кон исток, таа е проширена со таканаречената Стратегија за приближување. Сепак, за тековните преговори со Турција се предвидени редица нови елементи во постапката, кои водат кон уште посилна контрола на процесот од страна на земјите- членки и дејствуваат против автоматизмите. На почетокот европската држава која бара членство поднесува барање до Советот. Овој еднostран израз на волјата може да се повлече од страна на земјата-кандидатка сѐ до поднесување на потврдата за ратификација, како во случајот со Норвешка во 1994 година. Во своето привремено мислење кое Комисијата го доставува до Советот, таа ги наведува општите можности и проблеми за бараното пристапување. По потреба мислењето го дополнува со студии за влијанието

[40]Европска комисија, Генерален директорат за проширување 2007, *„Разбирање на проширувањето, Политика за проширување на Европската Унија“.*
В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*(EUROAPA VON A bis Z)Европа од А до Ш, Институт за европска политика, година

врз ЕУ. Потоа Советот едногласно одлучува за отпочнување на преговорите во смисла на член 49 од ДЕУ. На сите нивоа Претседателството на ЕУ (Советот на ЕУ) ги води преговорите со земјата-кандидатка во име на земјите-членки. Сепак, Комисијата игра централна улога, бидејќи на Советот му предлага заеднички прговарачки позиции на ЕУ и има повеќекратни директни работни контакти со земјата-кандидатка.

Преговорите се водат во рамки на конференции за пристапување, односно потребна е едногласност. За преговорите acquis се дели по поглавја. Во зависност од големината и транспарентноста на поглавјата се водат едноставни (на пример, кај образование, туризам) или долги (внатрешен пазар, конкуренција, заедничка земјоделска политика, внатрешни работи и правда) преговори. Советот едногласно одлучува за отворањето и затворањето на поглавјата од преговорите и го испитува исполнувањето на претходно споменатите одредници. Пред отпочнување со конкретните преговори се прави аналитичка претстава на acquis, кое постојано се развива и се споредува со состојбата во земјата-кандидат (скрининг). Преговорите се поставени асиметрично, бидејќи стојат под императивот на преземањето на acquis. Според традиционалната практика на проширување, ЕУ не дозволува постојани отстапувања. Земјата-кандидатка поднесува барање за временски ограничените преодни правила, а Советот се изјаснува со позиција која ја застапува заедно со ЕУ. Комисијата ја има задачата да ја развие оваа заедничка позиција и да даде алтернативни предлози, доколку не се постигне согласност со земјата-кандидатка.

Внатрешните процеси на гласање во ЕУ се мошне долги и на земјите-членки им нудат доволно можности да ги спроведат своите специфични интереси и да го одредат и темпото на одвивање на преговорите. Земјите-членки, од своја страна, како во случајот на слободното движење на работниците за земјите кои пристапија во 2004 година, односно во 2007 година – во преговорите можат да воведат преодни правила за потполна примена на acquis како заедничка позиција.

Најголем дел од внатрешните подготовки се одвива на ниво на работните групи на  Советот на ЕУ и на Комитетот на постојаните претставници (КПП). Комитетот ги застапува своите претставници и на конференциите за

пристапување. Одлуките за политички осетливите прашања, како, на пример, слободното движење или вклучувањето во институциите, според искуството се на ниво на министрите и шефовите на влади.

Кај преговори со Турција за првпат се предвидува можноста Советот по предлог на Комисијата или по барање на една третина од земјите-членки со квалификувано мнозинство да може да донесе одлука за прекинување и повторно отпочнување со преговорите, доколку кандидатот е виновен за тешки и постојани повреди на основните вредности на ЕУ (согласно со член 7 од ДЕУ). Земјата-кандидатка се консултира, а ЕП само се известува. Начелно важи правилото дека и оние поглавја за кои е постигната согласност меѓу земјата-кандидатка и ЕУ само привремено се затвораат, а се усвојуваат дури на крајот како заеднички пакет. На крај, согласно со член 49 од ДЕУ, следува склучување на спогодба меѓу земјите-членки и земјата која го поднела барањето. Со спогодбата се уредуваат конкретните модалитети на пристапувањето. Условите за членство се поврзани со преодните правила, кои на земјата-пристапничка или и на ЕУ им овозможуваат временски ограничени отстапувања од Договорот за ЕЗ. Така, на пример, со десетте држави кои пристапија во 2004 година, се договорени вкупно околу 300 преодни правила, до единаесет години. Под импресиите од преговорите со Турција, ЕУ сериозно размислува за договарање на „долги преодни рокови, исклучоци, специфични спогодби или трајни заштитни клаузули“ (пред сè, во однос на слободното движење, структурната политика и земјоделството) со земјата-кандидатка.[41]

Дури во завршната фаза на преговорите се применува постапката опишана во член 49 од ДЕУ. Најпрво, Советот го добива конечното мислење на Комисијата во врска со членството. Ова мислење не е обврзувачко за Советот. Во текот на фазата на преговарање, Европскиот парламент се информира за текот на разговорите. Тој со апсолутно мнозинство на своите членки мора да се согласи со приемот на нови членки.

Дури тогаш се носи едногласна одлука од страна на Советот. Договорот за пристапување се потпишува од страна на претставниците на земјите-членки

---

[41]Европска комисија, Генерален директорат за проширување 2007, *„Разбирање на проширувањето, Политика за проширување на Европската Унија“.*
В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*(EUROAPA VON A bis Z)Европа од А до Ш, Институт за европска политика, година

на ЕУ и земјата-пристапничка/ земјите-пристапнички, откако Парламентот и Советот ќе ја дадат својата согласност. Бидејќи станува збор за меѓународен договор, потребна е ратификација од земјата-кандидатка и од сите земји-членки, во согласност со нивните уставно-правни прописи. Процесот на ратификација трае околу две години. Со поднесување на потврдата за ратификација завршува постапката за пристапување. Со влегување во сила на Догворот за пристапување во договорениот рок, земјата- пристапничка меѓународно станува договорна страна на сите договори врз кои се засноваат Европската заедница и Унијата.

### 3.3.Услови и критериуми за членство

На 25 март 1957, лидерите на шест земји кои сé уште закрепнуваа од разорувањата на војната, седнаа заедно во Рим официјално да ги потпишат договорите со кои беше родена денешната Европска унија. Тоа беше чекор без преседан, за кој беше потребна голема храброст и визија: земјите кои со векови војуваа, се договорија заеднички да одлучуваат за прашања кои се од суштинско значење за нивната иднина. Исто така, тие се сложија да пренесат дел од својата моќ на ново ниво, кое сега едноставно го нарекуваме Европска унија.

ЕУ е историски успех и со неа настапи најдолгиот период на непрекинат мир и ненадминато ниво на просперитет за нејзините народи. Она што на почетокот беше клуб на шестмина, сега е дом на 28 земји со популација од речиси 500 милиони луѓе. Успехот на ЕУ доби магнетска привлечност. Интегрирањето на нови членки беше дел од планот уште од самиот почеток. Татковците на основањето беа доволно уверени во својата идеја за да ги оставаат вратите отворени за да им пристапат други европски земји. Одговорот на ЕУ на променетиот европски политички пејсаж во последните пет декади, беше да им помогне на земјите кои имаат наклоност да станат членки, да го промовира економскиот развој и солидарност, и да ги зајакне демократските сили во земјите кои изникнуваа од диктатура.[42]

[42]Европска комисија, Генерален директорат за проширување 2007, *„Разбирање на проширувањето, Политика за проширување на Европската Унија“.*

Европската унија донесе огромни предности за сите Европејци: стабилност, просперитет, демократија, човекови права, основни слободи и владеење на правото. Овие не се само апстрактни начела. Тие го променија квалитетот на животот на милиони луѓе. Придобивките на потрошувачите во ЕУ од единствениот пазар се очигледни: економски развој и отворање на работни места, побезбедни производи, пониски цени и поголем избор во клучните сектори како што се телекомуникациите, банкарството и воздухопловството, а тоа се само неколку од нив.

Условите за пристапување кон ЕУ, низ текот на еволуцијата на Унијата, се дефинираат со сé поголема прецизност, со цел да им се овозможи на граѓаните на Унијата поголема јасност, како и водство и советување на земјите кои сакаат да и пристапат. Во членот 49 од Договорот за Европската унија, се наведува дека секоја европска земја може да аплицира за членство, доколку се почитуваат принципите на слобода, демократија, почитување на човековите права и основни слободи, и владеење на правото. [43]Една земја може да стане членка ако ги исполнува сите критериуми за пристапување, како што беше дефинирано од Европскиот совет во Копенхаген во 1993, и тоа беше зајакнато во 1995. Тие критериуми се:

- Политички: стабилни институции кои гарантираат демократија, владеење на правото, човекови права и почитување и заштита на малцинствата.
- Економски: функционална пазарна економија и капацитет за справување со конкуренцијата и силите на пазарот во ЕУ.
- Капацитет за преземање на обврските од членството, вклучително и придржување кон целите на политичката, економската и монетарната унија.

В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*(EUROAPA VON A bis Z)Европа од А до Ш, Институт за европска политика, година

[43]Европска комисија, Генерален директорат за проширување 2007, *„Разбирање на проширувањето, Политика за проширување на Европската Унија“.*

В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*(EUROAPA VON A bis Z)Европа од А до Ш, Институт за европска политика, година

- Целосно усвојување на европското законодавство и негово ефективно спроведување преку соодветни административни и судски структури.

Покрај тоа, ЕУ мора да биде во можност да интегрира нови членки, и оттаму го задржува правото да одлучува кога е подготвена да ги прифати. Некои земји сé уште треба да ја преточат својата европска перспектива во членство во ЕУ. Турција,Република Македонија, Србија и Црна Гора се веќе земји кандидатки.  Другите земји од Западен Балкан: Албанија, Босна и Херцеговина,  вклучително и Косово (согласно Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на ОН) исто така работат на исполнување на критериумите за придвижување нанапред. Брзината со која секоја од овие земји напредува зависи единствено од нејзиниот напредок кон нашите заеднички цели.

### 3.3.1.Политички критериуми

Политичките критериуми се поврзани не само со формалните аспекти на различните политички и демократски институции, туку и со нивното функционирање и применувањето на различните права и слободи во пракса. Условите во однос на човековите права се однесуваат на начинот на кој одредбите од најважните конвенции за човекови права, особено Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи, се имплементираат во пракса, вклучувајќи ги и медиумите и слободата на печатот. Критериумите кои се однесуваат на почитувањето и заштитата на малцинствата зависат особено од имплементацијата на начелата поставени во рамковна конвенција за заштита на малцинствата на Советот на Европа.[44]

Обезбедувањето на внатрешната стабилност е услов sine qua non за успешна подготовка за пристапување кон ЕУ, на било која земја. За

[44]Европска комисија, Генерален директорат за проширување  2007, *„Разбирање на проширувањето,        Политика за проширување на Европската Унија“.*
В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*(EUROAPA VON A bis Z)Европа од А до Ш, Институт за европска политика, година

постигнување на стабилен демократски развој, исто така, потребно е да се одржува стандардот за фер однос. Особено, изборното законодавство ќе треба да се усогласи со тековните реформи, поконкретно, со реформите во локалната самоуправа. Исто треба да се унапредува интерната демократизација на политичките партии. Постоењето на модерна, способна и ефикасна јавна администрација има клучна важност за подготовките на земјата за нејзиното идно пристапување кон Унијата, како и исполнување на сите обврски кои произлегуваат од членството. Постојните закони, во сферата на јавната администрација, треба да се менуваат, со цел, да се воведат одредби и инструменти преку кои ќе се обезбеди заштита од непотизам, конфликт на интереси, партизација или етнички предрасуди во јавната администрација или слични дискриминаторски појави кои би влијаеле негативно во достигнувањето на соодветните стандарди.

Особено важни се реформите во судството, кои треба да се одвиваат согласно со насоките опишани во Стратегијата за реформи во судството. Понатаму, политичките критериуми опфаќаат мерки за борба против организираниот криминал, измамите, корупцијата, нелегалната трговија со оружје, дрога и луѓе, како и други активности поврзани со организираниот криминал, вклучувајќи ги и оние кои се потребни за зајакнување на граничните контроли

### 3.3.2.Економски критериуми

Економскиот критериум се состои од два елемента: постоење на фукционална пазарна економија и капацитет за справување со притисокот од конкуренцијата и пазарните сили во рамките на Унијата. За да постои функционална пазарна економија, потребна е либерализација на цените и трговската размена, како и постоење на ефикасен правен систем, особено во поглед на правата на сопственост.

Макроекономската стабилност и консензусот, во однос на основите на економската политика, се исклучително важни за зајакнување на перформансите на пазарната економија. Важно е и да постои развиен

финансиски сектор, но во исто време, да нема поголеми пречки за пристап и излез на пазарот, бидејќи тоа придонесува кон подобрување на ефикасноста на стопанството. [45]Сосема е јасно дека постоењето на пазарната економија и стабилната макроекономска рамка влијаат врз капацитетот за справување со притисокот од конкуренцијата и пазарните сили во рамките на Унијата. Истовремено потребнисе човечки и материјален капитал, како и соодветна инфраструктура.

Најпрво треба да бидат задоволени основните предуслови за обезбедување на одржлива економска стабилност и раст, и тоа:

- стабилни институции на пазарната економија;
- независен и ефикасен систем за извршување на законот;
- монетарна стабилност, која обезбедува стабилни цени; и
- пониски и стабилни каматни стапки.

Исполнувањето на овие предуслови ќе обезбеди успешна имплементација на структурните реформи, кои доведуваат до забрзан економски развој. Стабилните институции кои ќе раководат со пазарната економија треба да бидат финансиски независни и имуни на политичките процеси во земјата. Покрај зајакнувањето на нивниот капацитет, треба да се обезбеди независност и во финансиска и оперативна смисла.[46]

Главната цел на монетарната политика, пак, е контрола на инфлацијата и одржување стабилност на цените, намалување на каматните стапки на краток

[45]Европска комисија, Генерален директорат за проширување 2007, *„Разбирање на проширувањето, Политика за проширување на Европската Унија“.*
В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*(EUROAPA VON A bis Z)Европа од А до Ш, Институт за европска политика, година

[46]Европска комисија, Генерален директорат за проширување 2007, *„Разбирање на проширувањето, Политика за проширување на Европската Унија“.*
В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*(EUROAPA VON A bis Z)Европа од А до Ш, Институт за европска политика, година

или среден рок, и одржување на стабилен курс на националната валута. Реформските мерки, особено влијание остваруваат врз зајакнувањето на конкурентноста на приватизираните претпријатија и создавањето на услови за нивна одржлива профитабилност и развој. Исто така, треба што е можно побргу да се завршат процесите на приватизација на сите претпријатија кои се во сопственост на државата, според социјално и финансиски прифатливи услови, особено на големите претпријатија кои работат со загуба.

Реформите за реструктуирање ќе вклучуваат и мерки насочени кон поддршка на новиот приватен сектор, особено на малите и средните претпријатија, како и обезбедување на соодветни услови за новите учесници на пазарот, особено преку странски инвестиции. Притоа, економскиот развој не би бил комплетен без зголемување на вработеноста, доколку социјалната политика и програми, како и програмите за преквалификација и реструктуирање на претпријатијата не се поддржани.

### 3.3.3.Acquire Communataire - легислативата на Европската унија

Јасно е дека доколку една држава - кандидат се обидува да го исполни третиот Копенхагенски критериум, не треба само да го преслика законодавството на Унијата, туку треба да оствари и преземе многу повеќе во својот правен поредок. Најпрво, треба да изгради целосно разбирање на предностите и недостатоците на постојниот систем на прописи и формулацијата на политиката, во сите сфери во кои заедницата презела активности.

Потоа, мора да бидат идентификувани разликите помеѓу административниот и правниот систем на земјата - кандидат и законодавството на заедницата и да се дефинираат приоритетните активности за разрешување на најитните и најважните прашања. Во оваа фаза, досегашните држави - кандидати беа потпомогнати преку еден долг процес на скрининг предводен од ЕК, со кој се испитува нивната компатибилност со законодавството, што им помогна да се здобијат со потполно разбирање на деталите за тоа како функционираат одделните политики на заедницата, каква е нивната

интеракција и како тие биле имплементирани во рамките на различните административни и правни традиции на постојните држави - членки. [47]

Третата централна фаза во усвојувањето на законодавството, вклучува пренос на законодавството на ЕУ во националниот правен поредок , откако ќе се дефинираат различните опции за имплементација, ќе се избере најефикасниот метод и ќе се подготват нацрт - одредбите во форма која е прифатлива за националната правна практика. Но тука не е крајот на овој процес. Секој елемент од законодавството бара прецизна анализа на институционалните и процедуралните барања кои ги поставува пред јавните органи, без разлика дали се тоа министерствата, другите органи или пак на локално ниво, како и оцена дали тие го поседуваат потребниот капацитет за превземање на тие задачи.

Во речиси секој случај ќе биде потребна обука и публицитет, но во многу од нив, ќе треба да се започне формална програма за институционално зајакнување, а можеби и основање на нови органи. Овие активности ќе зависат не само од помошта и соработката која ќе биде понудена од ЕУ, туку и од билатералната помош и поддршката од другите меѓународни организации. Притоа мора да се обезбеди подобра координација помеѓу министерствата кои имаат заеднички надлежности.Овие три точки ги претставуваат основните критериуми од Копенхаген, кои мора да се спроведат и исполнат за успешен влез во Европската унија.

## ГЛАВА 4.

## Евроинтеграцијата и проширувањето

Европската интеграција е олицетворение на идејата за заедништво и заемно почитување на народите на стариот континент. Модерна Европа е создадена врз основа на највисоките демократски стандарди и постојаното

[47]Европска комисија, Генерален директорат за проширување 2007, *„Разбирање на проширувањето, Политика за проширување на Европската Унија“.*
В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*(EUROAPA VON A bis Z)Европа од А до Ш, Институт за европска политика, година

движење во кое се остваруваат најразлични облици на политичка соработка во специфични институционални рамки. Европа е единствена и посебна по многу нешта и заслужува особено внимание и интерес во нејзиното проучување.

Европската интеграција подразбира градење на единство меѓу европските народи. Во рамките на современата европска терминологија овој термин означува здружување на националните ресурси на државите членки и заедничко донесување одлуки засновани на висок степен на разбирање и заемно почитување. Процесот на одлучување се остварува низ различни процедури, со изразен интерактивен однос помеѓу институциите на Европската унија, пред сè нејзините највисоки управни органи и тела: Парламентот, Советот на министри и Комисијата. Денес, институционалната поставеност и функционалност на органите и телата во Европската унија, пред сè претставува висок израз на дефиниран стратешки концепт за остварување на постојана и цврста европска интеграција.[48]

### 4.1. Општествено-политичка детерминанта на евроинтеграцијата

Во основа, мотивот на повеќедецениската европска интеграција е втемелен во желбата на европските земји за меѓусебно интегрирање, заснована врз цврсто изразен заеднички интерес за тоа. Но, во поширока смисла на зборот, мотивите за меѓусебно интегрирање се најразлични, од безбедносни, до чисто економски, политички, повеќе или помалку изразени кај секоја земја членка на Унијата. Па, сепак, од многу фактори, кои влијаеле врз појавувањето на европските заедници и нивното прераснување во денешната Унија, би можеле да се издвојат помеѓу нив неколку позначајни.

Како прво, иницирањето и развитокот на европската интеграција е мотивирано од политичко-безбедносните интереси на земјите членки. Импулсот за интегрирање преку почетното создавање на трите заедници во 50-

[48]В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*(EUROAPA VON A bis Z)Европа од А до Ш, Институт за европска политика, година
*Договор за функционирање на Европската Унија* (пречистен текст), објавен во Официјалниот весник на ЕУ бр.83 од 30.03.2010 година
Т.Вејл (2009), „Европска политика: Компаративен вовед“, Скопје, Академски печат;

тите години е резултат на желбата за раскинување со повторливата навика на крвави конфликти помеѓу државите-нации, како одлика на европската политика од минатото, којашто кулминираше со Втората светска војна, а заврши со несогледливи последици за човештвото во целост. Во таа смисла, политичките посвоени елити беа принудени да бараат нова над-национална европска политичка структура во којашто остварувањето на националниот интерес веќе не беше оставено да биде грижа само на одделните држави-нации, што во европската историја се покажа како болно и крајно деструктивно.[49]

Истовремено, во еден подолг период во времетраењето на студената војна во Европа, по иницијатива и почетна помош од страна на САД и преку ефектуирањето на политичкиот концепт наречен Маршалов план, интеграцијата во рамките на европските заедници имаше функција да создаде политичко-безбедносен чадор за западноевропските демократски земји во однос на тогашниот источно европски лагер, предводен од поранешниот СССР. Во суштина, не се предвидувал воен сојуз (*таква улога имаше НАТО*), туку блок на интегрирани земји членки со истовидни традиции и сродни внатрешни системи.

Безбедносната димензија на европската интеграција продолжува и по крајот на студената војна и распаѓањето на СССР и во основа е насочена кон пресретнување на нови предизвици и остварување на нови цели. Гледано низ призма на ослободени историски и воено-политички концепти и идеологии, безбедносната функција е втемелена во структурата на денешната Европска унија како значаен сегмент на вториот столб на Унијата - заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската унија.

Втората група на доминантни фактори кои ги диктирале појавата и развитокот на европските заедници и Унијата, се од економска природа и лежат во цврсто вкоренетите *економски интереси на земјите-членки*. Размислувањето, по Втората светска војна дека политичката структура на обновената Европа би можела да биде организирана над-национално во однос на дотогашниот модел заснован врз одделните држави-нации, истовремено,

[49]В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*(EUROAPA VON A bis Z)Европа од А до Ш, Институт за европска политика, година
*Договор за функционирање на Европската Унија* (пречистен текст), објавен во Официјалниот весник на ЕУ бр.83 од 30.03.2010 година
Т.Вејл (2009), „Европска политика: Компаративен вовед“, Скопје, Академски печат;

било проследено со паралелен економски резон, според кој во услови на сè поголема интернационализација на економските активности, дотогашното ограничување на пазарите на националните територии не овозможувало најдобро искористување на националните ресурси.[50]

Наспроти тоа, интегрирањето на националните пазари во поширок заеднички пазар овозможува специјализација на националните економии и максимално искористување на локалните потенцијали, што економистите го објаснуваат преку *Теоријата на компаративни предности.*

Истовремено, производителите, оперирајќи на проширениот заеднички пазар, имаат можност да ги намалат производните трошоци преку поинтензивна употреба на производните капацитети, односно, преку т.н. *економија на обем.* Конечно, потребата од поширока економска интеграција произлегувала и од практичните причини што неминовно ги носи технолошкиот прогрес во рамки на сè поинтензивната меѓународна трговија со стоки и услуги, што рапидно го намалува капацитетот на државите да остваруваат на ефективна регулација на економските активности на нивната територија и од нив бара здружување на наднационално ниво.

Во крајна линија, Европската унија/ Европска заедница е резултат на сознанието на земјите-членки дека економски интегрирани се посилни и економски просперитетни. Така би се остварувало функционирање на наднационално ниво, така што на некој начин, Унијата постои и се одржува токму заради проценката на членките дека со неа добиваат повеќе, особено, во денешни услови на глобализираниот свет.

Под влијание на гореспоменатите фактори, а особено на последните, европската интеграција се јавува првенствено како економска, иако се разбира, економската интеграција, истовремено, имала значајни импликации и на политички план. [51]

---

[50]В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*(EUROAPA VON A bis Z)Европа од А до Ш, Институт за европска политика, година
*Договор за функционирање на Европската Унија* (пречистен текст), објавен во Официјалниот весник на ЕУ бр.83 од 30.03.2010 година
Т.Вејл (2009), „Европска политика: Компаративен вовед“, Скопје, Академски печат;

[51]В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*(EUROAPA VON A bis Z)Европа од А до Ш, Институт за европска политика, година
*Договор за функционирање на Европската Унија* (пречистен текст), објавен во Официјалниот весник на ЕУ бр.83 од 30.03.2010 година
Т.Вејл (2009), „Европска политика: Компаративен вовед“, Скопје, Академски печат;

Од друга страна, во еден значаен дел, како резултат на повеќедеценискиот развој, интеграцијата е проширена и врз стриктно политички сфери, вклучувајќи ги и оние коишто традиционално биле резервирани за државите, како што се надворешната политика, безбедноста или полициските работи. Па сепак, најголем степен на интеграција е постигнат на економско поле, и тоа во рамките на Европската заедница која се карактеризира со поцврст метод на одлучување околу прашањата поврзани со интеграцијата и наднационалната контрола над спроведувањето на обврските кои произлегуваат од неа (*комунитарен метод).*

Повеќенационалниот процес на интеграција може да се дефинира како доброволно утврдување на договор воспоставен помеѓу независни држави, заеднички институции и постепен развој на заедничка политика, која ќе биде наменета за остварување на заеднички цели, кои, пак, ќе служат на заеднички интереси.

Концептот на повеќенационалниот процес на интеграција именуван како *доброволен,* јасно се одвојува од секоја форма на принудно управување или коалиција на нации или држави.

Исто така, треба да се разликува од *регионалната интеграција,*концепт кој многу често се користи за да ја карактеризира интеграцијата на повеќе земји во еден регион, наместо интеграцијата помеѓу неколку региони во светот бидејќи истиот процес веќе се одвива во голем број региони во светот.

Овој специфичен облик на повеќенационалната интеграција може да се случи во рамките на една држава во која живеат повеќе националности, меѓутоа конкретно во овој случај, институциите во истата држава функционираат врз основа на устав, наместо договор склучен помеѓу независни држави.

Потребните услови за почетокот на повеќенационалната интеграција се темелат врз политичката, економската и останатата елита во државите-членки, како и нивната сериозна посветеност на исполнување на националниот интерес, наместо следење на сопствениот интерес или интересот на одредена класа или општествена категорија.[52]

---

[52]В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*(EUROAPA VON A bis Z)Европа од А до Ш, Институт за европска политика, година
*Договор за функционирање на Европската Унија* (пречистен текст), објавен во Официјалниот весник на ЕУ бр.83 од 30.03.2010 година

### 4.2. Потреба од проширување или предизвик

Од проширувањето имаат корист и земјите-членки и земјите-пристапнички. На овој начин Европа станува побезбедно и попросперитетно место, особено преку промовирањето на демократијата и на основните слободи, владеењето на правото и заедничкиот пазар. Поволностите од заедничкиот пазар се значителни: економски раст што носи повисок животен стандард, побезбедни производи за широка потрошувачка, пониски цени и поголем избор во телекомуникациите, банкарскиот сектор, авиотранспортот и многу други сектори. Како што расте Европската Унија, така расте и бројот граѓани што ги уживаат овие поволности. Пред сè, ЕУ е заедница на вредности. Ние сме семејство на демократски европски земји што се посветиле да работат заедно за да ги сочуваат мирот и слободата, просперитетот и социјалната правда, и застануваме во одбрана на овие вредности. Се трудиме да ја продлабочиме солидарноста меѓу народите во Европа, а при тоа да ја почитуваме и да ја зачуваме разноликоста.

ЕУ овозможува значителни економски и социјални придобивки и за „старите“ и за „новите“ земји-членки. Општо земено, „новите“ земји-ченки имаат поголем економски раст од „старите“. Тоа им овозможи да го зголемат бруто домашниот производ (БДП) по жител од 40 % колку што изнесувае просекот на ЕУ-15 во 1999 г. на 60 % во 2012 г. Економскиот раст во новите земји-членки долго време изнесуваше 4%. Се оценува дека ова придонесе годишниот раст на „старите“ членки да се зголеми за 0,5% поради поволното влијание од трговијата со новите членки и од инвестирањето во компании во овие земји. . Иако слободното движење на луѓето предизвикува спротивставени мислења во некои земји, се оценува дека БДП на „старите“ земји-членки долгорочно расте за 1% како резултат на мобилноста по проширувањата. Работниците што се движат низ ЕУ плаќаат повеќе даноци отколку што користат придонеси за социјално осигурување. Нема докази дека постои раширен или системски „туризам поради социјално осигурување“. ЕУ не ги хармонизира националните системи за социјално осигурување и помош, така што секоја земја-членка

---

Т.Вејл (2009), „Европска политика: Компаративен вовед“, Скопје, Академски печат;

слободно решава какво социјално осигурување ќе овозможи, под кои услови и колку долго. Покрај сѐ поголемиот напредок, процесот на проширување овозможува и стабилност, безбедност и владеење на правото во земјите што се приклучуваат кон Европската Унија. Политиката на проширување одигра важна улога при трансформацијата на поранешните комунистички земји, што пристапија кон ЕУ од 2004 г. до денес, во земји со функционални пазарни економии и демократски политички институции. Овој процес претставува исполнување на ветувањето што ЕУ им го даде на поранешните комунистички земји од централна и источна Европа на крајот од Студената војна. Водството што го обезбедија Европската комисија и други институции, како и институционалната и правната експертиза што ја понудија постојните земји-членки, им помогна на овие земји да поминат низ еден од најбрзите процеси на модернизирање во историјата.[53]

### 4.3. Последици од проширувањето за земјите членки

Економската интеграција во рамките на европската заедница (некогашните заедници) се одвивала низ неколку фази, односно, опфатила повеќе степени на економско интегрирање со различен интензитет.

Најниската форма на економското интегрирање, т.н. *зона на слободна трговија* , е остварена уште во првите години од постоењето на ЕЕЗ преку отстранување на царините и квотите во внатрешната трговија помеѓу земјите членки, со што, производителите од едната земја членка се стекнувале со можност слободно *да извезуваат стоки во другата земја без давачки и слични* ограничувања поврзани со преминување на границите помеѓу нив.

Во почетните години е остварено и повисоко планирано ниво на интеграција преку создавање на царинска унија којашто, покрај елиминирањето на бариерите во внатрешната трговија, воведува и заеднички царини за производите кои во земјите членки доаѓаат од трети земји, т.н. заедничка надворешна царина/тарифа.

[53] Канцеларија за публикации на Европската Унија, „ Опис на Европската Унија: Проширување“, Луксембург 2015 година

Формирањето на заедничката тарифа, нормално, претпоставувало и пренесување на водењето на надворешната трговска политика од земјите-членки врз европската заедница, т.н. надворешна или заедничка трговска политика на европската заедница, со што, таа се претвора во единствен трговски блок, vis a vis, земјите надвор од Унијата, односно европската заедница. [54]

За разлика од овие, за реализација на третото, далеку посеопфатно и посложено ниво на економска интеграција, заедничкиот пазар на европската заедница /Европската унија било потребно многу повеќе време и истото, по повеќедеценискиот застој, било драматично интензивирано кон крајот на осумдесеттите години на минатиот век.

Како централно место во европската интеграција, заедничкиот пазар претпоставува, покрај слободното движење на стоки во рамките на царинската унија и слободно движење на услугите и на другите производни фактори, работна сила и капиталот.

Во таа смисла, суштината на интеграцијата, преку создавање на заеднички внатрешен пазар, се состои *во отстранување на сите бариери што стојат на патот на слободното движење на стоките, услугите, работната сила и капиталот,* и тоа, како физичките, географските, така и економските ограничувања и бариери.

Во примерот на создавањето на заедничкиот пазар се гледа неможноста да се раздвојат прашањата на интеграцијата кои се чисто економски од оние кои имаат друга, во крајна линија, политичка димензија. По својата суштина, изградбата на внатрешниот пазар, како *подрачје без внатрешни граници во кое е обезбедено слободното движење на стоки, лица, услуги и капитал,* според зборовите на човекот надлежен за надгледување на процесот, лордот Кокфилд, претпоставуваше "комплетно укинување на внатрешните граници и како неопходна импликација, укинување ва граничните контроли кои се поврзани со внатрешните граници".

---

[54]В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*(EUROAPA VON A bis Z)Европа од А до Ш, Институт за европска политика, година
*Договор за функционирање на Европската Унија* (пречистен текст), објавен во Официјалниот весник на ЕУ бр.83 од 30.03.2010 година
Х. Х. Линц и А. Степан (2009), „Проблемите на демократската транзиција и консолидација
L Norman (2013), *Foreign Policy Puts Europe on Defensive*, The Wall street Journal,
G. Batten (2012), MEP, *Freedom, Security & Justice? Or The Creation of a European Union Police State*, Publisher, Gerard Batten

Меѓувладината соработка е конвенционална заштита на националните интереси, фиксирана во цврстата и позната заштитна барикада т.е. *зад националниот суверенитет.* За меѓувладина соработка не се потребни централни институции, ниту пак заедничко законодавство.

Договорот според кој се води соработката, повеќе зависи од добрата волја на владите учесници, отколку од заедничкото законодавство усвоено и спроведено од страна на супранационалните органи. [55]

Наспроти тоа, п*овеќенационалната интеграција* е динамична акција, која ги промовира националните интереси, во зависност од голем број непредвидливи внатрешни и надворешни параметри, и нејзиното постојано движење зависи од барањата на партнерите кои често се менуваат, како и од вишокот енергија која произлегува од колаборацијата на партнерите. Заштитата на интересите на малите и големите држави треба да биде поеднаква и тоа бара заеднички институции и прогресивно води кон воспоставување на голем број заеднички политики, усогласување на законодавството и до висок степен на заедничко управување со значајни делови од националниот суверенитет.

Во зависност од нивото на активности, извршени од страна на тие фактори врз учесниците во процесот, истиот може да биде привремено бавен или пак забрзан, меѓутоа се напомнува дека генералниот тренд на движење е напреден.

Сепак, теоретски е возможно процесот на повеќенационална интеграција наеднаш да престане, меѓутоа тоа се повеќе станува невозможно, бидејќи самиот процес континуирано ја зголемува и зајакнува економската, политичка и културната поврзаност помеѓу земјите учеснички.

Доколку се земе во предвид фактот дека обединувањето на нациите во Европа е сосема нов концепт и експеримент, особено по меѓусебните крвави војни и конфликти, напредокот кој го бележи заедницата е извонреден.

---

[55]G. Batten (2012), MEP, *Freedom, Security & Justice? Or The Creation of a European Union Police State*, Publisher, Gerard Batten
*Договор за функционирање на Европската Унија* (пречистен текст), објавен во Официјалниот весник на ЕУ бр.83 од 30.03.2010 година
Х. Х. Линц и А. Степан (2009), „Проблемите на демократската транзиција и консолидација

Со цел да се постигне рапиден развој на европската интеграција, потребно е да се земе во предвид и еволуцијата на заедницата, како и зголемувањето на бројот на нејзините членови.

Меѓутоа, треба да се нагласи дека постојат тешкотии во еволутивниот процес. Секоја држава која сака да пристапи во ЕУ, треба да биде подготвена во краток временски период да се прилагоди и да ги примени сите *Acquis Communitaure*, односно сетот на правните придобивки на Унијата.

Понатаму, државата треба да прифати дека тие политики и закони, преку градењето на заемна солидарност, создаваат тесна поврзаност помеѓу земјите членки, повеќе отколку условите наведени во договорите. [56]

Меѓусебната кохезивна поврзаност и функционалност на егзистирачките и развојните институционални облици на земјите-членки, скоро и да го доведуваат до апсурдпрашањето кое, од време на време, се поставува *дали е возможно земја членка на ЕУ да донесе одлука за одвојување од Унијата*.

Суштински, на ова прашање и не постои реален и одржлив одговор во одредбите на постоечките договори. Со оглед на тоа што процесот на повеќенационална интеграција е доброволен, секоја земја членка во секое време може да побара правно одвојување од останатите земји членки.

Меѓутоа, може единствено да се одвои на економска, политичка и општествена основа од останатите земји, иако истото е практично невозможно.

### 4.3.1. Позитивни трендови

Европската унија брои 28 земји членки. Новите земји-членки, кои се приклучија кон Унијата на 1 мај 2004, се: Естонија, Кипар, Летонија, Литванија, Малта, Полска, Словачка, Словенија, Унгарија и Чешката Република, како и Романија и Бугарија, кои заедно пристапија 1 Јануари 2007 год. и Хрватска,

---

[56] G. Batten (2012), MEP, *Freedom, Security & Justice? Or The Creation of a European Union Police State*, Publisher, Gerard Batten
*Договор за функционирање на Европската Унија* (пречистен текст), објавен во Официјалниот весник на ЕУ бр.83 од 30.03.2010 година
Х. Х. Линц и А. Степан (2009), „Проблемите на демократската транзиција и консолидација

како членка од 2013 год зкои се членови од последното проширување на Унијата.

Старите земји-членки пред проширувањето во 2004, се: Австрија, Белгија, Велика Британија, Германија, Грција, Данска, Ирска, Италија, Луксембург, Португалија, Финска, Франција, Холандија, Шведска и Шпанија.

Во периодот меѓу двата последни извештаја, настан од посебно значење за ЕУ е усвојувањето на Лисабонскиот договор од страна на 28-те членки на ЕУ, со што се создадоа услови за спроведување на реформи во Унијата. На економски план, охрабрувачки влијаеја знаците дека рецесијата се надминува. Констатирана е економска консолидација во еврозоната со оценка дека рецесијата е технички завршена. На 1 јули 2009, Шведска го презеде од Чешката Република претседателството со Европската унија.

Додека бројот на граѓаните на Европската унија кои се задоволни од животот благо се зголемил меѓу двете последни истражувања (77%; 78%), бројот на задоволните во земјава се намалил за еден процентен поен (67%; 66%).[57]

Овој извештај ги претставува резултатите од Евробарометарот спроведен во  Република Македонија. Тој претставува незаменлив извор на информации за перцепцијата на граѓаните за Европската Унија, за нивните надежи и очекувања од Унијата. Со оглед на тоа дека се спроведува повеќе пати годишно, истражувањето ги отсликува промените и различните трендови во јавното мислење во врска со важни теми за земјата и за Унијата, пред сé за периодот јуни - ноември 2009, а за одредени прашања се однесува и на показателите од истражувањата спроведени во и пред 2008 година.

Сега, во Унијата има, во просек, 12% повеќе задоволни граѓани отколку во Република Македонија. Овие резултати ја отсликуваат општата клима во јавното мислење за секоја земја посебно, затоа што поголемиот број задоволни граѓани претставува социјален генератор кој ги зголемува ентузијазмот и мотивираноста за совладување на предизвиците што со себе ги носи глобалната криза. Најмногу задоволни во ЕУ има во Данска (98%), Луксембург и Шведска (96%), Холандија и Финска (95%) и Обединетото Кралство (91%). Задоволство кај помалку од половината анкетирани е забележано во Романија

[57] Генералниот директорат за комуникации на Европската комисија, Есен 2009, ЕВРОБАРОМЕТАР 72 ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

(47%) и Унгарија (42%), а најмалку задоволни од својот живот се граѓаните на Бугарија (38%).[58]

Што се однесува на останатите, бројот на задоволните во Хрватска е за три процентни поени помал отколку во земјава (63%), а во Турција за седум процентни поени (59%). Социодемографската анализа покажува дека повеќе задоволни има меѓу помладите испитаници (на возраст до 24 г.), и тоа 77%, а најмалку кај средовечните (на возраст од 40 до 54 г.) 58%. Според професијата, најзадоволни се менаџерите (83%), потоа учениците и студентите (81%), службениците (79%), а најмалку задоволни се невработените (51%). Помалку задоволни се приврзаниците на политичката левица (62%) во однос на оние наклонети кон десницата (71%). Образованието на анкетираните има големо влијание врз задоволството од животот. Оние со пониско образование во значително помал број се задоволни (51%) отколку оние со повисоко образование (76%). Економските тешкотии во семејството исто така го одредуваат задоволството од животот. Во семејствата кои често пати имаат тешкотии да ги платат сметките на крајот од месецот речиси двапати помалку се задоволни (45%) отколку во семејствата кои речиси никогаш немаат такви тешкотии (80%).[59]

Секој четврти анкетиран во Република Македонија е задоволен со состојбата во домашната економија и нивниот број е незначително намален во однос на претходното јунско истражување (25% : 24%), а трипати поголем број граѓани се незадоволни (74% : 75%). Бројот на анкетираните во земјите на ЕУ27 кои се задоволни со состојбата во домашната економија има тенденција на пораст (20% : 23%), што е израз на проценката на граѓаните, во голем број земји на Унијата, дека економијата во нивните земји почнала да заздравува. Во Хрватска се продлабочуваат песимистичките проценки за состојбата во

---

[58]G. Batten (2012), MEP, *Freedom, Security & Justice? Or The Creation of a European Union Police State*, Publisher, Gerard Batten
*Договор за функционирање на Европската Унија* (пречистен текст), објавен во Официјалниот весник на ЕУ бр.83 од 30.03.2010 година
Х. Х. Линц и А. Степан (2009), „Проблемите на демократската транзиција и консолидација

[59]G. Batten (2012), MEP, *Freedom, Security & Justice? Or The Creation of a European Union Police State*, Publisher, Gerard Batten
*Договор за функционирање на Европската Унија* (пречистен текст), објавен во Официјалниот весник на ЕУ бр.83 од 30.03.2010 година
Х. Х. Линц и А. Степан (2009), „Проблемите на демократската транзиција и консолидација

економијата. Бројот на оние кои оцениле дека состојбата во хрватската економија е подобра се намалил за четири процентни поени (10% : 6%). Во Турција оценката не се променила така што и во јунското и во октомвриското истражување нешто повеќе од една четвртина оданкетираните (27%) сметаат дека состојбата во турската економија е добра.

Најновиот Евробарометар бележи значителен пораст на оптимистичките погледи кај домашната јавност кон европската (45% : 55%) и светската економија (40% : 47%).

Во земјите на, ЕУ исто така, има значаен пораст на оптимистичката перцепција на состојбата во европската (23% : 29%) и во светската економија 15% : 19%), но, сепак, двојно помалку жители на ЕУ во однос на граѓаните во земјава ја делат оценката дека европската и светската економија се во добра состојба. Оваа разлика веројатно се должи на фактот што последиците од економската криза во земјава се послаби и доаѓаат со извесно задоцнување.

Последните истражувања покажуваат благо зголемување на бројот на граѓаните во Унијата кои се задоволни од личната ситуација со работата (52%: 54%). Во Република Македонија процентот на задоволни граѓани пораснал за само еден процентен поен (39%: 40%).

Значен показател за понеповолна клима во домашната јавност е податокот дека во земјава за 14 процентни поени е помал бројот на анкетирани кои оцениле дека нивната лична ситуација со работата е добра. И во Унијата и во земјава, мнозинството граѓани оценуваат дека финансиската ситуација во нивното семејство е добра.

Во седумте земји, во просек незначително се намалил бројот на анкетирани кои се задоволни од финансиската ситуација во нивното семејство (65%: 64%), а во земјава, во периодот меѓу двете истражувања, бројот на задоволни од финансиската ситуација во семејството благо се покачил (50%: 52%). Но факт е дека во земјава значително поголем број испитаници се незадоволни од финансиската ситуација во семејството (49%: 47%) во однос на просекот во Унијата (33%: 34%).

Перцепцијата на ситуацијата со вработеноста во земјава е непроменета и е изразено песимистичка. Само 8% анкетирани ја оцениле како добра, а 91% како лоша (само 1% не можеле да ја оценат). И во Унијата, слично како и во земјава, многу мал број анкетирани (13%) оцениле дека ситуцијата со

вработеноста е добра, 85% оцениле дека е лоша и 2% не можеле да ја оценат.[60]

Анализата на резултатите покажува дека кај нас ситуацијата со вработеноста најмногу ги погодува невработените (од кои дури 94% оцениле дека е лоша, а само 5% ја гледаат како добра) и мануелните работници (од кои исто така 94% ја оцениле како лоша, а 6% како добра).

И покрај тоа што големо мнозинство од студентите и учениците ја оцениле ситуацијата со вработеноста во земјата како лоша (81%), нивниот број е за значителни 13 процентни поени помал од оној на невработените и на мануелните работници. Од друга страна, речиси трипати е поголем бројот на студентите кои ситуацијата со вработеноста ја оценуваат како добра (15%). Сепак, најголемо влијание врз перцепцијата на ситуацијата со вработеноста има оценката за економската ситуација во земјата. Секој четврти кој оценил дека економијата во земјата е во добра состојба, смета дека ситуацијата со вработеноста е добра (24%).[61]

Наспроти нив, дури еден од 33 анкетирани кои ситуацијата во економијата ја процениле како лоша, оценуваат дека ситуацијата со вработеноста е добра (3%), а 96% од нив ја оцениле како лоша.

Во земјите наУнијата значително поголем број граѓани отколку во земјава ја оцениле ситуацијата со животната средина како добра (44%: 43%). Во земјава, процентот на задоволни од ситуацијата во животната средина е стабилен (31% во јуни и 30% во октомври), но е помал за 13 процентни поени во однос на просекот во Унијата.[62]

Големо влијание врз вкупната клима во јавното мислење има нивото на доверба на граѓаните во националните институции и во меѓународните организации. Во периодот меѓу двата последни евробарометра (јуни –

---

[60]G. Batten (2012), MEP, *Freedom, Security & Justice? Or The Creation of a European Union Police State*, Publisher, Gerard Batten
*Договор за функционирање на Европската Унија* (пречистен текст), објавен во Официјалниот весник на ЕУ бр.83 од 30.03.2010 година
Х. Х. Линц и А. Степан (2009), „Проблемите на демократската транзиција и консолидација

[61] ЕВРОБАРОМЕТАР 72, ibid

[62]G. Batten (2012), MEP, *Freedom, Security & Justice? Or The Creation of a European Union Police State*, Publisher, Gerard Batten
*Договор за функционирање на Европската Унија* (пречистен текст), објавен во Официјалниот весник на ЕУ бр.83 од 30.03.2010 година
Х. Х. Линц и А. Степан (2009), „Проблемите на демократската транзиција и консолидација

октомври 2009), генерална тенденција во земјите опфатени со истражувањата е намалената склоност на јавноста да им верува на националните институции.

Во Република Македонија најголем број анкетирани граѓани се склони да и веруваат на армијата, и покрај тоа што меѓу двете последни истражувања довербата се намалила за шест процентни поени (65%: 59%).

На второ место се органите на локалната власт, во кои довербата се зголемила за осум процентни поени (28%: 36%) и кои, од третото место во претходното, се искачиле на второто место во последното истражување.

На трето место на листата на доверба во националните институции се наоѓа Владата (36% : 31%). На Владата подеднакво се склони да и веруваат и мажите и жените (31%). Според возраста, помалку се склони да и веруваат младите до 24 г. (26%) отколку повозрасните на возраст над 55 години (35%).

Според занимањето, во најмал дел се склони да веруваат невработените (26%) и самовработените (27%), а најголема поддршка Владата ужива меѓу менаџерите (37%) и пензионерите (36%). Според политичката ориентација на анкетираните, најмала е поддршката кај приврзаниците на политичкиот центар (26%), кај оние од левицата поддршката е на ниво на просекот во државата (31%), а за 12 процентни поени поголема од просечната е поддршката на испитаниците кои се самоидентификуваат со политичката десница (43%).

На четврто место на листата на довербата во националните институции е Парламентот, во кој довербата спласнала за два процентни поена (27%: 25%). На претпоследното, петто, место се правосудните органи во кои довербата се намалила за три процентни поени (23%: 20%). На последно место на листата на доверба се политичките партии во кои и онака ниската доверба се намалила за уште еден процентен поен (15%:14%).[63]

Јавноста во земјите на ЕУ, исто така, е помалку склона да верува во националните институции. И во Унијата на прво место на листата се армиите, иако таа доверба во меѓувреме спласнала за значајни шест процентни поени (70%: 64%). Следуваат локалните и регналните власти, кај кои нивото на

---

[63]G. Batten (2012), MEP, *Freedom, Security & Justice? Or The Creation of a European Union Police State*, Publisher, Gerard Batten
*Договор за функционирање на Европската Унија* (пречистен текст), објавен во Официјалниот весник на ЕУ бр.83 од 30.03.2010 година
Х. Х. Линц и А. Степан (2009), „Проблемите на демократската транзиција и консолидација

доверба не се променило меѓу двете истражувања (50%). На трето место се правосудните органи во кои довербата опаднала за пет процентни поени (48%: 43%). На четврто место се националните парламенти во кои, во просек, довербата опаднала за два процентни поена (32%; 30%).

На петтото, претпоследно место се владите на земјите во ЕУ во кои довербата се намалила за три процентни поени (32%: 29%) и на последното место се политичките партии во кои и онака малата доверба дополнително се „истенчила“ за три процентни поени (19%:16%),

Процесот на европска интеграција вклучува решавање на прашања од различни сфери за да се обезбеди поефикасно функционирање на Европската унија во целина. Истражувањата на перцепцијата на јавноста на комплексниот спектар од прашања за постигнување поефикасно функционирање на Унијата покажуваат дека централно прашање во погледите за појака ЕУ во иднина е решавањето на економските прашања. Во рамките на ЕУ, јавноста во 14 земји главно се фокусира на економските прашања со цел Унијата да биде појака во блиска иднина. Од сите анкетирани во земјите на ЕУ, во просек, секој трет се определил за економските прашања (32%; 33%). Во рамките на Унијата, јавноста во Летонија, Литванија и Чешката Република (56%) се фокусира на економските прашања како услов за зајакнување на Унијата во блиска иднина. На второ место е посветеноста на социјалните и здравствените прашања за кои, во просек, се изјаснува секој четврти анкетиран (26% и во двете последни истражувања) во земјите на ЕУ.

Над европскиот просек, за социјалните и за здравствените прашања во последното истражување се изјасниле анкетираните во Романија и Ирска (33%) и во Франција (34%). Следните прашања на кои институциите треба да се посветат се имиграцијата (24%; 24%) и криминалот и корупцијата (22%; 24%). [64]Најмногу заложби за европските иституции да се посветат на прашањата од областа на имиграцијата има во Малта (53%) и во Обединетото Кралство (43%), а за фокусирање на борбата против криминалот и корупцијата во Данска (38%), Холандија (40%) и во Австрија (41%).

---

[64]G. Batten (2012), MEP, *Freedom, Security & Justice? Or The Creation of a European Union Police State*, Publisher, Gerard Batten
***Договор за функционирање на Европската Унија*** (пречистен текст), објавен во Официјалниот весник на ЕУ бр.83 од 30.03.2010 година
Х. Х. Линц и А. Степан (2009), „Проблемите на демократската транзиција и консолидација

Различните сфаќања на јавноста за прашањата на кои треба да се фокусираат европските институции, пластично ги илустрираат тежината, сложеноста и енергијата која е потребна за да се хармонизираат потребите и очекувањата на граѓаните на Европската унија. И домашната јавност ги става економските прашања на прво место, со пет процентни поени повеќе отколку во претходното истражување (31%: 36%). На второ и трето место во земјава се солидарноста со посиромашните региони (со намалување за седум процентни поени - 35%: 28%) и борбата против криминалот, за кои се определиле осум процентни поени повеќе анкетирани (20%: 28%).

Во однос на останатите прашања, разликата меѓу двете истражувања е минимална и се движи од – 2 до + 2 процентни поени. Тоа значи, дека за поголем дел од прашањата домашната јавност има доследен и стабилен став, додека само за три прашања погледите се променливи.

Таквите промени, во перцепцијата на домашната јавност, укажуваат дека ставовите кон овие прашања сѐ уште не се искристализирани. Подрачјата околу кои има колебања се помошта на посиромашните региони, борбата против криминалот и економските прашања.

Во Хрватска, исто како и кај домашната јавност, најголем број анкетирани се определиле за борба против криминалот, и тоа за 11 процентни поени повеќе во однос на претходното истражување (30%: 41%). Следуваат економските прашања за кои се определиле седум процентни поени повеќе (31%: 38%) и солидарноста со посиромашните региони, за која се изјасниле пет процентни поени помалку испитаници (35%: 30%).

Во Турција на прво место се економските прашања за кои се определиле три процентни поени повеќе во однос на претходното истражување (26%: 29%), на второ место е образовната политика, за која се определиле два процентни поена помалку (24%: 22%) и на трето е солидарноста со посиромашните региони, за која се определиле три процентни поени помалку (23%: 20%).[65]

---

[65]G. Batten (2012), MEP, *Freedom, Security & Justice? Or The Creation of a European Union Police State*, Publisher, Gerard Batten
*Договор за функционирање на Европската Унија* (пречистен текст), објавен во Официјалниот весник на ЕУ бр.83 од 30.03.2010 година
Х. Х. Линц и А. Степан (2009), „Проблемите на демократската транзиција и консолидација

Очекувањата на граѓаните на подолг рок може да се проценуваат врз основа на проекциите на денешните возрасни генерации за тоа каков ќе им биде животот на оние кои денес се деца.

Резултатите од истражувањата покажуваат дека во земјите на ЕУ 28 во благ пораст (13%: 15%) се очекувањата дека животот на денешните деца ќе им биде полесен. И кај анкетираните граѓани во земјава за три процентни поени пораснале таквите очекувања (31%: 34%). Во ЕУ и натаму четири пати повеќе граѓани (64%: 61%) со песимизам гледаат на иднината на долг рок и сметаат дека денешните деца ќе имаат потежок живот во однос на оние кои предвидуваат дека животот ќе им биде полесен.

И во рамките на самата Унија се забележуваат разлики во перцепцијата, особено меѓу одговорите на граѓаните на постарите членки во Унијата ЕУ и на оние од NMS, кои во минатите две децении поминаа низ болен период на транзиција.

Кај испитаниците во нашата земја преовладува позитивно мислење во однос на тоа дали земјава би имала корист од членството во ЕУ (придобивки очекуваат над три четвртини - 76% во октомври, 75% во јуни).

Процентот на оние кои сметаат дека нашата земја нема да има бенефит е 16% во октомври и 18% во јуни.

Негативниот став на хрватската јавност кон ЕУ се појавува и во одговорите на ова прашање. Имено, 36% сметаат дека нивната земја би имала бенефит, а 52% го мислат спротивното.

Кај турската јавност позитивниот став кон бенефитите од членството во ЕУ опаднал од 57% во јуни на 50% во октомври. Исто како и за прашањето дали членството во ЕУ е добра работа, стабилно мнозинство од граѓаните во земјите-членки на Унијата сметаат дека членството носи придобивки (нивниот број од 56% во јуни благо се зголемил на 57%). И во двете истражувања, 31% од испитаниците одговориле дека нема бенефит за нивните земји.[66]

Анализирајќи ги одговорите во земјава според социо-демографските карактеристики на анкетираните, повторно може да се констатира дека оние

[66]G. Batten (2012), MEP, *Freedom, Security & Justice? Or The Creation of a European Union Police State*, Publisher, Gerard Batten
*Договор за функционирање на Европската Унија* (пречистен текст), објавен во Официјалниот весник на ЕУ бр.83 од 30.03.2010 година
Х. Х. Линц и А. Степан (2009), „Проблемите на демократската транзиција и консолидација

испитаници кои имаат афирмативен став кон ЕУ во поголема мера се склони да го гледаат членството во ЕУ како корисно отколку обратно.

Од оние кои имаат позитивна претстава за ЕУ, 90% сметаат дека членството во оваа асоцијација може да донесе корист, за разлика од оние кои имаат негативна претстава (29%). Околу 87% од оние кои се склони да и веруваат на ЕУ сметаат дека ќе имаме корист од членството од ЕУ, а оние кои не се склони кон тоа во 58% сметаат дека ќе немаме корист од ЕУ. Околу 84% од оние кои сметаат дека знаат како функционира ЕУ, очекуваат корист од членството (тоа е случај со 70% од оние кои тоа не го знаат). Анкетираните кои сметаат дека глобализацијата овозможува различни можности за нашите комапнии, исто така, во голем број сметаат дека членството во ЕУ ќе донесе корист (88%).

Тој став во помал процент (64%) го делат оние кои глобализацијата ја сметаат за закана. Анализата на податоците, исто така, укажува дека социјално поактивните и помладите, во голема мера мислат дека ќе има корист од членството во ЕУ. Тоа се испитаниците кои секојдневно користат Интернет (85%), младите од 15 до 24 години (84%), студентите (85%) и менаџерите (83%).[67]

Огромно мнозинство во домашната јавност (85%) е за натамошно проширување на ЕУ во наредните години. Кај граѓаните во ЕУ во октомври се воочува поголем процент на анкетирани кои поддржуваат проширување на Унијата (46%) во однос на јуни (43%).

Во однос на одговорите против проширување на Унијата, пропорциите се исти, само во обратна насока (во јуни 46% биле против, а во октомври нивниот процент се намалил на 43%). Во земјите кои се приклучија кон ЕУ во „новите“ бранови на проширување, а особено во земјите од Југоисточна Европа, над половината од испитаниците се изјасниле за проширување на Унијата (најголем процент - 70% е забележан во Полска и Словачка). Кај постарите членки, тој процент е под 50%. Најмногу противници на проширувањето има меѓу анкетираните од Австрија (65%), како и во Германија и Франција (60%).

[67]G. Batten (2012), MEP, *Freedom, Security & Justice? Or The Creation of a European Union Police State*, Publisher, Gerard Batten
*Договор за функционирање на Европската Унија* (пречистен текст), објавен во Официјалниот весник на ЕУ бр.83 од 30.03.2010 година
Х. Х. Линц и А. Степан (2009), „Проблемите на демократската транзиција и консолидација

Од анализата на одговорите на испитаниците гледаме дека анкетираните граѓани во земјите-членки на ЕУ, во помал број, имаат позитивна слика за Унијата отколку граѓаните во земјава.

И кај Европејците позитивниот имиџ на ЕУ се зголемил за три процентни поени (45%: 48%), во периодот од јуни до октомври годинава. Најпозитивен имиџ за ЕУ имаат граѓаните на Луксембург (66%). Процентот на неутрални граѓани во овие земји останува речиси ист (во јуни 36%, а во октомври 35). Позитивниот имиџ на ЕУ е најнизок во Хрватска - 28% во јуни и 25% во октомври. Следствено на тоа, негативниот имиџ се зголемил од 30% во јуни на 32% во октомври. Турските граѓани имаат попозитивен имиџ, но и тој бележи тенденција на намалување, и тоа во поголем процент отколку во Хрватска (46% во јуни и 42% во октомври ).

Социо-демографската анализа на одговорите во земјава, повторно, покажува дека кога станува збор за прашања поврзани со ЕУ, највисок процент на позитивни одговори доаѓаат од оние групи на испитаници кои се со позитивно мислење за ЕУ.

Очекувано, 80% од граѓаните кои можното членство во ЕУ го доживуваат како добра работа, имаат позитивен имиџ, додека ЕУ буди позитивна слика само кај 16% од оние кои сметаат дека членството во ЕУ е негативна работа. Околу 77% од анкетираните кои сметаат дека членството во ЕУ би ни донело корист, имаат позитивна слика за ЕУ, а тоа е случај со само 26% од оние кои сметаат дека нема бенефит од членство во ЕУ. Унијата им буди позитивни чувства на 76% од граѓаните кои сметаат дека европската економија е во добра состојба и на 58% од оние кои сметаат дека ситуацијата во европската економија е лоша.[68]

---

[68]G. Batten (2012), MEP, *Freedom, Security & Justice? Or The Creation of a European Union Police State*, Publisher, Gerard Batten
*Договор за функционирање на Европската Унија* (пречистен текст), објавен во Официјалниот весник на ЕУ бр.83 од 30.03.2010 година
Х. Х. Линц и А. Степан (2009), „Проблемите на демократската транзиција и консолидација

### 4.3.2.Негативни трендови

Најголеми промени во краткорочните очекувања на домашната јавност меѓу двата последни евробарометри е намалувањето за пет процентни поени (36%: 31%) на бројот на анкетираните кои очекуваат подобрување на нивниот живот во наредната година.

Оптимизмот опаѓа со возраста на анкетираните. Повеќе од половината млади на возраст до 24 г. (54%) очекуваат подобар живот во наредната година, додека такви очекувања имаат трипати помалку (18%) анкетирани на возраст над 55 години. Образованието има силно влијание врз очекувањата од животот, па така, подобрување очекуваат 20% со пониско образование, а такви очекувања имаат 17 процентни поени повеќе (37%) од испитаниците со повисоко образование.

Според занимањето, најмногу оптимисти има меѓу учениците и студентите (61%), менаџерите (33%), самовработените и службениците (32%), а најмалку оптимисти има меѓу пензионерите (14%).

Според политичката самоидентификација на анкетираните, оние од политичкиот центар во најмал број (27%) очекуваат подобрување во нивниот живот, следуваат оние од политичката левица (30%), а во најголем број оптимисти се приврзаниците на политичката десница (42%).

Перцепцијата на краткорочните перспективи на личен план е цврсто определена од социјалната стратификација. Секој петти (22%) од анкетираните кои сметаат дека им припаѓаат на ниските социјални слоеви, се надева на подобрувања додека такви очекувања има кај двојно повеќе (54%) испитаници кои сметаат дека им припаѓаат на високите социјални слоеви. Резултатите од истражувањето покажуваат благо опаѓање (за два процентни поени) на оптимизмот во однос на финансиската ситуација во домаќинството (29%: 27%).

Тренд на благо опаѓање на оптимизмот во земјава има и кај очекувањата во областа на вработувањето.

И онака малиот број оптимисти во поглед на вработувањето се намалил од 22% во јуни на 21% во октомври оваа година. Слична е и ситуацијата со

краткорочните очекувања во врска со личната ситуација со работата. [69]Бројот на оние кои очекуваат подобрување на личната ситуација со работата, останал непроменет во двете последни истражувања (22%). Резултатите од истражувањето покажуваат дека нема промени (28%: 28%) на краткорочните очекувања за подобрување на домашната економија. Првите сигнали дека рецесијата во светската економија е надмината (кои се појавија во втората половина на 2009), поттикнаа бран на надеж и очекувања кај светската јавност дека на повидок е позитивен пресврт. [70]

Ваквите охрабрувачки знаци се одразија на расположението на јавноста и во земјава и во Унијата. Истражувањето на евробарометарот бележи општ тренд на пораст на оптимизмот во поглед на подобрување на европската економија: од шест процентни поени во ЕУ (24%: 30%) и четири процентни поени во земјава (37%: 41%).

Слична е ситуацијата и во однос на очекувањата за подобрување на економијата во светот. Очекувањата за подобрување на светската економија во ЕУ пораснале за пет процентни поени (24%: 29%), а во земјава за три процентни поени (35%: 38%).

Најголемите разлики во краткорочните очекувања на граѓаните во Унијата и во домашната јавност се однесуваат на еколошката ситуација. Додека во Унијата за три процентни поени повеќе анкетирани очекуваат подобрување (21%: 24%), во земјава таквите очекувања се намалиле за 10 процентни поени (39%: 29). Промените во очекувањата на домашната јавност во однос на еколошката ситуација покажува дека оптимизмот се намалил за сметка на порастот на оние кои не очекуваат никакви промени (30%: 42%) и намалениот број на оние кои не знаеле како да одговорат на ова прашање (8%: 6%).[71]

---

[69]G. Batten (2012), MEP, *Freedom, Security & Justice? Or The Creation of a European Union Police State*, Publisher, Gerard Batten
*Договор за функционирање на Европската Унија* (пречистен текст), објавен во Официјалниот весник на ЕУ бр.83 од 30.03.2010 година
Х. Х. Линц и А. Степан (2009), „Проблемите на демократската транзиција и консолидација

[70] ЕВРОБАРОМЕТАР 72, ibid

[71]G. Batten (2012), MEP, *Freedom, Security & Justice? Or The Creation of a European Union Police State*, Publisher, Gerard Batten
*Договор за функционирање на Европската Унија* (пречистен текст), објавен во Официјалниот весник на ЕУ бр.83 од 30.03.2010 година
Х. Х. Линц и А. Степан (2009), „Проблемите на демократската транзиција и консолидација

Невработеноста останува на прво место на листата на проблеми во земјите на ЕУ. И покрај охрабрувачките показатели за економско закрепнување, загриженоста меѓу граѓаните на ЕУ поради невработеноста во просек пораснала за два процентни поени (49%: 51%). Од друга страна, во благо опаѓање е загриженоста од економската ситуација во просек за два процентни поена (42%: 40%), за колку што опаднала и загриженоста од порастот на цените и инфлацијата (21%: 19%).

Во истиот период, на криминалот како на најголем проблем укажуваат три процентни поени повеќе анкетирани (16%: 19%) и сега тој на листата го дели третото место со порастот на цените и инфлацијата.

Најновиот евробарометар во земјава покажува дека невработеноста и економската ситуација ги заменија местата на листата на најважните проблеми со кои граѓаните лично се соочуваат. Во претходното, јунско истражување, најголем проблем за најголем број анкетирани (48%) беше економската ситуација. Во меѓувреме, намалувањето на обемот на работата на компаниите во земјава доведе до отпуштање на вработените во некои од нив. Ваквата ситуација придонесе стравот од невработеноста да се зголеми за пет процентни поени (43%: 48%) и тој да ја потисне загриженоста за економската ситуација на второто место (48%: 44%).

Социо-демографската анализа покажува дека личната загриженост поради невработеноста, меѓу двете последни истражувања, се зголемила за седум процентни поени кај менаџерите (24%: 31%) и кај мануелните работници (32%: 39%), а за три кај службениците (36%: 39%).

Драстична промена во загриженоста од невработеноста има кај домаќинките – таа се зголемила за 31 процентен поен (27%: 58%). Кај најбројниот социјален сегмент во земјава - невработените, загриженоста и натаму е присутна во големо мнозинство (73%: 72%).

На трето место на листата на проблеми кои лично ги погодуваат граѓаните останува порастот на цените и инфлацијата. Загрижноста поради него се намалила само за еден процентен поен (30%: 29%). Во Унијата, листата на проблемите кои лично ги засегаат граѓаните, практично не се променила.

Во Унијата најмногу граѓани, како и во претходното истражување, лично се засегнати од порастот на цените и инфлацијата (38%), следува засегнатоста

од економската ситуација (26%), а на трето место е засегнатоста со невработеноста, која опаднала само за еден процентен поен (21%: 20%).

Во Унијата, значителен број испитаници се засегнати од ситуацијата во здравствениот систем (17%: 18%) и пензиите (15%). Граѓаните во земјава, во значително помал број во однос на просекот во ЕУ27 изјавиле дека лично се засегнати со проблемите во здравствениот систем (10% : 9%) и пензиите (7%: 9%).[72]

Во октомври се зголемил бројот на анкетираните во земјава кои се изјасниле дека нивната моментална ситуација во домаќинството не им дозволува да прават никакви планови за иднината и дека живеат од ден за ден (од 50% во јуни на 56% во октомври).

Речиси една третина (30%) и во јуни и во октомври се изјасниле дека знаат што ќе прават во следните шест месеци, а 14% во јуни и 12% во октомври рекле дека имаат долгорочна перспектива за тоа што ќе прави нивното домаќинство во наредните две години. Анкетираните граѓани од ЕУ27 во ист процент и во јунското и во октомвриското истражување (35%) рекле дека живеат ден за ден. Во благ пораст се одговорите на анкетираните кои знаат што ќе прават во наредните шест месеци (од 29% во јуни на 32% во октомври).

Одговорите на оние со поизвесни перспективи за во наредните две години се намалиле од 31% во јуни на 28% во октомври.

Ако се анализираат податоците по земји-членки на ЕУ, може да се заклучи дека со кризата најтешко се справуваат Летонците (65%), потоа турскиот дел на Кипар (62%), а следуваат граѓаните на Бугарија со 61% и Унгарците со 60%.

И во Хрватска, земја-членка во ЕУ, се зголемил бројот на оние кои тврдат дека тешко живеат (од 43% на 53%). Во Турција, исто така земја-кандидат, ист процент на граѓани (64%) и во јуни и во октомври се изјасниле дека живеат од ден за ден. Социо-демографската анализа открива дека во земјава најзасегнати од економската криза се граѓаните кои имаат тешкотии во

---

[72]G. Batten (2012), MEP, *Freedom, Security & Justice? Or The Creation of a European Union Police State*, Publisher, Gerard Batten
*Договор за функционирање на Европската Унија* (пречистен текст), објавен во Официјалниот весник на ЕУ бр.83 од 30.03.2010 година
Х. Х. Линц и А. Степан (2009), „Проблемите на демократската транзиција и консолидација

плаќањето на своите домашни сметки, па така три четвртини од нив (75%) велат дека живеат од ден за ден.

Веднаш по нив се анкетираните кои се изјасниле дека не се задоволни со својот живот 73% од нив рекле дека нивната моментална ситуација не им дозволува да прават планови за во иднина. [73]Анкетираните кои себеси се ставиле на ниската скала во општеството, како и невработените (69%), изјавуваат дека нивната моментална ситуација не им дозволува да прават какви било планови за иднината.

Податоците покажуваат дека со зголемувањето на возраста, се зголемуваат и одговорите на анкетираните дека живеат од ден за ден, и тоа: 38% од младата популација (15-24 години), 56% од популацијата на вораст од 25 до 39 години, 59% од оние од 40 до 54 години и 65% од оние на возраст над 55 години.

Анкетираните од едночлените домаќинства се најмногу загрижени (66%) и изјавуваат дека живеат од ден за ден, кај двочлените тој процент изнесува 59%, кај трочлените е 55%, а најмал е процентот кај четиричлените домаќинства - 53%.

Забележлива е разликата во одговорите кај анкетираните со различен став кон ситуацијата во националната економија. Повеќе од две третини (68%) од анкетираните кои не се задоволни и се загрижени за состојбата во националната економија, се незадоволни со состојбата во нивното домаќинство, а само 38% од анкетираните кои имаат позитивен став и не се загрижени за ситуацијата во националната економија, се незадоволни со состојбата во своето домаќинство и живеат од ден за ден.

Индикативни се и одговорите на анкетираните кои се изјасниле за и против реформите во земјата.

Истражувањето покажува дека од кризата еднакво се погодени анкетираните во домаќинствата кои се „за“ реформите (55%) и оние кои се „против“ реформите (56%).

---

[73]G. Batten (2012), MEP, *Freedom, Security & Justice? Or The Creation of a European Union Police State*, Publisher, Gerard Batten
*Договор за функционирање на Европската Унија* (пречистен текст), објавен во Официјалниот весник на ЕУ бр.83 од 30.03.2010 година
Х. Х. Линц и А. Степан (2009), „Проблемите на демократската транзиција и консолидација

Според вкрстените податоци на одговорите на ова прашање, анкетираните од Вардарскиот регион во најголем број (70%) рекле дека живеат од ден за ден, а во најмал број, но сепак половината од нив, така одговориле во Југоисточниот регион (50%). Општ впечаток за состојбата во домаќинствата во земјава, како последица од кризата, е дека над половината од нив имаат егзистенцијални проблеми кои не им дозволуваат да планираат ништо во иднина, а околу една третина знаат што ќе прават во наредните шест месеци. Најмал е бројот на домаќинства кои можат да прават планови за наредните две години.[74]

Европската унија има минувано низ тешки времиња, но оваа година се собраа работи кои ја допираат сржта на Унијата. Времето кога најважното прашање за ЕУ беше дали ќе ја совлада евро-кризата е некое сосема друго време. А, тоа беше пред само неколку месеци. Во јануари во Грција на власт дојде левичарскиот политичар Алексис Ципрас. Тој на доверителите и инвеститорите им влеа страв и предизвика бес. Се спротивставуваше на барањата за реформи и за штедење, онака како што и вети пред изборите. Она што следуваше беше повеќемесечен покер меѓу Атина и кредиторите.

Следуваа една по друга кризни средби. „Грегзит", излегување на Грција од монетарната унија, се закануваше повеќепати. Германскиот министер за финансии Волфганг Шојбле со реченицата „Тогаш работата е завршена" се чини како во февруари да постави ултиматум. Тој подоцна во игра го стави и можниот привремен „грегзит". На двете страни бранувањата беа огромни. Но, на (привремениот) крај, грчката влада летоска ги прифати условите, доби трет пакет за помош и оттогаш прави обиди да биде, барем до некаде, послушен реформатор. Тоа привремено ги смири духовите. Должничката криза во Европа сè уште трае, но се чини како од летото наваму да е под контрола.

Во времето на најжестоки судири многумина велеа дека еврото е на коцка, а можеби дури и цела ЕУ. Дел од оние што опоменуваа беше и канцеларката Ангела Меркел. Во однос на Грција таа нагласуваше дека мора

---

[74]G. Batten (2012), MEP, *Freedom, Security & Justice? Or The Creation of a European Union Police State*, Publisher, Gerard Batten
*Договор за функционирање на Европската Унија* (пречистен текст), објавен во Официјалниот весник на ЕУ бр.83 од 30.03.2010 година
Х. Х. Линц и А. Степан (2009), „Проблемите на демократската транзиција и консолидација

да се почитуваат правилата и договорите, инаку Европа е во опасност. Но, подоцна таа беше таа што не ги почитуваше правилата.

Меркел дозволи во голем дел неконтролиран бран бегалци преку Балканската рута, кој траеше со недели, постојано објаснуваше дека по прашањата на азил и на бегалци „нема горна граница“, а оцени и дека „Ќе успееме“. На почетокот многу луѓе во Германија сè уште се согласуваа со ваквата политика на отворени врати. Но со сè поголемиот број бегалци, расположението почна да се менува. А, повеќето други европски земји политиката на Меркел ја набљудуваа прво зачудено, потоа немаа разбирање, за на крајот да бидат вџашени. За канцеларката стана навистина неудобно кога се обиде да „истурка“ европски систем за распределба на бегалците. Тоа беше категорично отфрлено пред сè од страна на источните земји членки на ЕУ, кој ја обвинија Меркел дека ги „поканила“бегалците да дојдат.

Унгарскиот премиер Виктор Орбан прашањето на бегалците го прогласи за „германски проблем“ и ја огради својата земја - прво границата со Србија, а потоа и со Хрватска. Оттогаш насекаде се градат огради и се воведуваат гранични контроли, а слободниот проток на лица во Шенгенскиот простор е насекаде ограничен. Претседателот на Европската комисија, Жан-Клод Јункер, еднаш уморно констатираше: „Нема доволно Европа и нема доволно Унија.“ И Јанис Емануилидис од бриселскиот тинк-тенк Центар за европска политика оцени дека една од најголемите европски придобивки - Шенгенскиот систем - е „под силен притисок“ и е „фундаментално поткопан“.

Отпорот и несигурноста во Европа се покажува и во резултатите од изборите. Практично насекаде каде што од летоска се одржале избори, десните партии и оние кои се непријатеслки настроени кон странците добиваат полет. Меѓу нив и Полска, чија нова влада отворено полемизира против сириските бегалци. Министерот за надворешни работи Витолд Вашчиковски во ноември рече: „Можете ли да си претставите нашата армија да биде испратена во борби во Сирија, додека 100.000 Сирийци пијат кафе во Берлин и гледаат како ние се бориме за нивната безбедност?“ Јанис Емануилидис зад свртувањето в десно во Европа гледа раширен впечаток на граѓаните дека Унијата е „сè помалку во состојба да ги решава проблемите“. Последица од тоа е тенденцијата кон „национализирање“.

Исламистичките напади во Париз на средината од ноември, во кои загинаа 130 лица, доведоа до натамошна радикализација. Уште од почеток, меѓу другото и од страна на германските политичари, се предупредуваше атентатите на Исламска држава да не се мешаат со темата со бегалците, но француската влада тоа самата го стори. Либерална бегалска политика каква што застапува Меркел, на европско ниво денес е спроведлива помалку од кога и да е.

Државите на ЕУ сега, делумно секоја за себе, делумно заеднички, речиси очајно се обидуваат да го намалат бројот на бегалци. ЕУ е дури подготвена и да ѝ даде пари и да направи политички отстапки кон транзитната Турција, земјата која досега жестоко ја критикуваше поради состојбата со човековите права. Сега девизата гласи: изолација, соработка со земјите на потекло на бегалците и транзитните држави, но и елиминација на причините за бегство. И тоа по овој редослед.

Јанис Емануилидис оценува дека Европа на крајот на годината е загрозена од многу кризи: евро-криза, бегалска криза, Украинска криза со тензичен однос со Русија, ситуација по нападите во Париз. Сѐ е собрано заедно. Опасноста лежи во „фрагментација на ЕУ“. А тоа, според Емануилидис, доведе до тоа „да се намалува поддршката за ЕУ и да се засилува поддршката за популистичките сили“. Меѓутоа, сите овие кризи може „да се совладаат само ако постои соработка на европско ниво“. Тој потсетува на минатите критични моменти, кога многумина се прашуваа дали Грција може да остане во еврозоната или треба ли да остане. На крајот секогаш се согледуваше: „Нема вистинска алтернатива за европската соработка“, потенцира Емануилидис.[75]

### 4.3.3. Предизвици

ЕУ се соочува со досега невидени предизвици во областа на семејните прашања. Семејните структури се менуваат, родителите имаат тешкотии при усогласувањето на работните обврски со приватниот живот, рамноправноста меѓу половите не секогаш е реалност, а се зголемува и степенот на

[75] Кристоф Хаселбах / Е.М. Фиданоска, 2015, http://www.dw.com

сиромаштија меѓу децата. Европскиот сојуз за семејства беше воспоставен во 2007 година. Неговите членови се залагаат за подобра издршка и поголем квалитет на грижата за деца и за постари лица, пофлексибилни работни ангажмани што им излегуваат во пресрет на семејните потреби, како и за поголема родова еднаквост и поголема вклученост на татковците во воспитувањето на децата.

Еве неколку примери за добра практика кои покажуваат дел од постигнатите резултати: во 2007 година, Словенија воведе сертификат ”Компанија пријателски расположена кон семејството за да ги охрабри работодавачите на работното место да применат принципи погодни за семејните обврски”.

Со сертификатот се наградуваат фирми во Словенија што усвојуваат најмалку три мерки од каталогот за прилагодување на работата кон семејниот живот, како флексибилно работно време, услуги за згрижување на децата во рамки на самата компанија, поделба на работата, отсуство заради посвојување дете или скратено работно време. Германија ја спроведува програмата ”Семејството: фактор на успех за да го направи пријателскиот однос кон семејството карактеристика на германската економија”.

Програмата им нуди на работодавачите совети како да ги организираат своите активности на начин на кој вработените ќе можат да одржуваат рамнотежа меѓу семејниот живот и работните обврски. Во Торино, Италија, во 2007 година, беше изграден центарот ”Куќа за секојдневен живот”, повеќенаменски социјален и културен центар за семејства, деца и постари лица, со финансиска поддршка од фондот Европски урбан II (7,3 милиони евра). Португалија и Романија имаат спроведено програма за размена ”Гласот на европските сениори (2009- 2011)” финансирана од Grundtvig, кој на гласачите на возраст од над 50 години им нуди тринеделни или подолги престои во институции за социјална грижа.[76]

[76]G. Batten (2012), MEP, *Freedom, Security & Justice? Or The Creation of a European Union Police State*, Publisher, Gerard Batten
*Договор за функционирање на Европската Унија* (пречистен текст), објавен во Официјалниот весник на ЕУ бр.83 од 30.03.2010 година
Х. Х. Линц и А. Степан (2009), „Проблемите на демократската транзиција и консолидација

Покрај ова, семејните бизниси учествуваат со 60% во европските мали и средни претпријатија (МСП). Тие се сметаат за едни од клучните играчи во зајакнување и зацврстување на европската економија. Европската комисија ги поддржува семејните бизниси во Европа. Од земјите-членки се бара да донесат мерки за создавање попогодна средина за семејните бизниси преку закони за оданочување и трговски друштва. Во семејните бизниси спаѓаат и фармите. Европската унија им нуди бројни можности на земјоделци кои сакаат да ги модернизираат или прошират своите активности.

Земјоделскиот расход е финансиран од два фонда: Европскиот земјоделски гарантен фонд (EAGF) кој финансира директни исплати на земјоделци и мерки за регулирање на земјоделски пазари, како фондови за интервенција и фондови за извоз, додека Европскиот земјоделски фонд за рурален развој (EAFRD) ги финансира руралните развојни програми на земјите-членки.

Во Бугарија и Романија, кои влегоа во ЕУ во 2007 година, просечниот износ за социјална заштита по граѓанин се зголеми за повеќе од 60% откако земјите станаа членки на ЕУ. Во ЕУ, 67% од жените и 90% од мажите со деца работат, но во 43% од случаите и двајцата родители имаат работно место со полно работно време. Стапката на вработеност кај лицата на возраст од 60 до 64 години се зголеми од 23% во 2000 година на 31% во 2010 година. Во 2008 година, 74% од децата во ЕУ живееја со двајцата родители кои се во брак, додека 14% живееја во домаќинства со еден родител, а 12% во домаќинства со родители кои живеат заедно.[77]

Во нашиот глобализиран свет, пазарот на труд станува сè поконкурентен. Невработеноста и социјалните проблеми се сè поголеми. Работниците и фирмите од ЕУ треба да бидат флексибилни за да се приспособат на новите околности. Во согласност со документот Европа 2020, европската стратегија за вработување се стреми да создаде повеќе и подобри работни места ширум Унијата.

---

[77]G. Batten (2012), MEP, *Freedom, Security & Justice? Or The Creation of a European Union Police State*, Publisher, Gerard Batten
*Договор за функционирање на Европската Унија* (пречистен текст), објавен во Официјалниот весник на ЕУ бр.83 од 30.03.2010 година
Х. Х. Линц и А. Степан (2009), „Проблемите на демократската транзиција и консолидација

Стратегијата поддржува мерки за исполнување на три главни цели до 2020 година: 75% од луѓето на возраст меѓу 20 и 64 години да бидат вработени; стапката на ученици кои го напуштаат училиштето да се намали за 10%, а најмалку 40% од граѓаните на возраст од 30 до 34 години да имаат завршено образование од трет степен; барем 20 милиони лица помалку да живеат во сиромаштија или да бидат под ризик од сиромаштија и социјална исклученост.

Две важни иницијативи содржат конкретни акции за постигнување на целите за 2020 година. Агендата за нови вештини и работни места има за цел: да воспостави реформи за подобрување на флексибилноста и безбедноста на пазарот на трудот. да им овозможи на луѓето да се стекнат со вистинските вештини за постојните и идните работни места; да го подобри квалитетот на работните места и да обезбеди подобри работни услови; да ги подобри условите за создавање работни места.

Младината на потег, е сеопфатен пакет на програмски иницијативи чија цел е да ја зголемат стапката на вработеност на младите преку тоа што: ќе ги направат образованието и обуката порелевантни за потребите на младите луѓе; ќе ги охрабруваат во што поголем број да ги користат грантовите на ЕУ за да учат или да добијат обука во друга земја; ќе ги поттикнуваат земјите од ЕУ да преземат мерки за поедноставување на транзицијата од образовните институции до работните места. Европскиот социјален фонд Европскиот социјален фонд (ЕСФ) е главниот финансиски инструмент на Европската унија за поддршка на вработувањето во земјите-членки, како и за промовирање на економската и социјалната кохезија.

Од 1957 година наваму, Европскиот социјален фонд (ЕСФ) им има помогнато на милиони Европејци да добијат работа, да стекнат нови вештини и да најдат подобри работни места. [78]Денес, тој финансира десетици илјади проекти ширум Унијата кои им ги подобруваат животите на милиони поединци.

Во периодот 2007-2013 година, околу 75 милијарди евра беа дистрибуирани во земјите-членки на ЕУ и регионите за да се поддржат

---

[78]G. Batten (2012), MEP, *Freedom, Security & Justice? Or The Creation of a European Union Police State*, Publisher, Gerard Batten
*Договор за функционирање на Европската Унија* (пречистен текст), објавен во Официјалниот весник на ЕУ бр.83 од 30.03.2010 година
Х. Х. Линц и А. Степан (2009), „Проблемите на демократската транзиција и консолидација

активности како обуки на оние кои бараат работа за да стекнат нови вештини и да ги подобрат своите квалификации.

Во Полска, на пример, проект кофинансиран од ЕСФ импомогна на 50 неактивни или невработени повозрасни работници да почнат свој бизнис, додека една иницијатива во Литванија им овозможи на 50.000 граѓани да стекнат основни компјутерски вештини. ЕСФ, исто така поддржува, бројни активности наменети за 100-те милиони луѓе на возраст од 15 до 30 години во Европската унија.

Со цел да ја олесни транзицијата од образованието и обуките кон пазарот на труд и да ги подобри нивните перспективи, ЕСФ поддржува шеми на стажирање, како и договори за обука или договори за субвенционирани привремени работни места за младите:.да им овозможи на луѓето да се стекнат со вистинските вештини за постојните и идните работни места; да го подобри квалитетот на работните места и да обезбеди подобри работни услови; да ги подобри условите за создавање работни места.

Во 2010 година, во Европската унија 81,8% од жените на возраст од 20 до 24 години имаа завршено најмалку средно образование, во споредба со 76,2% од мажите. Во ’најмладите’ нации на ЕУ спаѓаат Ирска, Кипар, Словачка и Полска, при што во секоја од нив има повеќе од 24% млади луѓе; од друга страна, во Данска, Германија и Италија младите опфаќаат помалку од 18% од населението.

Од самиот почеток, Европската унија се залага за што поцврста интеграција, истовремено прифаќајќи нови земји-членки. Двата процеса се одвиваа паралелно и придонесоа кон досега невиден период на мир и стабилност во земјите вклучени во Европа како една целина. Овој процес продолжува и денес, при што перспективата за членство во ЕУ им е отворена и на Исланд, Турција и на Западниот Балкан.[79]

[79]G. Batten (2012), MEP, *Freedom, Security & Justice? Or The Creation of a European Union Police State*, Publisher, Gerard Batten
*Договор за функционирање на Европската Унија* (пречистен текст), објавен во Официјалниот весник на ЕУ бр.83 од 30.03.2010 година
Х. Х. Линц и А. Степан (2009), „Проблемите на демократската транзиција и консолидација

Европската унија нуди бројни можности во областа на образованието, како што се грантови за учење или обука во странство, размена, стажирање, студиски престој и програми за истражување.

Овие можности им се отворени не само на студентите, туку и на истражувачите и на академскиот кадар, учениците и наставниците, како и на возрасните кои сакаат да ги унапредат знаењето и вештините за да ги подобрат своите можности за развој на кариерата. На граѓаните на ЕУ им е дозволено да учат на кој било универзитет според истите услови како и државјаните на таа земја, без дополнителни трошоци и со право на истите грантови како и државјаните на земјата. Ова е преглед на главните програми на Европската Унија во областа на образованието и обуката: Erasmus е една од најпопуларните образовни програми на ЕУ.

Таа им овозможува на студентите да добијат грант од ЕУ за да учат или да добијат обука во времетраење од три до 12 месеци во друга земја-членка на ЕУ. Речиси три милиони студенти ја искористиле програмата Erasmus од нејзиното воведување во 1987 година.

Програмата Erasmus Mundus нуди школарини за студенти кои сакаат да учествуваат во размена преку границите на ЕУ. ЕУ обезбедува голема поддршка за младите истражувачи.Достапна е финансиска помош (во рамките на програмата Марија Кири) за отпочнување истражувачки проект, за подобрување на вештините на истражувачите, како и за развој на истражувачката соработка меѓу Европа и другите делови од светот. Истражувачите, исто така, може да го консултираат интернет-порталот EURAXESS (www.euraxess.eu), којшто нуди информации за работни места и програми за финансиска помош во 38 европски земји.

Преку програмата Comenius, ЕУ поддржува заеднички проекти меѓу партнерските училишта во различни земји. Целта е да се подобри образованието и да им се помогне на младите луѓе да стекнат основни животни вештини и стручност потребни за личен развој, вработување и активно граѓанство. Наставниците може да добијат грант преку Comenius за да ги подобрат своите наставни вештини и да стекнат меѓународно искуство. Повеќе од 27.000 училишта, 135.000 наставници и 1,5 милиони ученици секоја година

стекнуваат искуство за Европа во нивниот секојдневен живот на училиште преку Comenius.[80]

Европските земји секогаш биле предводници на медицинските истражувања. Откако ќе пристапат кон Европската унија, тие лесно можат да соработуваат и да создаваат синергии. Зачувувањето на здравјето на граѓаните е еден од врвните приоритети на ЕУ.

На пример, таа ги отвора границите за пациенти на кои им е потребно да добијат квалитетна здравствена заштита во друга земја-членка, со што го демократизира пристапот до висококвалитетна медицинска нега.

ЕУ, исто така, ја олеснува соработката во рамки на медицинската индустрија преку програми што ја поддржуваат соработката и размената на специјалисти и на знаење. ЕУ се грижи за поединците, а истовремено обезбедува и значителни инвестиции во производството на иновативни нови лекови и во медицинските истражувања.

Во 2004 година, ЕУ воведе уникатен проект – Европска картичка за здравствено осигурување. Таа е бесплатна и на луѓето им обезбедува гарантиран пристап до здравствена заштита во јавниот сектор каков што имаат и државјаните на земјата-членка што ја посетуваат на привремена основа.

Граѓаните на ЕУ, кои имаат право на здравствена заштита во нивната земја може да го бараат истиот здравствен третман и во друга земја- членка, како и да им бидат вратени финансиските средства во износ колку што би изнесувал трошокот за тој третман во здравствениот систем во нивната земја.Во определени случаи, (на пр. за високоспецијализирана нега), пациентите можеби ќе треба да бараат одобрение пред да патуваат заради лекување. Граѓаните на ЕУ може да бидат упатени до друга земја-членка и од страна на нивниот здравствен систем заради лекување што не е достапно во нивната земја.

ЕУ, секоја година, троши по една милијарда евра за поддршка на истражувањата за нови медицински третмани, како и за производство и развој

---

[80]G. Batten (2012), MEP, *Freedom, Security & Justice? Or The Creation of a European Union Police State*, Publisher, Gerard Batten
***Договор за функционирање на Европската Унија*** (пречистен текст), објавен во Официјалниот весник на ЕУ бр.83 од 30.03.2010 година
Х. Х. Линц и А. Степан (2009), „Проблемите на демократската транзиција и консолидација

на иновативни лекови и медицинска технологија. [81] Во изминативе 25 години, ЕУ ја поддржува превенцијата на ракот и соодветните контролни активности, вклучително и имплементацијата на програми за скрининг на рак на дојка, рак на грлото на матката и рак на дебелото црево на национално ниво. Овие активности придонесоа за намалување на морталитетот од рак за 9%, според една студија спроведена во 2003 година.

Целта на последната иницијатива, т.е. европското партнерство за акција против ракот е новите случаи на рак да се намалат за 15% до 2020 година. За да поттикне поздрави прехранбени навики кај децата, ЕУ се залага за поголемо присуство на овошје, зеленчук и млечни производи во училишните оброци. ЕУ обезбедува 50 милиони за европската млечна шема во училиштата и 90 милиони евра за шемата за овошје и зеленчук.

Најновите случувања на територијата на Европската Унија беше изгласаниот Референдум во Велика Британија за излегување од ЕУ, т.н. „Брегзит“.„Брегзит“ е кратена кој се однесува на можното повлекување на Велика Британија од Европска унија.

Без оглед на тоа кој модел ќе го примени, Велика Британија нема да може да го применува законодавството на ЕУ, а пред сè директивите. Исто така, регулативите кои се директно применливи во британското законодавство без потреба од нивна имплементација ќе престанат да се применуваат и да важат од моментот кога Велика Британија официјално ќе ги заврши преговорите со ЕУ и ќе ја напушти Унијата.

На 23 јуни 2016, граѓаните на Велика Британија на референдум изгласаа излегување од Европската Унија. Референдумот, пред сè, се базирал на советодавна основа отколку на мандатна (моментална) и нема да има моментални правни последици. Договорите кои се поврзани со функционирањето на ЕУ и кои Велика Британија ги има имплементирано во своето законодавство, сепак, ќе останат во сила сè додека не се завршат

[81] G. Batten (2012), MEP, *Freedom, Security & Justice? Or The Creation of a European Union Police State*, Publisher, Gerard Batten
*Договор за функционирање на Европската Унија* (пречистен текст), објавен во Официјалниот весник на ЕУ бр.83 од 30.03.2010 година
Х. Х. Линц и А. Степан (2009), „Проблемите на демократската транзиција и консолидација

преговорите за излез од Унијата во наредните две години. Премиерката на Велика Британија, Тереза Меј, на почетокот на октомври изјави дека процесот на преговори за напуштање на ЕУ ќе заврши до летото 2019 година, а ќе почне во текот на март 2017 година со активирање на членот 50 од Лисабонскиот договор.

Во членот 50 од Договорот се вели дека доколку една земја членка на ЕУ има намера да ја напушти Унијата, прво треба да го извести Европскиот совет за своите намери.

Со напуштањето на ЕУ, компаниите што имаат седиште во Велика Британија веќе нема да бидат изедначени со компаниите од ЕУ и со поволностите што ги имаат тие според европското законодавство. За британските компании нема да важат пазарните услови што важеле досега, сметаат од „Бирд и Бирд".

Што се однесува до интерконтиненталните, прекуокеански бизнис-односи, проблем би настанал со фирмите кои имаат европски претставништва во Велика Британија, а изворно немаат седиште во Европската Унија. Тука постои опасност од преселување на капиталот, односно иселување на тие компании од Велика Британија во некои други земји членки на ЕУ.[82]

Кога Велика Британија официјално ќе ја напушти ЕУ, доколку не се договори да остане член на ЕЕА (Европската економска област) и на ЕФТА (Европската асоцијација за слободна трговија), тоа ќе значи и помало важење на европското законодавство за британските компании, но сепак ова прашање сѐ уште не е приоритет во почетокот на преговорите на Велика Британија и ЕУ и барем засега не треба да има промени во примената на законодавството кон компаниите. Поголем дел од англиското корпоративно право, на пример, не зависи од регулативата на ЕУ. Законот за компаниите од 2006 година е главниот закон според кој се водат трговските друштва и само мал дел од него има прифатено правила од ЕУ. Тие ги вклучуваат одредбите кои се однесуваат на наплатата, објавувањето на информации и правата на акционерите во акционерските друштва.

[82] Академик, „ Risk Managment", Скопје 2016 год.

Сепак сеуште е рано да се утврди ефектот на брегзитот врз макроекономското окружување,и поконкретно врз економијата во ЕУ. Имајќи го во предвид краткиот временски период којшто измина од референдумот, економските истражувања коишто се фокусираат на оценување на потенцијалните ефекти во најголем дел се однесуваат на каналите на пренос и даваат квантитативни оцени, коишто се проследени со голема доза на неизвесност. Општо гледано се очекува дека глобалниот ефект ќе биде доста ограничен, со исклучок на земјите од ЕУ, кадешто најсилно би се почувствувале Брегзит негативните влијанија. Тоа е утврдено и во последниот извештај на ММФ (Светски економски преглед од јули 2016), каде што и покрај добрите остварувања од почетокот на 2016 година, е извршена надолна ревизија на светскиот економски раст за 0,1, пп во однос на априлските проекции во 2016 и 2017 година, исклучиво како резултат на исходот од референдумот на Велика Британија.

Неизвесноста околу Брегзит може да доведе до намалување на довербата и зголемување на воздржаноста од инвестирање како на домашните, така и на странските инвеститори во ЕУ. Негативните економски услови може да се прелеат и врз македонската економија, преку вообичаените трговски и финансиски канали. [83]

Индиректните ризици од излегувањето на Велика Британија од Европската Унија врз македонската економија очигледно ќе зависат од ефектите врз Европската Унија, како наш најзначаен трговски партнер.

Потенцијалните директни ефекти, со оглед на малата поврзаност на домашната економија со британската, се оценуваат како мали. Постојат неколку директни канали преку кои домашната економска активност може да биде потенцијално чувствителна на случувањата во британската економија по Брегзит.

[83] Е-магазин, „Анализа на НБРМ, какви ефекти се очекуваат од Брегзит во Македонија“, Август 2016

# ЗАКЛУЧОК

Правниот поредок на ЕУ претставува вистински темел на Унијата, давајќи ѝ заеднички правен систем во согласност со начелата на незјиното функционирање. Основните цели на Унијата може да се постигнат само со создавање ново законодавство и со негово поддржување.

Во таа смисла, може да се истакне дека правниот поредок на ЕУ веќе постигнал многу во овој однос. Благодарение на овој нов правен поредок, главно отворените граници, значителната трговија со стоки и со услуги, миграцијата на работниците и големиот број транснационални врски меѓу компаниите, веќе создадоа од заедничкиот пазар дел од секојдневниот живот на 500 милиони луѓе.

Друга историски значајна карактеристика на правниот поредок на Унијата е неговата миротворна улога. Со својата цел, одржување на мирот и стабилноста, таа ја заменува силата како средство за решавање на конфликтите со владеењето на правото, кое ги поврзува поединците и земјите-членки во една единствена заедница.

Како резултат на тоа, правниот поредок на Унијата претставува значаен инструмент за зачувување и за создавање мир. Правната заедница на ЕУ и нејзиниот основен правен поредок може да опстанат само доколку усогласеноста со тој правен систем и неговата заштита се гарантираат со двата камен-темелници: директната применливост на правото на Унијата и првенството на правото на Унијата пред националното законодавство.

Овие два принципа, чие постоење и одржување Судот на правдата решително ги поддржува, гарантираат еднообразна и приоритетна примена на правото на Унијата во сите земји-членки. И покрај сите свои несовршености, правниот поредок на ЕУ дава непроценлив придонес во решавањето на политичките, економските и на општествените проблеми на земјите-членки на Унијата.

Во овој контекст, треба да се апострофираат позитивните страни од членството во Унијата. Најпрво, може да се подвлече општиот економски и социјален развој стимулиран со стабилното политичко и економско опкружување, зголемената национална безбедност низ заедничкиот механизам на надворешна и безбедносна политика, можности да се учествува во

донесувањето на клучните одлуки за иднината на Европа и светот, достапност и отворен единствен европски пазар, еден од најголемите и најмоќни пазари на светот, предвидливост на деловните активности и намалување на ризикот, можност монетарната унија да придонесе за нов развоен импулс, зголемување на трговијата, следење на правилата за конкуренција како мотивирачки фактор, воведување нови технологии, нови производи, европски технички стандарди, нови можности за вработување на граѓаните, подигнување на нивото на животниот стандард на демократските и економски развиени земји членки на Европската унија.

”За Роберт Шуман обединета Европа не е само животен идеал туку, како што самиот вели нескршливо убедување, нешто на што вреди да му се посвети животот.” Човекот од границата” како што самиот се нарекуваше, се определи за Европа без граници, без омраза и војни[84].

На почетокот на 21 век, проширувањето е еден од њаважните предизвици, но и шанса со огромен потенцијал за Европската унија. Уникатна, историска можност за натамошно интегрирање на континентот на мирен начин, што ја проширува зоната на стабилност и просперитет кон новите земји-членки

Користа од вклучувањето на вака голем број земји во Европската унија е повеќестрана: политичка, економска и културна. Проширувањето на зоната на мир, стабилност и просперитет, ќе ја зајакне сигурноста за сите граѓани на Европа, проширувањето на единствениот пазар во услови на брз економски раст е нов поттик за економијата и можност за нови работни места и кај старите и кај новите земји-членки. Несомнено, квалитетот на живеење за сите граѓани на обединета Европа ќе се подобри.

Во современите услови, Унијата особено внимание посветува на животната средина, борбата против криминалот, дрогата и нелегалната миграција. Проширена Европа е побогата за нови културни вредности и разновидност, нови идеи и подобро разбирање за другите луге, проширена и посилна Европа ќе ја зајакне и позицијата на Европската унија како глобален фактор на светската сцена.

---

[84]”Борис Трајковски, 2003 година.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

- G. Batten (2012), MEP, *Freedom, Security & Justice? Or The Creation of a European Union Police State*, Publisher, Gerard Batten

- Б. Ванковска, (2008) „*Институции на Европската унија*", Филозофски факултет-Скопје,

- *Договор за функционирање на Европската Унија* (пречистен текст), објавен во Официјалниот весник на ЕУ бр.83 од 30.03.2010 година

-Т.Вејл (2009), „Европска политика: Компаративен вовед", Скопје, Академски печат;

- L Norman (2013), *Foreign Policy Puts Europe on Defensive*, The Wall street Journal,

- проф.Д-р Клаус- Дитер Боршарт, заменик шеф на кабинет, а потоа и шеф на кабинетот на комесарот за земјоделство од 2004 до 2010 година, „АБВ на Правото на Европската Унија'' 30 Март 2010 година.

- Европска комисија, Генерален директорат за комуникации, Публикации, „Ваш водич низ договорот од Лисабон", од 2010 година.

-Пол Крег и Грејн де Бурка (2010), „Право на ЕУ: текстови, случаи и материјали", Скопје, Магор

-Закон за Ратификација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските Зедници и нејзините земји членки (Сл.весник на РМ бр.28/2001)

-Белгија, Германија, Франција, Италија, Луксембург и Холандија) на 18 април 1951 година во Париз (Спогодбата од Париз) и со нејзиното стапување во сила на 23 јули 1952 година.

- *Клаус-Дитер Боршарт (2010), „* АБВ на правото на Европската Унија“Луксембург

- Резолуција за миграционата политика на Република Македонија 2009-2014година (Сл. Весник на РМ бр.06/09;

-В.Вајденфелд,В.Веселс,(2009),*Прирачник за европска интеграција*(EUROAPAVONAbisZ)Европа од А до Ш, Институт за европска политика, година

- Бендевски Т. (2001), “Право на Европска Унија“, Скопје Правен факултет при Универзитет “Св.Кирил и Методиј

- Ф.Лич (2010),“ *Поднесување на предмет пред Европскиот суд за човекови права* “, Скопје, Табернакул

- Ж. Клод Готрон, (2006),*„Европско право“,* прво издание

- Влада на Република Македонија - Секретаријат за европски прашања (2009), *„Преговори за членство во Европската Унија“,* Скопје јануари 2009

- Луксембург: Канцеларија за службени изданија на Европската Унија, 2010 *„Ваш водич низ Договорот од Лисабон“*

-Влада на Република Македонија (2011), „*Национална програма за усвојување на правото на Европската унија*“, Скопје,

-Европска комисија, Генерален директорат за проширување 2007, *„Разбирање на проширувањето, Политика за проширување на Европската Унија*

-Како работи „Европската унија“ - Прирачник за институциите на ЕУ наменет за граѓаните, Луксембург,Канцеларија за службени изданија на Европските заедници, 2003 година

- Договор за Европската Унија (пречистен текст) објавен во официјалниот весник на ЕУ бр.83 од 30.03.2010 година.
- www.europa.eu/lisbon_treaty/full_text/index_eu.htm

-mk.wikipedia.org/wiki/Европска Унија

- www.sobranie.mk/za-evropskata-unija

## КРАТЕНКИ

**ЕУ - Европска унија**

**ЕЗЈЧ - Европска заедница за јаглен и челик**

**ЕЕЗ - Европска економска заедница**

**ЕЗАЕ - Европска заедница за атомска енергија**

**ЕСК - Економски и социјален комитет**

**ДЕУ - Договор на Европската унија**

**ЕЦБ - Европска централна банка**

**ЕСЦБ - Европски систем на централни банки**

**ЕСП - Европски суд на правдата**

## ЗАКЛУЧОК ОД СПРОВЕДЕНАТА АНКЕТА ЗА ПРОЦЕСОТ НА ЕВРОИНТЕГРАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Анкетата за процесот на евроинтеграција на Република Македонија беше спроведена со 50 граѓани, кои го искажаа своето мислење врз основа на пополнетите прашалници.

Врз основа на спроведената анкета, на прашањето:

"Дали се запознаени граѓаните со развојниот пат на РМ кон ЕУ?"- 60% одговорија дека се запознаени, 30% дека малку се запознаени, а 10% дека не се.

На прашањето: "До кој степен се наоѓа РМ во процесот на евроинтеграција"? - мнозинството, односно 80% се изјаснија дека се запознаени, а 20% дека не знаат.

"Колку РМ е посветена на европската интеграција?", 40% одговорија дека е многу, а 40% малку, а 20% недоволно.

"Дали РМ има јасна евроинтеграциска стратегија?"- 30% од испитаниците одговорија дека има, 30% дека нема и 40% дека е недоволна.

""Дали РМ има капацитет за членство во ЕУ?" - 30% се изјаснија дека има, 30% дека нема и 40% дека е недоволен.

""Дали е битен регионот во процесот на евроинтеграцијата?"- 30% одговорија со да, 30% дека малку е битен, 20% дека не е битен и 20% дека многу е битен.

"Дали РМ влијае врз евроинтеграцијата на земјите во регионот?" - 40% одговорија да, 20% дека не влијае, 30% дека малку и 30% дека многу влијае.

На прашањето "Колку е стабилна политичката стабилност на РМ за евроинтеграцијата?" - 80% одговорија дека е малку, а 20% дека е многу стабилна.

На прашањето ”Што треба да стори РМ во процесот на евроинтеграција?” - 50% одговорија дека е потребно да се концентрира на политички дијалог, 30% дека треба да продолжи со реформите, а 20% да се посвети целосно на интеграцијата.

Перспективата на РМ во ЕУ, за 90% од испитаниците е неизвесна, а за 10% е извесна.

Врз основа на спроведената анкета за процесот на евроинтеграцијата на РМ, можеме да заклучиме дека народот е скоро целосно запознаен со патот на РМ кон ЕУ. РМ создава јасна евроинтеграциска стратегија, на економско поле како стабилна држава, сепак ја кочи политичката стабилност.

Интеграцијата на РМ во Европската Унија е стратешка определба. Истовремено, барем кога станува збор за Република Македонија, свесни сме дека членството во ЕУ не е некаков подарок, туку нешто што бара пред сè доследно спроведување на низа реформи кои ги опфаќаат сите сфери на општествено-политичкиот и економскиот живот, односно, целосно прифаќање на европските принципи и стандарди врз кои се темели ЕУ,

Динамиката на нивното прифаќање и имплементација, зависи од секоја држава поединечно, а со тоа и динамиката на нејзиното приближување, односно асоцијацијата во Европската Унија.

Да не заборавиме што сè се случува во регионот во изминатиов период, кога сите сме соочени со напливот на бегалци од Блискиот Исток, регионалната соработка денес е особено значајна. сите во регионот сме свесни дека само преку дијалог можеме да ги надминеме и билатералните спорови и недоразбирања. и со соработка да одговориме на предизвиците кои се можеби и дел од процесите на глобализацијата, а со тоа ќе можеме да обезбедиме европска перспектива на целиот регион,

Република Македонија, во овие процеси на регионална соработка дала и дава голем придонес.

Истовремено, поаѓајки од нашата определба за членство во ЕУ и НАТО, интензивно се работи на потребните реформи односно на целосна хармонизација со европските принципи и директиви. Потврда за ова доаѓа од Брисел, односно од Европската Комисија, која шест години по ред на Република Македонија и дава препорака за добивање на датум за отпочнување на преговорите со Европската Унија за полноправно членство. За жал, нашиот јужен сосед злоупотребувајки ја својата положба на полноправен член, го блокира процесот на нашето зачленување во Европската Унија, односно континуирано ни се повторува Букурешт, кога на самитот на НАТО Република Македонија беше блокирана од страна на Република Грција и не стана полноправен член на Алијансата заедно со Хрватска и Албанија, иако ги исполнивме сите услови. Со ова една членка на Европската Унија, членка на НАТО и членка на Обединетите Нации, перманентно ги крши основните принципи на Европската Унија, ги крши принципите на НАТО и принципите кои произлегуваат од документите на Обединетите Нации. Дури се оди до таму да не се почитува и пресудата на Меѓународниот суд во Хаг кој е дел од Обединетите нации, со која многу децидно и јасно е кажано дека Грција крши меѓународни документи и принципи со нејзината блокада врз мојата држава, Република Македонија, потенцира претседателот на Собранието на Република Македонија.

Тоа, делува фрустрирачки на целокупното македонско општество.

Иднината на Република Македонија и на регионот, е интеграција во Европската Унија. Република Македонија очекува од институциите на Унијата доследно да ги почитуваат принципите и условите за прием на нови членови во европското семејство, а тоа се таканаречените Копенхашки критериуми. Секако ова не се однесува само на РМ, туку и на сите аспиранти за членство во ЕУ. Затоа, со право очекуваме Брисел токму врз тие критериуми да го оценува напредокот на секоја држава поединечно

Очекуваме да престанат неаргументираните блокади или пак поставување на некакви дополнителни услови кои се надвор од Копенхашките критериуми и воопшто од принципите на Европската Унија и меѓународното право.

Не смее билатералните односи, прашања или пак наметнати билатерални спорови и разлики да бидат единствената причина за блокада или за напредок на било која држава во процесот на приклучување кон Европската Унија. Уште помалку, ако Европската Комисија шест пати по ред дава препорака за отпочнување на преговорите, односно отворање на поглавјата, а една држава членка става вето. Искрено се надевам дека Европската Унија ќе смогме сили и ќе го надмине ова во рамките на своите институции.

Се надеваме дека Грција ќе почне суштински да преговара за апсурдниот спор околу нашето уставно име наметнат пред 24 години, и искрено посакува другите држави од регионот аспиранти за членство во Европската Унија да немаат вакви проблеми со какви што се соочува Република Македонија на својот пат кон членство во Европската Унија.

Република Македонија останува посветена на својата стратешка определба за членство во Европската Унија и во НАТО Алијансата и дека ќе продолжи со потребните реформи и усогласувања со европските принципи и директиви и активно ќе учествува во сите процеси на регионалната соработка во Југоисточна Европа.